_М_ТН_СТ_
Н_
Н__СП_Х_Т:
_Ф_КТ_ВН_
СТР_НЦ_

УМЕТНОСТА НА НЕУСПЕХОТ: АФЕКТИВНИ СТРАНЦИ

Славчо Димитров
Уредник на зборникот и каталогот

Коалиција СЗПМЗ
Скопје
2014

ДА ПОСТАНЕМЕ ПОВТОРНО ОНА ШТО НИКОГАШ НЕ СМЕ БИЛЕ

Славчо Димитров

Сениште надвиснува и ја опседнува нашата сегашност - сенишетето на неуспехот, на скршените материјални светови, на загубата. Неговите призраци се впишуваат во скриените повреди врз телата на работниците опустошени од ефектите на економската криза и рецесија, и досегаат до домовите на семејствата чии тела треперат во грч на крајот од месецот. Привиденијата на неуспехот ги опседнуваат утробите на мажите кои подклекнаа пред нормативните социјални очекувања за родовите улоги, и имплодираат во болки од транзициската кастрација; духовуваат околу тромавите од истоштеност тела на жените кои како мираз, во преминот од домот на социјализмот во домот на немилосрдниот патријархален капитализам, го наследија розевото гето и бескрајните грижи за нега и утеха на своите деца.

Сенишетето на неуспехот кружи како густа и набиена афективна текстура позади загрижениот поглед на оние кои одбиваат, или не можат, и покрај фантазматското инвестирање, да се самопослужат на тањирот на канибалистичкиот монструм на адвертајзингот, оние кои не можат да ја потврдат својата стилска самодоволност со скриената експлоатација на комодитетите и фетишите на индивидуалниот успех. Неуспехот зрачи и од телата на мигрантите прегазени од возовите талкајќи по шините до “посветла иднина“, од лицата и во гневот на расните малцинства кои ја симболизираат назадноста и сопнувањето пред Западниот Модернитет и цивилизациските императиви на белиот буржуј. Неуспехот вриснува од ненормативните тела и телесни форми и потенцијали маркирани како попреченост неопходна за непопречената и насилна материјализација на јавните простори оформени во согласност со чекорите и потребите на “здравите“ и “нормални“ тела. Ги полни улиците со колективно организираните тела на сите граѓани сведени на статусот на вишок отпад во машинеријата на профитот; женските тела кои протестираат против железната рака на Фалусот надвисната над нивните тела

и совест; телата на пркосната младина која не успева да ги истрпи тортурите на компетитивниот пазар на трудот; уморните, анксиозни и депресивни тела приклештени од диктатот на флексибилноста, мобилноста и прекаријатноста на неолиберализмот.

Оваа книга претставува архив, мемоар, јавен дневник, токму на сеништата на неуспехот, на привиденијата на загубата, на трагите на скршени и раскинати материјални светови и социјалности. Како и секој архив, и овој е ограничен и селективен. Но, како и секој архив, отворен за иднината на мноштвени читања, допири, емоционални инвестиции, интерпретации и непредвидливи линии на поврзување, релации, идентификации и продукција на истории и колективи, од различни локации, низ различни искуства. Оваа книга, оваа изложба, овој проект ја изложува кожата нанадвор, кожата – палимпсест, испишана со проживеаните искуства на сите оние тела социјално маркирани како настрани, изопачени, девијантни, изроди, ненормативни, па дури и ненормални, или како квир (во рамки на англо-американската терминологија и политичко искуство), искуства кои се исцртуваат на маргините на нормативниот социјален простор како искуства на неуспехот да се отелотвори родовата и сексуалната норма, или пак нормата за достоинствен, легитимен, и вреден живот во рамки на капиталистичка хиерархиска скала и националната имагинација. Оваа книга се обидува да ги допре нежно, со топлина, љубопитство и почит искуствата на неуспех што ги обележуваат сите оние поединци кои не успеваат да се наштимаат на групната атмосфера и афективна мелодија која се создава како резултат на споделените вредности, интереси, шеги и емоционални инвестиции во малите кругови за време на пиењето попладневно кафе, гледањето спорт или пак ноќната забава. Оние луѓе кои гледаат во хоризонтот низ прозорецот, мечтаејќи за други љубови и интимности, додека семејниот ритуал ги репродуцира фамилијарните односи и очекувања, на трпезариската маса за време на ручекот. Сите оние ненормативни тела чиишто задоволства и желби, телесни интензитети и емоционални и фантазматски ориентации настрануваат од зацртаната линија на гениталниот секс, активната пенетрација и "истополовиот објект" на желбата. Во хетеронормативниот хоризонт на сегашноста, неуспешни се сите момчиња кои се гледаат

пред огледалото додека ги облекуваат фустаните на нивните мајки, ги користат шминките на своите сестри, или пак играат "ластик" со другите девојчиња на улицата. Неуспешни се сите оние возрасни момчиња и мажи кои задоволството го наоѓаат во анонимниот секс и отаде моногамната врска. Неуспешни се и извор се на несреќа девојките кои ги разочарале очекувањата и притисоците на средината и родителите и родителските проекции за среќна иднина: немажените, старите моми, "промискуитетните", неверните, лезбијките, дрег кралевите, буч лезбејките и машкуданките. Сите девојки кои настрануваат од фиктивното единство на полот, родот и желбата, и ја разбиваат неговата божемна кохерентност во оној момент кога ја одбиваат желбата кон "спротивниот" пол, кога не го претставуваат "понежниот" пол, кога перформираат или се идентификуваат со различни нијанси и варијации на машкоста која навидум и припаѓа само на телата на мажите.

Уметноста на неуспехот: афективни страници претставува архив на минатото и сегашност, мапа на насилните впечатоци на хетеронормативниот здрав разум кој ја организира нашата сегашност под императивот на успехот, и ја бара и ветува среќата која се добива како возвратен долг или како награда единствено преку усмерувањето на телата, желбите, аспирациите, напорите и трудот кон линиите истапкани и пропишани од параметрите на успехот изедначен со „напредокот, акумулацијата на капиталот, семејството, етичкото однесување и со надежта". Во овој присилен хоризонт на успехот, „останатите подредени ненормативни видови или противхегемониски видови на здрав разум придонесуваат неуспехот да се поврзува со неприспособувањето, антикапиталистичките практики, нерепродуктивниот животен стил, негативноста и со критиката."[i]

Уметноста на неуспехот талка низ просторите токму на сите оние индивидуи и колективи кои го отелотворуваат неуспехот да се репродуцира, следи и живее идеалот на хетеронормативниот здрав разум, а чијшто неуспех претставува конститутивна неопходност, на прво место, како во превртено огледало, овој идеал да се постулира како идеален. Прекршувајќи се пред вертикалата на успехот, настранувањето на родовите и сексуално ненормативни тела претставуваат индекс на неуспехот да се репродуцираат, не само

индивидуалните тела во интеркурсот на хетеросексуалниот идеал на двојката, туку, преку нив, и самата култура и политички вектори на моќ стабилизирани преку наметнувањето на извесен број постапки, гестови, форми и начини на живеење (хетеросексуалното семејство и моногамната двојка, на пример). Потфрлувајќи пред притисокот да се ориентираат кон објекти, светови и интимности проскрибирани како извор на нормалноста, удобноста, среќата и успехот, неуспевајќи да ја следат до крај фамилијарната линија на успехот, квир животите го фигурираат и понесуваат товарот на симболичкиот неуспех, на настраноста, на изродувањето, на негативност, несреќата и загубата. И нема ништо природно, ништо есенцијално и нужно во овој статус. Истиот претставува репрезентативна, дискурзивна, но и проживеана, материјална, телесна и емоционална структура во хегемониот симболички систем што родовата и сексуална ненормативност ја поврзува со настраноста, неуспехот и загубата.

Дезориентирани, со чувство на неудобност, неуспевајќи да ја почувствуваат удобноста на хетеронормативниот простор, без можност за утеха, односно за протегање и тонење во "топлината при соочувањето со светот кој веќе сме го прифатиле", а што „придонесува да се чувствуваме подобро"[ii], застранувајќи при репродукцијата на нормите како форми на живот, неуспехот на настраните, на родовите и сексуални малцинства, истовремено отвора и афирмира политички и етички алтернативи на живот, и продуцира поинакви ефекти. Дали можеме воопшто да замислиме колку е сиромашна, стерилна, некреативна, затворена и испразнета имагинацијата на културата која, во она што го означува како неуспех, не може да ја види сета игровита, мноштвена и разнолика иновативност која произглегува од маргиналните простори на ненормативните родови, полови и сексуални субјективитети: лезбијките машкуданки, буч лезбејките, bull dyke, кралиците, теткиците, нежните мажи, старомодните лезбијки, studs, daggers, diesels, стоун буч лезбијките, женствените лезбијки итн. Сите овие различни идентитети и практики на перформирање на родот укажуваат на дисеминацијата на родови варијации, сексуални практики, телесни стилови, и полови разлики, и ги предизвикуваат хетеронормативните критериуми за автентичност, оригиналност, нормалност и успе[iii].

Ако историската фигурација на настраните, на сите квир животи е означена со категориите на неуспехот и загубата, мораме истовремено да ја препознаеме и основната моќ на настраноста, како што ја разгледуваше Ив Сеџвик Косовски неколку децении пред нас, односно како "отворената мрежа на можности, јазови, преклопувања, дисонанци и резонанци, грешки и отскокнувања од значењето кога конститутивните елементи на нечиј род не успеваат да имаат монолитно значење"[iv].

Во едно интервју од 1981 насловено „Пријателството како начин на живот" Мишел Фуко предложува политичкиот проект што тој верува дека е можно да биде изведен во хомосексуалноста и нејзината маргинална позиција, односно социјалниот неуспех со кој истата е обременета. Ваквиот експериментален проект тежи кон десексуализација на ненормативната сексуалност, и пренасочување кон создавање на нови, непредвидени односи и субјективности. Во интервјуто, Фуко гледа на хомосексуалноста како можна општествена и историска прилика за новина, размножување и создавање на нови модалности во односите кон другите и кон себе. Да бидеме попрецизни, Фуко вели дека „хомосексуалноста е историска можност повторно да се отворат афективни и релациони виртуелности, не толку преку внатрешните квалитети на хомосексуалецот, колку преку предрасудите против положбата која ја зазема; на некој начин дијагоналните линии што тој може да ги повлече во општественото ткиво му дозволуваат да ги изнесе овие виртуелности на виделина"[v]. Повеќе од јасно е дека Фуко верува дека новите релациони виртуелности е можно да бидат развиени преку позицијата на хомосексуалецот и дека тие не треба да бидат поврзани на ниту еден начин со претходно постоење на некаква вродена природа на хомосексуалецот или на хомосексуалните односи. Контингентноста на неговата/нејзината положба и/му дава привилегија да ги извртува примените на моќ во насока на искористување на неговата/нејзината општествено и историски конструирана положба со цел да образува и создава односи кои ќе го поткопуваат хегемонистичкиот и стерилен поредок на сродство, брак и пријателство, или, уште повеќе, човечките односи општо земено. Контингентноста на неговата/нејзината положба е издигната до чист стасус на опозициона позиција наспроти императивите на

успехот и нормалноста, и на тој начин до опозиционен идентитет лишен од каква било суштина. Структурната позиција што хомосексуалноста ја има во актуелното уредување на знаењето и моќта го лишува од привилегираните форми на релационите системи и ги присилува хомосексуалците да пронаоѓаат, да смислуваат нови начини на состанувања, образување пријателства, организирање средби кои сè уште не се стерилизирани во односи на моќ што се подразбираат и во модели карактеристични за конвенционални хетеросексуални и полови врски. „Тие треба да измислат, од А до Ш, однос што е сè уште безобличен, а тоа е пријателство: тоа значи збир на сè преку што тие можат да си пружат задоволство“[vi].

За Фуко, *нелагодноста* што општествено ги обележува хомосексуалните средби претставува точка на отпор, и на тој начин ги надминува и ги разочарува изворните намери на хетеронормативната вистина и поредоците на моќ. Оваа нелагодност доведува до процеси на инвенција: шверц, кривини, необични врски, чудни места, тишини, дисидентификации, неименувани корпореалности и т.н., односно линии исцртани од овие состојби кои треба да бидат субверзивно присвоени. Фуко мисли дека токму ова ја прави хомосексуалноста „вознемирувачка“, а не природата на самиот сексуален чин. Можноста за пронаоѓање љубов, приврзаност и афекти на места и во односи каде тоа не е дозволено и каде се пропишани кодови, закони и дневна стража[vii].

Во оваа насока, целта на *Уметноста на неуспехот* е овие искуства на неуспех да се промислуваат и истражуваат како можност за креација на алтернативни линии на живот, нови форми на социјалност и сродство, пријателства, и модели на интимност и љубов. Губењето во неуспехот станува место за колективна пракса на отпор со која се отфрла и се одбива здраворазумското прифаќање на доминантната логика на успехот, како ефект на моќ и дисциплина. Во рамки на изложбата, сите овие ’негативни’ искуства на неуспех различно отелотворени во животите на маргиналните субјекти, претставуваат можност за преиспитување на доминатните модели и критериуми за општествено валоризирање и напредување на скалилата на општествен статус и легитимитет, односно на хегемониските императиви и норми кои дефинираат што се вреднува како животен успех, и

кој се вреднува како признаено човечко битие врз основа на овие норми.

Поаѓајќи од локациите на ’социјален неуспех’ овој проект скромно се обидува да ја иницира можноста за мислење на опциите и линиите на поинаква политичка имагинација кои произлегуваат, како што тврди Џудит Халберстам, една од основните инспирации за овој проект, со напуштањето на „безбедната зона на учтива размена, со цел да ја прифатиме вистинската политичка негативност, која, овој пат, ветува да направи хаос, да заебе, да биде гласна, непристојна, нељубезна, да сее огорченост, да проговори, да прекине, да изврши атентат, да шокира и да анихилира.“[viii]

Пишувајќи од полето на антисоцијалната квир теорија, Ли Еделман во својата книга *Без иднина* (застапен и во зборников), се обидува исто така да ги лоцира политиките на квир отпорот во фигуралната позиција на негативното на политичкиот поредок, како она што е отфрлено и нужно во и за основоположничкиот акт на фантазматскиот Симболички поредок. Мобилизирајќи го квир отпорот од ова место на теретот на фигуралноста што им е препишана на настраните во рамки на доминантниот и себерепродуцирачки поредок на фантазматските тотализации, Еделман смета дека настраноста го фигурира негативниот нагон за смрт (според Фројдовската концептуална шема), којшто е секогаш ексцесивен во рамки на симболичкиот поредок на потчинувањето под законот на значењето, означувањето и идентитетот. Еделман во овој терет на насилно пропишаниот статус на негативноста во репрезентациите на настраноста во хетеронормативниот политички поредок, го гледа она што не може да се асимилира и покори на барањата за продукција на фиксни значења, и како она што ја претставува дестабилизирачката сила и разрушувачкиот ексцес на Симболичкиот поредок, а која истиот веќе ја носи во себе, како конститутивна можност. Товарот на настраноста во оваа констелација би подразбирал да се прифати фигуралниот статус кој ја носи разрушувачката сила кон која и да било идентитетска и значенска логика, односно нагонот за смрт кон репродукцијата, нагонот кој а приори го исклучува секое фиксирање на идентитетот, вклучително и опозициониот идентитет. Статусот на настраните во рамки на фобичните дискурси е статусот на оние кои ја заземаат

страната отаде репродуктивниот футуризам и преживувањето на социјалниот поредок во фигурата на Детето, страната на сите оние кои се абјектирани и презрени, и кои ја отелотворуваат стигмата, страната без иднина, на она што е аномалија во однос на организирачките принципи на комуналните односи, на оние кои „го фигурираат абортирањето на реалноста“. Товарот на настраноста, одовде, не би бил во одржувањето на она што веќе сме, туку во разделувањето од она што сме, од сопствените идентитети, а со цел да се достигне фигуралниот статус како она што било исклучено од социјалниот поредок.

Прегрнувањето на неуспехот, инсистирањето на политичкиот потенцијал кој произлегува од социјалниот топос на неуспехот во проектов, нема за цел да го романтизира истиот и негативитетот, големото “Анти-“, туку да ги поттикне, разоткрие, навести и отвори енергиите и интензитетит за трансформација, изненадување, неодреденост, за неверојатното, невидливото и малку забележливото, што навестуваат поинакви цели и форми на живеење отаде асимилационата, нормализирачка и присилна логика на хетеронормативноста. Неуспевањето во нормативниот идеал, низ ракурсот на овој зафат, ги разголува скриените можности што ѕиркаат низ пукнатините на хегемониските поредок и ја демистифицираат немоќта во диспозитивот на моќта, виртуалните линии на лет и потенцијалот за поинакви социјалности, чувствувања, колективитети, солидарности, интимности и субјективитети.

Токму и затоа инсистирањето во овој проект уметноста да биде главниот модус на мислење, дејствување и критика. Уметничкото дејствување неизоставно нанесува извесен шок на хабитуираните сетила, на начините на кои чувствуваме, на механизмите на перцепција и видливост, на нашите капацитети за слушање на одредени работи, на врската помеѓу зборовите и значењата, и социјалните позиции и капацитетите и функциите кои се сметаат дека а приори им припаѓаат, на стерилизираните и истренирани емоционалните схеми итн. Тргнувајќи од претпоставката дека уметноста претставува праксис преку кој се генерираат алтернативни, ненормативни, очудени и иновативни модели на дистрибуција на сензибилното

(Рансијер), односно интервенција и трансформација на доминантните културни модели преку кои се санкционира и регулира перцепцијата, чувствувањето, мислењето и делувањето на/во заедничкиот свет, изложбата стреми кон ангажирање на ваквиот потенцијал на уметноста, а со цел да се понудат трансформирачки и субверзивни организации на заедничкиот, споделен свет. Доколку ја земеме предвид претпоставката дека уметноста претставува праксис преку кој се врши репрезентација на светот или различни светови (без притоа да го редуцираме овој постулат на репрезентацискиот или миметичкиот уметнички режим на класицизмот и неговите корени во Аристотеловската поетика, и сите пропратни хиерархии и нормирања во уметноста кои произлегуваат од истиот) преку ракурс кој ги разоткрива местата замрачени од политичката машинерија или ги претставува премолчените движења на секојдневието, уметноста нужно упаѓа во нашиот свет и нѐ повикува да ја погледнеме претпоставената реалност, па дури и низ оние очила кои можат да нанесат болка, во смисла во која секое изместување од баналната удобност е рана, но и отвор кон поинакви линии на дејствување.

Ана, трансродова личност и рок и блуз музичарка позната како Транирокс, која е во фаза на транзиција, во делото на Јане Чаловски *Ана. Норд* во рамки на оваа изложба го евоцира токму афектот на утописката надеж, надежта да се биде поинаку или да не се биде овде и сега, да се излезе од пештерата на сегашноста, да се биде невремен, надвор од линијата на стрејт темпоралноста која ни кажува дека оваа сегашност што ја имаме и што нѐ има е единствената возможност, единствената иднина. Неуспехот што го отелотворува нејзиното постанување, нејзиното одбивање на бинарниот полов систем, нејзината животна неизвесност пред насилните процеси на гентрификација што се испишуваат како траги од класниот неуспех врз родово амбивалентното тело, но и страдањето, депресијата и болката ефектуирани од овие удари на социјалната средина стануваат можност за креација, имагинација, и фантазирање на поинакви светови, алтернативни линии, очудени модуси на чувствување. Пркосот на нејзиниот панк-рок перформатив и музичка експресија е пркосот на “губитникот“ во релација со истоштувачкиот свет на патријархалниот капитализам и лажниот морал.

Делото на Чаловски на прецизен начин, уште во самиот наслов, го доловува конститутивниот антагонизам и хијазам на материјалната средина и чувственото тело. Ваквиот антагонизам не води кон консензуално или репаративно помирување, на таков начин што Ана би ги прифатила нужните притисоци на сегашноста и би се адаптирала на барањата на истата. Како и било можно воопшто помирувањето со насилството на освојувачкиот поход на капитализмот по нови пазари, јавни простори и човечки животи? Антагонизмот се впишува како мноштво на осети и сензации, притисоци и в-печатоци врз афективниот и телесен живот на Ана. Општествениот и урбан простор станува нејзино презиме. Но, истовремено, нејзината битка, нејзиниот отпор, отфрлање на општествената присила се впишува во делото на Чаловски и врз самата урбана референца, Норд, на тој начин што ова, навидум обично место, бидува населено со привиденијата на една поединечна егзинстенција и нејзините скршени фантазии, како флека крв, како крик, како трага која сведочи за една насилна историја на урбаната локација.

Утописката надеж која врие во социјалните простори на неуспехот ги одбива притисоците на политичкиот прагматизам. Утописката надеж на Ана е главниот маркер на настраноста, на квир живеењето. Надежта која оди рака под рака со неуспехот ја проблематизира и подкопува логиката на хетеронормативниот репродуктивен футуризам, односно иднината без разлика, затворена во себециркуларната нарцисоидност на хетеронормативниот хабитус и нејзиниот паланечкиот дух, и трепери пред неизвесноста на иднината која во себе го носи битствувањето - поинаку и можноста за поинаков свет. Како што тврдеше и Хозе Муњоз, еден од теоретичарите со чијашто мисла разговара интимно и интензивно овој проект, „овде и сега се затвор. Ние мора да стремиме, соочени со тотализирачкото организирање на сегашноста во сега и овде, да го чувствуваме и мислиме *тогаш* и *таму*. Некои ќе речат дека се што имаме се задоволствата на овој момент, но ние нè смееме да се помириме со овој минимален транспорт; мораме да сонуваме и создаваме нови и подобри задоволства, други начини на бидување во светот, и целосно нови светови. Настраноста е копнеж што нè турнува напред, отаде романсите за негативното и мачното во сегашноста.“[ix]

Зората на иднината на животот на Ана во делото на Чаловски

останова магловита, неизвесна, непозната, без одговор. Видео есејот на Чаловски не настојува да понуди никаков финален исход или наративна разрешница. Наративот или фигурацијата се исклучени, како што е исклучен и омнипотентниот дистанциран глас на уметникот. Низ интимен, долготраен разговор, Чаловски нè соочува со сингуларна егзистенција, со битие во постанување, и токму затоа наративната линеарност е отфрлена, а она што е понудено во делото е есеистичкиот пристап во кој Ана говори, се обраќа, мечтае, чувствува. Симулирајќи и реплицирајќи го обсервацискиот процес на кој е изложена Ана во процесот на ментална проценка за нејзината подобност за процесот на промена на пол, видеото на Чаловски ја первертира моќната позиција на одлучувач на психијатрискиот поглед, и го свртува како удар погледот и гласот на Ана како субјект во постанување кон нас. Она што можеме да го видиме се флуидни, фрагментарни делови кои не се заокружуваат во кохерентна целина и линеарна прогресија. Она што делото на Чаловски ни го фрла е мноштвен склоп на афекти, на искуства, на страдања, радости, знаења, перцепции, верувања, поигрувања, перформанси, и блокови на интензитети кои сведочат на хијазматската игра на општествените идеали, капиталистичката експлоатација, и патријархалниот норматив, од една страна, и виталната сила на утописката надеж да се биде поинаку и другаде, да се биде автентичен, без есенција и корени, автентичен како мноштвото сингуларни постанувања и себеразликувања, од друга страна. Територијализираната и целисходна транзиентност на општествениот простор, зграпчена во трезорт на профитот, корелира со идентитетската и перформативна транзиентност на телото на Ана. Вторава е ексцесивна, екстатична. Во последното видео во делото на Чаловски, музичкиот пејзаж на Тренирокс надвиснува над гентрификацискатa реконструкција на урбаниот пејзаж. Нејзиниот исход е непознат. Останува трагата на отпорот и бунтот, на одбивањето и надежта како сведоци за изборот на поинаква иднина, надвор од затворот на сегашноста. Непозната, но сепак, другаде.

Меѓутоа, неуспехот доаѓа со своја цена, афективна цена. Апстрактните односи на моќ и структурна нееднаквост, дејствувањата на идеологијата и следствениот систем на вредности, императиви и норми, според кои се организира социјалното позиционирање и

валоризирање на неуспехот, се проследени со соодветен историски сензориум, читлив врз телата на луѓето и нивните секојдневни, отелотворени искуства. Уметниците вклучени во овој проект настојуваат да ги разголат токму проживеаните и неподносливо болни инскрипции на моќта врз телата на малцинските субјекти, кои се исчитуваат во непрепознаените и невидливи секојдневни искуства на траума, и го исцртуваат затворениот и повлечен интимен простор на меланхолијата и депресијата, односно „бездната што тагата ја создава, на неискажливата болка која понекогаш, а често долготрајно, нè обзема се додека не го загубиме целокупниот интерес за зборовите, дејствувањеата, па дури и за самиот живот“[x]. Притоа, овие емоционални комплекси авторите во изложбата ги анализираат надвор од приватизирачките, психологизирачки и патологизирачки рамки, односно ги позиционираат како ефект на нееднакви социјални релации и односи на моќ, дискриминација и исклучување.

Шестминатa уметници на *Уметноста на неуспехот* ја рефлектираат претпоставката на Жил Делез дека „уметникот е оној кој покажува афекти, изумител на афекти, создавач на афекти, во одреден однос со перцептите или визиите што ни ги дава“[xi]. Притоа, афективните атмосфери што ги создаваат оваа група на уметници го претвараат изложбениот простор на поставката во густа, леплива, наелектризирана и интензивна афективна текстура која ги заштекува и агитира нашите нервните системи како на посматрачи и со-чувствувачи, односно ни овозможуваат да постанеме со нив, и нè опфаќат во составот креиран од различни материјали.

Синаптичките и висцерални ретериторијализации во кои нè втурнуваат делата од изложбата произлегуваат од интимните и еротски врски кои ги воспоставуваат помеѓу гледачот и сензорната архива што делата ја создаваат: архивата на историјата на квир животот, како историја на солзи. Архивот на настраните е архив на загубата. Белешки, материјали и афекти кои сведочат за срамот, исклучувањето, дискриминацијата, хомофобијата, тагата, страдањето, болката, депресијата, меланхолијата, стравот, жалењето, презирот, абјектноста, самопрезирот, зажалувањето, осамата и смртта. Она на што реферираат делата кога зборуваме за истории на загуба е изложеноста на телото, и загубата и лишувањето на нашето најсвојствено битствување – што е ништо повеќе од самата релационост

со другите. Архивот на загубата е архив на релации кои се потиснати и избришени од историјата. Оваа историја на загубата е веќе загубена како историја со самото бришење на архивите и релативното отсуство на сведочења. Но она што уште посилно ја маркира оваа удвоена историја на загубата во нејзиното губење, е загубата на релации, непрепознавањето, непризнавањето, хомофобичното пре-означување, и дехуманизирањето на релации на љубов, на грижа, на секс, релации на еротицизам, на допири, на пријателства. Она што го означуваме како загуба е исто така и загубата на еднаков пристап до сопственото тело, на релациите на телото со светот, на телото со еден цел спектар на културни ознаки, комодитети и продукти на човековиот труд. Загубата е загуба на можноста за стапување во односи и учествување во споделениот и заеднички свет.

Нада Прља во нејзиното дело во рамки на овој проект *Слика – Совршена суровост*, ги изложува токму насилните гестови кои се кријат во генеалогијата на загубата, загубата како загуба на можност за партиципација во светот, загубата на можноста за бидување-поинаку, на линиите на конекција на телото на исклучените и опресираните со социјалните и културни продукти и производство. Делото на Прља овозможува да ја прошириме политичката функција и социјалната позиција на настраноста и неуспехот отаде стриктните граници на сексуалната и родова настраност, и да продреме во афективната цена на суровоста со која се соочува ромската популација како етнички и расно другите во хегемониот македонски контекст. Социјалната локација на неуспехот во овој контекст станува местото на абјектното, на оние животи на кои им е налепен афектот на одвратноста, а кој им овозможува на насилните мнозински субјекти и хегемониот колектив да го изгради и ограничи колективното тело како она што се формира токму преку перформирањето на повторливото отфрлање на оние субјекти кои во колективната национална имагинација ја носат ознаката на “помалку човечкото“, опасното, заразното, гнасното, неуспешното. Нада Прља на овој начин ги демистифицира опресивните и насилни механизми на суровата удобност на мнозинскиот субјект и ја предочува опасноста и ризикот од непреченото насилство кога суровоста и повредувањето стануваат хабитуирани и нормализирани механизми преку кои се одржува

привилегијата и нормалноста на едните за сметка на животите кои се исклучени од дефинирачката рамка на човечки интелегибилното. Актот на суровост, на навреда, понижување, деградирање на Ромите во националниот контекст претставува последица и извор на континуираната дехуманизација. Односно, вербалниот или физичкиот акт во кој ромската жена се деградира и интерпелира со зборовите на стигмата и насилството сведочат, од една страна, за отсуството и неможноста болката и загубата што таквите акти ги нанесуваат да се перцепираат како загуба на прво место, а од друга страна и дека неразбирањето на можноста за болка и загуба претставуваат услов за непрепознавањето на животот како вреден да биде живеен, односно да биде препознаен како живот воопшто. Како што тврдат Батлер и Ахмед, загубите на абјектните членови на заедницата „воопшто не можат 'да се признаат' како форми на загуба, бидејќи настраните животи не се признаени како животи 'кои може да се изгубат'". Или непризнавањето на загубата, која ја трпат Ромите како исход на политиките на суровата нормалност, како загуба исто така претставува неуспех да се признаат ненормативните животи како значајни животи, вредни за живеење, или неуспех да се признае дека Ромите не претставуваат само пропаднати бели етнички Македонци кои не успеале „да бидат". Со оглед на тоа што нивното постоење се чита како форма на „неживот" – тогаш Ромите веќе се мртви и не можат да бидат повредени или да умрат[xii].
Во сличен контекст, делото на Прља ја изнесува историјата на едно насилство на површина, со тоа што овозможува да ги погледниме насилните акти на гнев, омраза и лутина кои зрачат од суровоста како резултат на вознемиреноста која ја нанесува ромското тело кога се појавува во социјалниот и јавен простор оформен според движењата, спецификите и потребата на доминантната телесна форма, телото на белиот етнички Македонец од високата или средната класа. Од една страна емоциите на одвратност што ги покажуваат Македонците кон ромските тела во јавниот простор разоткриваат специфична ориентација на телата, ориентација на *тргање подалеку од*, на *свртување од*, и *на одбегнување*, на *отфрлање подалеку* на "страните тела" во просторот. Овие емоции се резултат на прикриената историја на експлоатација и негативна јавна репрезентација на ромските тела, кои на тој начин стануваат леплив објект

обременет со негативните афекти, односно стануваат извор на одвратноста која ја прикрива својата историја на угнетување и му го препишува изворот на таквите емоции на ромското тело по себе. Од друга страна, можноста за појавување на оваа емоција и суровост воопшто произлегува од формирањето на белите македонски тела токму преку перформативното и повторено материјализирање на овие емотивни ставови, подмачкано и олеснето од организацијата на јавниот простор во согласност со нивните тела, јавниот простор кој им овозможува на овие тела да тонат и да се чувствуваат удобно. Со „ чувството на удобност, телата се протегаат во просторот, а просторот се протега во телата. Чувството на тонење повлекува простор без рабови, односно простор во кој не се забележуваат „шевовите" меѓу телата"[xiii]. Појавувањето на ромското тело кое не 'тоне' во просторот, кое неуспевајќи да ја отелотвори јавната удобност, така станува извор на неудобност, и мотив за анксиозна агресија.

Историјата на неуспехот на настраните е исто така и историографија на лишувањата од она што треба допрва да дојде, од виртуалните врски што едно тело би можело да ги состави. Загуба на она што сеуште не било имано, на она што некои сеуште не стигнале да постанат, на сржта на битието, на "со" кое ја прави нашата заедница и хоризонтот на идноста возможни. Тоа е загуба на јавните места како арена на кохабитацијата, каде што луѓето доаѓаат и се губат себеси во средбата со другите додека постануваат поинакви. Оваа историографија е скрипта на загубата на светотворните проекти и на слободата да се постане поединечен во плуралноста, а не да се биде ознака за болка и повреда. Уште пред да може да се конституира човековото достоинство, загубата е загубата на човечкото како она што егзистира надвор од себеси во полето на потенцијали и игри на сили. Архивот на настраните е архив на негативни и назадни чувства вкоренети како резултат на одземањето на потенцијалите за телесни екстензии. Оваа архива е архива на социјалните структури кои од назадноста и загубата на едни создаваат услови за својата репродукција и одржливост. Пишувањето на историјата на загубата е нужно пишување и на социјалните структури кои ги нанесуваат загубите, и одовде, историјата на назадноста е и историја на прогресот. Загубите кои се архивирани, на овој начин не претставуваат само набројување на лични тажења, емоции и афекти, иако се и тоа, сигурен сум.

Тивка ноќ на Ѓорѓе Јовановиќ, евоцирајќи ги социјалните пејсажи на Бројгел, ги разоткрива грдите и назадни чувства како индекси на социјална траума, како прикриена траума и затскриени секојдневни страдања на телата кои се лишени од својот потенцијал за интеракција, релација и трансформација. Мирната, повлечена, меланхолична и тивка афективна атмосфера во делото на Јовановиќ го преплавува интензивниот и густ социјален простор. Во најдлабоките сенки помеѓу социјалните размени на мноштвото социјални актери во обичното секојдневие, назираат, прикриените и исклучени од рамките на доминантните репрезентации, гестови на насилство и страдање. Тие ја претставуваат персонализацијата на општественото насилство и интимната страна на комуналното насилство. Поставувањето на сликите на страдање и насилство во незабележливите свиоци на градскиот живот, на Јовановиќ му овозможува да ги претстави невидливите сили на материјалната средина и опкружување како скрипти читливи низ афектите, кои ја имаат моќта да бидат симптом и да ги дијагностицираат историските ефекти на моќта и нееднаквоста врз телата. Реципиентот на делото е поканет да партиципира во самото дело, наместо да стои од страна како објективен посматрач. Тој/таа проаѓа низ социјалниот пејсаж, шета низ градските патеки. Но оваа прошетка бара посебна внимателност, исклучителен фокус, можен само доколку се изместат границите на нашата секојдневна перцепција. Како и малите незабележливи фигури во Бројгеловите слики, насилството во *Тивка ноќ* се затскрива во навидум малите и мрачни урбани катчиња, од другата страна на "дневната светлина". Урбаната мапа на сексуалното и родовото насилство, на овој начин се преклопува и поврзува со мапата на хетеронормативното неутрално секојдневие. Манифестацијата на баналниот секојдневен живот станува извор за согледување на страдањата и назадните чувства кои ја прават возможна неутралноста и непрекинатиот тек на ова секојдневие. Насилството станува флека врз хабитуираната перцепција на хетеросексуалната улица. Архивата на настраните чувства, на овој начин, станува архива на „сензорните искуства кои го манифестираат духот на времето"[xiv]. Тие ги дијагностицираат повеќекратните начини на коишто едно тело било блокирано и ограничено со смалувањето на неговите капацитети да влегува во релации и да креира светови кои претставуваат отворени асамблажи со други тела.

На овој начин, Јовановиќ му ја враќа меланхолијата на градот, а со тоа и конститутивното насилство на градот. Меланхолијата на настраните го опседнува градот. Меланхолијата која мора да биде избришана од рамката, како би бил воопшто возможен невознемирениот тек на баналноста и непопреченият прогрес кон иднината во која се репродуцираат структурите на хетеродоксата. Како што нагласува и Хедер Лав во текстот објавен во овој зборник/каталог, „токму штетните аспекти на минатото остануваат со нас, а самата желба да се заборави можеби е симптом на прогонување. Мртвите можат да ги закопуваат мртвите до бесконечност и пак да не завршат"[xv]. Меланхолијата која лебди во афективниот меѓу-простор создаден во релациите помеѓу тродимензионалните фигури поставени во просторот, сликите на насилство, сведнатите глави, засенчените лица, пригушениот сноп светлина и околниот мрак, во делото на Јовановиќ, ги прави видливи проблемите и тешкотиите на настраните, односно ги испишува состојбите на пасивност како индекси за несреќите кои произлегуваат од „генералната состојба на обструирано дејствување во однос на другите човечки актери или во однос на општественото како такво"[xvi]. Меланхолијата која се распрснува низ инсталацискиот простор, која демнее околу гестовите на секојдневниот социо-историски живот, кај Јовановиќ станува "структура на чувство" која ги рефлектира социјалните искуства кои „не мора да чекаат дефинирање, класифицирање, или рационализирање за да го извршат своето опипливо дејство и да постават ефективни ограничувања врз искуството и дејствувањето"[xvii], или социјалните искуства и пропратниот афективен тон во животот на малцинските субјекти и социјални актери.

Заглавеноста, застојот, парализата, недејствителноста, одбивањето на партиципација во секојдневниот тек на нормативната јавност, лепливоста на минатото како загуба, назадната приврзаност за отсутните и неостварени љубови, идеали, и социјалности, како ефект на меланхолијата, во рамките на овој проект се поставуваат како афективни интензитети со кои истовремено се одбива императивот за продуктивноста во национал-капиталистичката машинерија, се комеморираат историите на страдање и насилство избришани од усмереноста кон иднината на хетеронормативната фамилијарност

која се репродуцира и одржува присилно до недоглед, и се создаваат јавни светови и контракултури на тажење и визибилизација на неизговорливите и невидливите загуби.

Притоа, овој проект нема за цел да ја прикаже единствено субверзивната сила која произлегува од негативните афекти и назадните чувствувања. Од една страна, колаборацијата помеѓу сите нас во рамки на овој проект тргна со јасна идеја дека меланхолијата, огорченоста, самоомразата, загубата, жалењето, болката претставуваат амбивалентни афекти, и како такви го свртуваат телото на малцинските субјекти наназад кон минатото и загубените идеали, фантазии, соништа, пријатели и љубови, затворајќи го субјектот навнатре, кон себе, и ја суспендираат акцијата, го блокираат дејствувањето, односно го намалуваат капацитетот за активен ангажман кој би водел кон политичка трансформација. Односно, останува нејасно како овие назадни чувства можат да придонесат кон некаква релевантна политичка практика. Од друга страна, овие афекти можат да бидат лесно апроприирани од апаратите на угнетување и да станат лубрикант за непречена и одржлива експлоатација и релации на нееднаквост. Последново посебно важи за меланхолијата како ризичен извор на асимилација, односно како афективен механизам кој ги одржува либидозните инвестиции во загубените идеали, вклучително и нормалниот, препознаен и легитимен живот во светот уреден според прерогативите на хетеронормативноста и националното припаѓање, живот од кој настраните и ненормативните животи се лишени. Идентификацијата со она што не може да бидат, со она шти ги дискфалификува и отфрла, со пркосот и насилството на хомофобијата, односно мимикријата на хетеро-идеалното-ego кое е загубено, во процесот на незавршено жалење, или во динамиката на меланхолијата може да стане извор на асимилација со идеалот што настраните субјекти не успеваат да го исполнат, а со тоа и го губат[xviii].

Свесни за блокирачките и парализарачки потенцијали кои лежат скриени на границата помеѓу внатрешниот живот на афектот и надворешноста кон која истиот се раздиплува, но и која се здиплува во телото и ги генерира различните состави на чувства, уметниците во

изложбата се обидуваат да ги расветлат различните ефекти на тоа да се „има ‘дисквалификуван’ идентитет, кој понекогаш едноставно значи да се живее со повредата – а не да се поправи таа“[xix].

Работејќи со незавршените процеси на жалењето и меланхолијата, односно со одбивањето да се ослободи, да се напушти, да се заборави и да се преболи загубата, која се манифестира и како загуба на топлиот дом, на фамилијарната интимност, како загуба на абјектната женственост како можност за социјална и културна идентификација за геј луѓето, и загуба на никогаш изречените љубови, но и загуба на сите оние отфрлени од општеството и историјата, делото на Христина Иваноска во проектов, инсистира на враќањето на духовите на минатото и воспоставува интимен, љубовен, присен дијалог со нив. Во *Мајчице мила! Колку чудно е денеска сè!* Иваноска го суспендира, барем на момент, наративот за гордоста и прогресот со кој се карактеризира доминантната политичка рационалност на ЛГБТ активизмот, и се обидува да ја мобилизира оштетената и одбиена дејствителност во меланхолијата. Оваа афективна структура Иваноска ја гради со инкорпорирањето на керамиката како материјал за работа и моделирање, и асоцијативните евокации кои крамиката ги носи преку сликите за домот, мајката, бабите, декорирањето на домот, семејните вечери послужени во керамичките садови, од една страна, и повикувањето на историјата на квир уметничките практики кои ја користат керамиката како уметнички изразен материјал или кои ја адресираат меланхолијата, жалењето, ранливоста, смртта и трагите и загубата на другиот, како во делото на Феликс Торес Гонзалез.

Одржувањето на врската со загубените, одбивањето да се ослободат и напуштат загубените љубови, пријатели, соништа и идеали кај Иваноска претставува можност за градење на нов и етички однос кон минатото. Отаде дистинкцијата на Фројд помеѓу жалењето и меланхолијата, при што на вторава и го доделува статусот на патолошка појава во која субјектот е неспособен да го напушти и да се ослободи од загубениот објект, односно трајно е оддаден кон загубениот објект и го заменува своето его со загубениот објект, Иваноска во меланхолијата го наоѓа потенцијалот да се зачуваат трагите на другиот и да му се пркоси на заборавот на хетеронормативната култура. Со овој пресврт, и трудот на жалењето станува невозможен без

меланхолијата, односно се конвертира во незавршен процес во кој трагите на другиот, на загубените ја прогонуваат сегашноста и се отвораат кон иднината како можност за нови поврзувања и релации. Хетеросексистичката конструкција на жалењето како телеологизирано, целисходно и приватизирано разрешување со загубата, Иваноска го превртува и користи како извор за енергизирање на комунални практики и за формирање на колективи со кои се потврдува и удостојува постоењето на отфрлените. Сегашноста на квир субјектите се поврзува со една опсежна квир историја на загубата и неуспехот, а осамениот квир субјект се поврзува со фиктивното минато со што генерира „имагинарна кохерентност во рамки на искуството на хомофобични репрезентации и бришења, и општото историско искуство на распрснатост и фрагментација“, односно креира имагинарна кохерентност која го прави возможно опстојувањето во сегашноста и иднината која доаѓа. Жалењето на настраниот субјект кај Иваноска се деприватизира, со тоа што, од една страна, истото станува јавна и колективна пракса на жалење и обележување и комеморација на загубите, но и жалење не само за себе, туку и за својата заедница и историјата на која квир индивидуата и припаѓа, од друга страна. Во дослух со текстовите на Хозе Муњоз, Христина Иваноска меланхолијата и жалењето ги поставува како „механизам кој ни помага да (ре)конструираме идентитет и да ги понесеме мртвите со нас во различните битки кои мора да ги водиме во нивно име – и во наше име“[xx].

Како афективни странци во светот кој разуларено трча во потрагата по среќа како мерило и услов за успехот, меланхоличните и ожалостени настрани субјекти поставуваат критичка кочница за репродукцијата на поредок како што е, на поредокот кој се проектира во иднината стремејќи оптимистично кон успехот. Ожалостениот квир субјект одбива да зборави и да се адаптира, дотолку што адаптацијата значи да се ослободиш и да ги загубиш веќе загубените, да продолжиш во светот кој ти е веќе понуден како единствената можност за да бидеш среќен и да успееш. Одбива да успее дотолку доколку успехот претпоставува да се следат структурираните и структурирачки структури на хабитуираниот хетерохоризонт. Нивното вртење наназад, како Орфеј и жена му на Лот од библиската

приказна, е назадност која боли, затоа што боли сеќавањето на загубата и боли одлепувањето од удобните модели на живеење и линии на среќа и опстанок. Вртењето наназад за колективот на ожалостените настрани лица е можност за настранување од линијата и здраворазумските схеми, можност за градење на нови врски и поинаква иднина, иднина на поинаков свет. Но, од друга страна, жалењето и меланхолијата разоткриваат една потисната историја конститутивна за нашето постанување субјект и за нашиот идентитет. Ова разоткривање што го носат меланхолијата и жалењето ги подриваат најрадикално темелите врз кои почива императивот на успехот – самостојниот, независен, автархичен, решителен, самодостатен, непентрабилен и непробоен субјект на патријархалниот капитализам.

Имено, парадоксот кој лежи во сржта на жалењето е дека само невозможното жалење може да биде вистинско жалење, затоа што отсутниот друг никогаш не може да биде интериоризиран, никогаш нема да може да биде зграпчен и да биде дофатен во неговото отсуство. Отсутниот друг е жален единствено преку трагите што остануваат, а овие траги се исто така она што ние го жалиме кога се поврзуваме со нашето минато. Жалењето е секогаш врска со минато кое никогаш не било присутно и кое секогаш е впишано во иднината која доаѓа од остатоците, од другиот[xxi]. Се жали другиот кој доаѓа од минатото, оној другиот кој го нема повеќе, кој не е веќе присутен и кој никогаш не ни бил присутен. И овој друг ме прави мене возможен. Мојата возможност се конституира единствено во трагите и во остатоците кои ќе се пресретнат во иднината. На овој начин, ние се втурнуваме во ограничувањето на нашата нарцисоидност, додека сфаќаме дека, што и да правиме, не можеме да го преиспишеме другиот повторно во животот, да ја преправиме историјата за таа сè уште да биде со нас. Таа е замината. Во нејзиното отсуство го чувствуваме влијанието на другоста. Оваа другост на другиот која е впишана, означена во трагите е она што го конституира тоа „во“ од „внатре во“ мене. Друсила Корнел ја изразува оваа логика на субјектот најконцизно, велејќи дека „субјективноста не се конституира во сегашноста, ниту, пак, субјектот постои како присуство во себе и за себе. Напротив, субјектот се собира себеси во чинот на сеќавање на Другата во себе; Друга, која е отаде сеќавањето, затоа што таа останува друга. И покрај ограничувањето на меморијата, сеќавањето

на минатите нешта е приказната на субјектот, единствената која таа може да ја каже... субјектот станува себство единствено во можноста и преку можноста за жалење“[xxii].

Она што загубите го изложуваат е експлоатацијата и насилството врз телесната изложеност која нè конституира сите нас подеднакво. Загубите ги изложуваат начините на коишто телесната отвореност кон надворешната околина била в-печатена. Самиот идентитет на настраните, геј, лезбејскиот, трансродовиот, бисексуалниот, женскиот итн, е невозможен без овие примарни абјекции и негативни акции на моќта. Идентитетот ја претставува ретроспективната рекуперација на телесните и психички штети и можности кои ја рефлектираат цената на социјалното исклучување и вклучување. Идентитетот е знак за неуспешната или реализираната релација, стерилизиран во постојните рамки на препознавање. Идентитетот, одовде, не би бил маркер на нечие вистинско себство или суштина, туку, многу повеќе, слика на трагите од релации, генеалогија на контакти, средби и допири, и ограничувања во однос на другите тела. Идентитетот е индикатор за нечија ориентација кон светот акомулирана како историја на релации кои биле блокирани или одржани, фетишизиран спектакл на допири и размени. Идентитетот на настраните, и сечиј друг, е мапа на инскрибираните емоционални скрипти, форми на афективно спознавање сместени во телото, а кои го ограничуваат полето на можни релации кои некој може да ги воспостави со светот кој го дели со другите. Расипаниот идентитет е знак на расипани и уништени социјалности, на лишувањето од можноста да се биде-во-заедништво.

Скорешните дебати во рамки на квир теоријата и квир активизмот[xxiii] ја претставуваат настраноста како социјално врзана за оние чијшто идентитет е центриран и конституиран околу искуствата на срам и практиките на перформативност како стратегии за „производство на значења и битствување во релација со афектот срам и поврзаниот факт на стигмата“[xxiv]. Сеџвик го поставува афектот на срам како изворно вклучен во чувството за дистинкција и идентитет. Срамот го означува активирањето на афектот предизвикано од проекцијата на идните негативни последици за телото кое дејствува, како понижувањето, насилството, исклучувањето, чувството за

несоодветност и социјалното отпаднишство. Сеџвик нагласува дека себепозиционирањето во релација на афектот на срам не претставува приврзаност за обезбедена суштина, туку го означува местото каде што „прашањето за идентитетот се покренува најизворно и на најрелацион начин“, и каде што идентитетот се подложува на „работата на метаморфоза, преврамување, рефигурација, трансформација, афективно и симболичко полнење и деформација“[xxv], како она што ја создава можноста за прочистивање и затворање без суштинска претпоставка за некакво битие“. Афектот на срам ја отвора играта со идентитетот преку двојното движење, како кон абсорпција навнатре, така и кон перформативна театрализација нанадвор, кон публика, што по себе отвора можности за дизидентификација и трансформација[xxvi].

Уметноста на неуспехот: афективни страници заглавува токму на ова место, местото на срамот како конститутивен за идентитетот на квир луѓето, и како локус на трансформација, изложување, трансфигурирање и превреднување на искуствата означени како срамни, искуства кои стремиме да му ги возвратиме на светот кој ги исклучил како удар, како татнеж во сржта на неговата лажна моралност. Заедниците на настраните генерираат простори на маргинализација како страни за нови социјалности организирани околу споделувањето на социјалната абјекција и срам. Овие споделени места и светотворни проекти центрирани околу заедништвото во бидувањето отфрлен, како што пишува Мајкл Ворнер во неговиот текст во зборников, претставуваат „*салон на отфрлените* (*salons des refuses*) каде што заедничкото искуство да се биде презрен и отфрлен од светот на норми, кои сега ги согледуваме како лажен морал, придонесува да се зближи најхетерогената група на луѓе“[xxvii]. Она што настраните го препознаваат еден во друг не е трага од споделен идентитет или суштина кој би се раздиплувала во процесот на социјализација и политичко организирање, туку заедничкото искуство на изложеност и срам.

Делото на Иваноска тргнува токму од овие искуства на срам помеѓу настраните и ги враќа како алхемизирано злато и сјај кои му пркосат со своето постоење на светот на лажниот морал и маскулинистичко насилство. Иваноска како да ја евоцира идентификацијата со “женственоста“ како културен жанр и дискурзивна пракса

која останува неизречен знак во животот на многу геј мажи, исто како и женската маженственост како засенчената историја на многу лезбијки. Да не ги ни споменуваме мноштвото практики на родова транзитивност кои се отелотворени помеѓу цел спектар на настрани индивидуи и колективи. Прекршувањето на родовиот бинаризам и маскулиниот монопол е практика и искуство кое е сеуште силно подложно на понижување и обезвредување, не само во стрејт културата, туку и во рамки на современата квир култура[xxviii]. Оваа конверзија и прикривање на секаков знак на женственост или родова "девијантност" во името на респектабилност и нормализација стана главна стратегија на справување со историските хомофобочни репрезентации на хомосексуалноста како родова инверзија или патологија. Иваноска во своето дело во рамки на оваа изложба, ја применува стратегија на квир перформативност како реапропријација и театрализација на идентитетски абсорбирачките и затворачки искуства на срам поврзани со родовото дисидентство, и од истото креира удар на отпорот кој одбива да ги прикрие или конвертира своите родови настраности и премини во знакот на родовата нормалност. На овој начин, можноста за настранување и пркос за хетеронормативното општество е отворено преку повтореното и трансформативно одигрување и перформирање на срамните елементи од искуството, како модус за креирање на поинаква дистрибуција на сензибилното и востановување на настрани хоризонти на видливото и изречивото, на нови модуси на релации, и фигурирање на различни и ненормативни зони на еротицизам и о-родување.

И Иваноска и Велимир Жерновски во своите дела се задржуваат на историите и искуствата на абјектот како колективен емоционален, социјален и политички модел на егзистенција на настраните. Радикално издвоениот, гнасен и отфрлен објект на зазорот-абјектот, кој кај Кристева ја означува нарцистичката криза внатре самиот субјект, како нелагодноста на Другиот тампониран оттаде територијата на егото во мрачниот континент на несвесното, во нивните дела претставува ефект на социјалната моќ и фигурација на релациите на моќ со кој се обележува маргинализираната општествена егзистенцијата на настраните. Абјектот за Иваноска и Жерновски ја означува споделената социјална положба на понижување, срам и деградација која го носи потенцијалот на трансмутација,

трансформација во една егзалтирачка состојба на среќа и спиритуалност, како светост спротивна од онаа во рамки на христијанството. Ова первертирање на абјектот произведува ефекти спротивни од првичните. Во моментот кога понижува, абјектот и воздигнува. Анти-социјална во основа, оваа светост е своевиден аскезис и бара истанчен однос на субјектот кон самиот себе. Иваноска овој ефект го постигнува преку, скоро кичестото, хипердекорирање и позлатување на керамичките садови кои ги изложува, и користењето на мотиви од христијанските фрески во македонски контекст, како ореолот на Св. Апостол Павле претставен на икона од XV век од црквата „Св. Ѓорѓи" во Струга кој наликува на чипка мајсторски исплетена од срма или изработен од тенка позлатена жица, поставена во контраст со испостеното, измачено и зеленикаво лице на светецот. Еден од садовите е превртен зошто отпечатоците на тупаници втиснати во сеуште меката глина треба да бидат „невидливи" за *другиот*. Како што нагласува Иваноска, „гордоста ја анулира болката, а срамот е проголтан. На видливата површина само раскош од бои".

Во делото *Однасловено: Распетие*, Жерновски се надоврзува на својата серија дела под наслов *Однасловено*, и нè вовлекува во светот на микродвижења и неискажани афекти и страдања, срамни за претензиите на маскулниот, самодоволен, горд, самостоен и со достоинство обележан настран субјект. Искуствата на срам, болка, страдање, понижување во неговото дело ја преземаат христијанската симболика и истата ја первертираат во насока на нејзина демократизација. Односно, страдањето и статусот на светост се симнува од тронот на христијански оркестрираниот морал и се распределуваат низ социјалните топоси на оние чијашто настраност во општествената хиерархија им го одзема легитимитетот на човечки суштества, и на тој начин, ги лишува од препознавање и признавање на нивното страдање, загуба и болка. Распарчените и неуспешни соништа, фантазии, мечти, желби и аспирации на малото "девијантно" дете, и следствените афекти на тага, меланхолија, абјект, жалење, срам, во делото на Жерновски ја заземаат формата на одереното и распнато говедо, на распарченото тело проткаено со интезитети на афекти и сензации, на силите на трагичното. Но ова распната

говедо е распнато меченце од детската соба на игра и мечти.

Од една страна Жерновски ни претставува универзален услов, во кој одекнуваат зборовите на Френсис Бејкон кога вели „секогаш сум бил трогнат од сликите на колење и месо, и за мене тие му припаѓаат на Распнувањето...се разбира, ние сме месо, ние сме потенцијално мрша. Кога одам во кланица секогаш мислам дека е изненадувачки тоа што не сум јас таму наместо животното„. Но, од друга страна, Жерновски ја прикажува месарницата како одерените соништа и распнатите тела на едни, на настраните, како услов за удобната гозба, за спасението на другите, хетерохегемоните. Како и кај Бејкон, месото е главната точка на идентификација за Жерновски. Месото не е „мртва плот; тоа ги задржува сите страдања и ги презема сите бои на живата плот. Тоа манифестира силна конвулзина болка и ранливост, но исто така и восхитувачка инвенција, боја и акробатика...секој човек кој страда е парче месо“[xxix]. Распнатото тело во болка кај Жерновски е трансфигурирано во сјајно, златно, гламурозно тело. Трансцендирајќи ги социјалната опресија и понижувањето во “перверзна“ егзалтација, примерот на Жерновски го отвара хоризонтот на заедничката еротска солидарност помеѓу злоупотребените и стигматизираните со општествениот срам. Алхемијата на објектот ги генерира условите за борба што „се случува не во психата, туку во полето на социјалната моќ“[xxx]. Стравот и ужасот стануваат предмет на ерото-спиритуална трансфигурација во отпор и желба која ја изместува оптиката на самоперцепцијата на настраниот субјект и на неговиот однос кон хегемонијата на културниот поредок. Солидарноста и себе-трансформацијата преку духовниот аскетски труд кои произлегуваат како резултат на трансфигурацијата на искуствотот на објектност, страв и ужас претставуваат политичка опција која се карактеризира со отпор кон политичкото нормирање.

Алехмијата на објектот е всушност опција за трансцендирање на срамот[xxxi] и понижувањето со коешто живеат сите општествени губитници, и можност да се генерира среќа и задоволство од сопствената егзистенцијална позиција. И во крајна линија, ваквиот аскезис и грижа за себе ја отвора сексуалноста кон множеството извори на задоволство, љубов, експеримент и инвентивност по површината на телесноста и плуралитет од афективни релации кои би ја

интензивирале идната можност за креирање и на други стратегии за превенција и отпор против дисциплинарните и регулаторни апарату-ри на моќта. Како што тврди Сара Ахмед во *Настрани чувства* (види во зборников), „родово и сексуално ненормативните тела се „здружуваат“ во просторот преку задоволството на отворање кон други тела. Ваквите настрани здружувања повлекуваат форми на активизам; начини повторно да се освои улицата, како и просторите, како што се клубовите, баровите, парковите и домовите. Надежта во квир политиката е дека зближувањето со другите, кои ни биле забранети, нè води кон поинаков начин на живот со другите. Овие можности не се поврзани со слобода од нормите или постоење надвор од кругот на размена во рамките на глобалниот капитализам...Затоа квир-надежта не е сентиментална. Таа е афектна токму во очи на упорноста на формите на живот кои опстануваат во негативната поврзаност со ‘не’“[xxxii].

Точно би било да се каже дека емоционалната и фантазматска инвестиција во заводливоста на сјајот и златото на гламурот кој ги опседнува нашите сетила ја фабрикува моќта на залажувањето и недофатливите реалности[xxxiii]. Но истовремено, заведувајќи ја имагинацијата во друг, поинаков свет, гламурот во специфичниот контекст на социјалните отпадници и настраните колективи е мапа на сиромаштијата на можности во светот на хетерофашизмот и неговите тотализации, и истовремено проблесок на утописката надеж. Во егзистенцијата обележана со постојана несигурност, истоштеност, недофатливост и минливост на релациите кои ги градат квир луѓето, гламурот претставува пресвртена слика од трајни објекти и слава кои можат да се задржат, свет без неволја. Она што е невозможно во затворот на сегашноста, станува возможно во еден друг валидирачки свет. Она постоење кое е оневозможено и непризнаено во тотализирачката присила на хетеронормативниот здрав разум, добива своја имагинарна форма на друго “јас“, друго возможно и афирмирано постоење. Како продукт на селекција и контролирана организација на сетилните елементи во заводничка и сјајна структура, квир гламурот му пркоси на секојдневниот ризик и бавната смрт низ која проаѓаат квир животите. Конечно, плунката на срамот, ја трансформира во извор на задоволства. Златниот сјај на одереното месо

и крвта кај Жерновски, влегува во дијалот со керамичкиот сад на Иваноска која го цитира Делез реферирајќи на Ниче, кога укажува дека секоја уметност, трагичната вклучително, е уметност на среќа и радост. Гламурнозноста изведена алхемиски од болката и ја одзема моќта на хетеронормативноста да повредува, и креира задоволство и уживање токму од оние искуства поради кои таа настојува да нè повреди.

Гламурот и се смее на насилните гестови на моќта и ја доведува до лудило, наслаДувајќи се онаму каде што треба да се плаче и страда, каде што треба да се покаже доминацијата и привилегијата на здраворазумската хегемонија. Среќата во ничеанското трагично се состои во моќта на трагичното исксутво да ја покаже кревкоста на сите системи, на сите темели, на сите искуства. Да ја прекрши онтологијата на сегашноста преку ударот на изненадувачката контингентност на постоењето, и на тој начин да отвори хоризонт за можноста да се биде поинаку. Гламурозното осветување на трагичното искуство не означува, во овој случај, мазохистичко уживање во сопственото страдење и болка. Напротив, тоа сигнализира ослободување од повредата и понижувањето. Како што тврди Халперин во неговиот текст објавен овде:

„Абјектноста не се однесува на преминување на прагот зад кој болката се претвора во задоволство. Не се однесува на уживање во подлегнување на доминација. Далеку од тоа да ја воспева доминацијата, абјектноста достигнува духовно ослободување од неа со тоа што ги прави нереални нејзините понижувачки ефекти – со тоа што ја лишува доминацијата од нејзината способност да го унижи субјектот и, така, да му украде дел од неговата реалност. Како последица на тоа, општественото прогонување губи дел од својата уривачка моќ и го менува своето значење (омразата е преобразена во љубов). Само откако доминацијата била победена со нејзино преозначување, таа може да се преобрази во средство за постигнување блаженство“[xxxiv].

Фокусот што Велимир Жерновски го става врз телото како ултимативната точка во која се прекршуваат силите и интензитетите од

социјалните интеракции и отвореноста на телото кон светот на другите, ни овозможува, во манирот на Бејкон, клучната референца во делото на Жерновски, да го видиме дејството на невидливите сили врз телото“[xxxv]. Телесната површина одовде станува услов на нашата конститутивна можност во моментите на изложеност кон допирите на другите, но исто така и на нашата невозможност, нашата ранливост во просторот на кохабитација со другите, просторот каде што се стекнуваме со социјален статус и каде што стануваме распетлани во моментите на загуба и насилство. Тоа е меѓу-просторот, прагот од каде што надвиснува неантиципираниот, понекогаш застрашувачки, хоризонт на промената и трансформацијата.

Искуствата на “настраните“, на родово и сексуално ненормативните малцинства, од оваа перспектива се трансформираат во проживеани искуства на релационоста, во оние инстанци кога истата е скршена, разрушена, инстанци на неуспех, но исто така и на шокирање на хабитуираните телесни капацитети и схеми, како истанци на постанување и трансформација. Оваа перспектива цели да ги задржи искуствата во малцинските ситуации, како оние моменти во кои се чувствуваме дезориентирано и го чувствуваме најсилно ударот кој произлегува од кревкоста на социјалните системи, моментите во кои колективните и национални ветувања за исполнување и комфорт не успеваат, се рушат, и она што го разоткриваат во таквите моменти е нашата гола изложеност во светот во кој сме препуштени сами едни со други. Притоа, решително, задржувајќи ја свесноста и нужноста од политичка акција која ќе ги адресира и подрие нееднаквите дистрибуции на ранливоста и изложеноста. Овие проживеани искуства сведочат за нашата изложеност на интензитети и сили кои нè изместуваат од удобноста на нормативната и социјална телесност, и од неподносливата леснотија на непрекинатите екстензии во веќе истапканите и препознатливо почувствувани простори. Тоа се искуства на изложување на кожата - *expeausition* (skin-show) - како појавување во светот на отвореноста, како свртеност кон неисцрпните премини на прагови и афективни девијации предизвикани од допирот на другите. Овие искуства може да создадат ситуации кои ќе ја растетераат цврстата основа на хабитуираната актуелност и на нормативните оперирачки секојдневни животни движења, а со

тоа да и нанесат удар на нашата свест за светот како отворен и незавршен, светот како невозможност да се биде положен во фиксните значења кои им ги препишуваме на нашите чувства и тела, како и релациите во кои тие се способни да влезат.

Настраната перформативност на тој начин би се состоела, не во одмаздата на идентитетот формиран како означен остаток од срамот, односно расипаниот идентитет, туку одмаздата на виртуелното коешто било оневозможено и подложено на насилство, релационио ураган како основниот услов на нашето отелотворено битствување. Ако постои можност да кажеме “ние“, оваа можност би била најдена во минималната универзализација на нашето заедничко искуство на изложеност и бидувањето-заедно, двојното искуство на ранливост и трансформативност кои се испресекуваат преку човековото тело како она што нè изместува нанадвор, екстатично, покрај себеси. Во дослух со Џудит Батлер, можеме да речеме дека новата имагинација за заедницата може да тргне токму од овие места каде што сите сме распетлани и разглобени едни од други, и каде што ја споделуваме загубата и ранливоста, каде што жалењето не може да биде завршено, каде што не можеме да се обновиме нити себеси нити релациите кои се загубени, а кои нè одржуваат на фундаментален начин. Замислувањето на заедништвото, одовде, би ја „афирмирало релационоста не само како дескриптивен или историски факт за нашето формирање, туку и како постојана нормативна димензија на нашите социјални и политички животи, при што би биле присилени да ја земеме предвид нашата меѓузависност (...) примарниот начин на којшто сме, како тела, надвор од себеси и еден за друг“[xxxvi].

***

Дизајнот на оваа книга е син и настран. Неда Фирфова во ова последно дело на проектот, успева да ни го запее синилото на блузот на Трансирокс, да нè поплави со меланхолијата во скришните ќошиња од градот, да нè закачи на чингелот на кој висат распнатите детски соништа на малите девијанти, да ја вознемири нашата удобност од игнорантското и сурово шетање и возење низ улиците на градот, да нè врати во детството на нашите копнежи и да ни ја

долови сликата на нашата оштетена сегашност. Ова книга е депресивна книга. Книга на/за меланхолици. Книга на/за губитници. Оваа книга е сина како ослепувачкото синило на Дерек Џарман во последните мигови од неговиот живот. Оваа книга сведочи за загубите избришани од хоризонтот на нормативната иднина и репродуктивниот футуризам на хетеросегашноста. Дизајнот на Фирфова нè повикува на игра. Играта е “бесилка“. Започнувањето на оваа игра подразбира согласност да ги видиме празнините, гласовите и деловите кои недостасуваат, кои се избришани, пригушени. Не нè остава рамнодушни. Оваа книга е напишана во фонт стар колку и сите оние кои не се повеќе меѓу нас; евоцира едно загубено доба, време кое го бришеме во стремежот со оптимизам кон иднината, стремеж во кој се срамиме од сопствените срамови, болки, повреди. Фонтот на книгата нè враќа во времето кое сеуште нè опседнува, времето на насилството, на затскриените трауми, на стравовите, себеомразата, на тагата. Времето пред Стоунвол.

Но оваа книга, овој дизајн на Фирфова е и милитантна, гневна, бесна, лута, бунтовна, дисидентска книга. Буквите кои ги популнуваме водат кон поинакви хоризонти. Овие хоризонти се иднината на гласовите кои се избришани, кои изникнуваат, не од светлата страна по завршувањето на играта, туку, токму од ознаките на неуспехот, на туѓувањето во светот на нормативната чувственост. Хоризонтот на настраноста проблеснува токму од мноштвените варијации на нашето синило, на нашиот блуз, од тешко видливите и мачни за препознавање вдлабнатини и нијанси. Дизајнот на Фирфова укажува дека нашиот срам е нашето оружје, нашиот неуспех е нашето искуство од кое можеме да направиме неред во овој тотализирачки и загушувачки поредок. Од нашата ранливост и нашата изложеност се креваат никулците на она што никогаш не сме биле, можноста да постанеме повторно она што никогаш не сме биле. Неочекувано, понекогаш ранливо, со болка, изненадувачки.

МИЛИТАНТНОСТ, СЕ РАЗБИРА, НО ТОГАШ И ЖАЛЕЊЕ ИСТО ТАКА: ЖАЛЕЊЕ И МИЛИТАНТНОСТ![xxxvii]

Белешки:

i Види го текстот на Џудит Халберстам објавен во зборников

ii Види го текстот на Сара Ахмед објавен во зборников

iii Halberstam, Judith. *Female Masculinity*. (Durham and London: Duke University Press, 1998)

iv Sedgwick, Kosofski Eve. “Queer and Now” во Sedgwick, Kosofski Eve. *Tendencies*. London and New York: Routledge, 7

v Foucault, Michel. “Friendship as a Way of Life” во *Foucault Live. Collected Interviews, 1961-1984*. Ed. By Sylvere Lotringer (Semiotexte, New York: 1996), 311

vi ibid., 309

vii ibid.

viii Види Џудит Халберстам во зборников

ix Munoz, Esteban Jose. *Cruising Utopia: The Then and There of Queer Futurity* (New York and London: New York University Press, 2009), 1

x Кристева, Јулија. *Токати и фуги за другоста: зборник текстови* (Скопје: Темплум, 2005), 119

xi Делез, Жил и Гуатари, Феликс. *Што е Филозофија* (Скопје: Култура, 1996), 208

xii Види го текстот на Сара Ахмед во зборников

xiii Види го текстот на Ахмед во зборников

xiv Види го текстот на Ен Цветковиќ во зборников

xv Види го текстот на Лав во зборников

xvi Ngai, Sianne. *Ugly Feelings* (Cambridge: Harvard University Press, 2005), 3

xvii Williams, Raymond. Marxism and Literature (Oxford and New York: Oxford University Press, 1977), 132

xviii Види Crimp, Douglas. “Mourning and Militancy” во Crimp, Douglas. *Melancholia and Moralism: Essays on AIDS and Queer Politics* (Cambridge and Massachusetts: The MIT Press, 2002)

xix Види го текстот на Лав во зборников

xx Munos, Esteban Jose. *Disidentifications: Queers of Color and the Performance of Politics* (London and Minneapolis: University of Minnesota Press, 1999), 74

xxi Derrida, Jacques. Memoires for Paul de Man (Columbia University Press, New York: 1989)

xxii Cornell Drucilla. *The Philosophy of the Limit* (Routledge, New York & London: 1992), 76

xxiii Halperin, David M. and Traub, Valerie eds. Gay Shame (Chicago: University of Chicago Press, 2009)

xxiv Sedgwick, Kosofsky Eve. *Touching Feeling: Affect, Pedagogy, Performativity*. (Durham: Duke University Press, 2003), 62

xxv Ibid., 63

xxvi За подетална интерпретација на срамот кај Сеџвик, види го текстот на Крипм во зборников

xxvii Види го текстот на Ворнер во зборников

xxviii Како што аргуметира Халперин, „any gay man who forsakes the ranks of the privileged gender and the desired gender style, who lowers himself to the undignified, abject status of the effeminate, the fairy, the poof, the bitch, the sissy, the flaming queen, incurs the easy ridicule and cheap contempt of both the straight world and the gay world—and even, for all he knows (or fears), the disdain of his own lover“ во Halperin, David M. *How to Be Gay* (Cambridge and Massachusetts: Harvard University Press, 2012), 307

xxix Deleuze, Gilles. *Francis Bacon: The Logic of Sensation* (London and New York: Continuum, 2003), 23

xxx Види го текстот на Халперин во зборников

xxxi За политиките на срамот и ингениозната анализа низ квир перспектива на истите види го текстот на Мајкл Ворнер во зборников

xxxii Види го текстот на Ахмед во зборников

xxxiii Види Thrift, Nigel. „Understanding the Material Parctices of Glamour“ во Gregg, Melissa and Seigworth, J. Gregory eds. *The Affective Theory Reader* (Durham and London: Duke University Press, 2010), 289-309

xxxiv Види го текстот на Халперин во зборников

xxxv Deleuze, Gilles. *Francis Bacon: The Logic of Sensation* (London and New York: Continuum, 2003), 41

xxxvi Butler, Judith. *Precarious Life: The Powers of Mourning and Violence* (London, New York: Verso, 2004), 27

xxxvii Crimp, Douglas. “Mourning and Militancy” во Crimp, Douglas. *Melancholia and Moralism: Essays on AIDS and Queer Politics* (Cambridge and Massachusetts: The MIT Press, 2002)

_ДН_Н_Т_
И
П_Л_Т_К_Т_
Н_
Н_ _СП_Х_Т
Н_
Н_СТР_Н_Т_

НАСТРАНАТА УМЕТНОСТ НА НЕУСПЕХОТ

Џудит Халберстам[1]

Доколку не успееш од прва, можеби, неуспехот е твојот стил.

– Квентин Крисп, „Голиот државен службеник“

Вредностите на одредени аспекти од историскиот геј-идентитет – иако, во суштина, идеолошки – се ослабени или отфрлени од последователните бранови на ослободувањето. Во центарот на сето ова се наоѓа асоцијацијата меѓу хомосексуалната љубов и загубата – врска, која, историски гледано, на настраните им дала посебен увид во неуспехот и во невозможноста на љубовта (а, секако, и луда надеж за нејзината иднина). Со потврдата на таквата поврзаност, наместо со нејзиното отфрлање, за мене, уметноста на загубата претставува специфична квир-уметност.

– Хедер Лав, „Назадно чувствување: Загубата и политиката на историјата на настраните“

Неуспехот на настраноста... е во голема мера поврзан со бегство и со одредена виртуозност.

– Хозе Е. Мунѓоз, „Крстосување низ Утопија: Местото и времето на утопијата на настраноста“

Кон крајот на првата декада од 21. век, кога во Соединетите Американски Држави настапи една од најлошите финансиски кризи по Големата депресија и кога економистите насекаде низ светот ги кренаа рацете, изјавувајќи дека никој не ја предвиде финансиската пропаст, кога работничката класа ги загуби домовите како резултат на неповолните хипотеки, а пензиските фондови на средната класа ѝ исчезнаа од пред очите како резултат на лошите инвестиции, кога богатите си ги полнеа џебовите со сè поголемата финансиска помош и бараа засолниште за богатството, кога казино-капитализмот го покажа вистинското лице како игра во која банките играат со туѓи пари, стана јасно дека е крајно време да се зборува за неуспехот.

1 ***Заб. на уредникот:*** **Текстот е извадок од третото поглавје на истоимената книга:** ***Halberstam, Judith. The Queer Art of Failure*** **(Durham and London: Duke University Press, 2011). Објавувањето и преводот на текстот се направени со дозвола на Џудит Џек Халберстам. Изразувам бескрајна благодарност до проф. Халберстам, чијашто книга претставува еден од основните мотиви, и една од најсилните инспирации за конципирањето на оваа изложба и зборников.**

Секако, неуспехот оди рака под рака со капитализмот. Во пазарната економија секогаш постојат добитници и губитници, коцкари и такви што ризикуваат, измамници и измамени. Капитализмот, како што тврди Скот Сендиџ во „Родени губитници: историја на неуспехот на Америка“ (2005), налага живот во систем што успехот го поистоветува со профитот, додека неуспехот го поврзува со невозможноста да се натрупа богатство, дури и кога профитот за едни значи сигурна загуба за други[i]. Во ова впечатливо истражување Сендиџ вели дека губитниците не оставаат траги, додека победниците не престануваат да се фалат за победата, па, оттука, документирањето на неуспехот претставува „скриена историја на песимизмот во културата на оптимизмот“ (9). Скриената историја на песимизмот, историја што, згора на сè, е во сенката на секоја успешна приказна, може да се раскаже на различни начини. Додека Сендиџ оваа историја ја раскажува како скриена историја на капитализмот во САД, јас ја раскажувам како приказна за антикапиталистичката борба, за борбата на настраните. Ја раскажувам и како наратив за антиколонијалната борба, како одбивање на разбирливоста и како уметност на „непостанувањето“ (*unbecoming*). Ова е приказна за уметност без пазар, за драма без сценарио, за наратив без прогрес. *Настраната* уметноста на неуспехот го поттикнува невозможното, неочекуваното, неверојатното, незабележливото. Тивко губи и, притоа, создава други цели за животот, за љубовта, за уметноста и за постоењето.

Неуспехот се вбројува во рамките на опозиционите алатки или „оружјето на слабите“, како што ги нарекува Џејмс К. Скот[ii]. Во еден опис на селскиот отпор во Југоисточна Азија, одредени активности, кои наликуваат на индиферентност, односно на помирување, тој ги идентификува како „скриени транскрипции“ на отпор кон доминантниот поредок. Многубројни теоретичари, при описот на разни политички проекти и при преосмислувањето на динамиката на моќта, го употребија толкувањето на отпорот на Скот. Одредени теоретичари, како на пример, Садија Хартман (1997), ги употребија неговите дела за да го опишат суптилниот отпор кон ропството како бавно работење, односно како глумење на некомпетентност. Концептот на „оружјето на слабите“ може да се употреби за да се прекатегоризираат божемната инертност, пасивноста и недостигот од отпор, во

практика на попречување на дејноста на доминантните. Неуспехот може да се препознае и како начин да се одбие помирувањето со доминантната логика на моќта и со дисциплината и како форма на критика. Како практика, неуспехот препознава дека алтернативите се веќе впишани во доминантното и дека моќта никогаш не е целосна или постојана. Впрочем, неуспехот ги искористува непредвидливоста на идеологијата и нејзините неодредени квалитети.

Кога го одбива економскиот детерминизам, Грамши пишува дека „механичкиот историски материјализам не остава простор за грешки, но претпоставува дека секој политички чин е непосредно одреден од структурата, и, оттука, претставува реална и постојана (односно, постигната) модификација на структурата“[iii] (2000:191). Според Грамши, идеологијата, во голема мера, е поврзана колку со грешењето или со неуспехот толку и со совршената предвидливост. Одовде, радикалниот политички одговор би требало да се развие како импровизациски метод за да се одржи во чекор со постојано променливите односи меѓу доминантното и подреденото во рамките на хаотичниот тек на политичкиот живот. Според Грамши, интелектуалната функција претставува метод на самосвест и на применето знаење за структурите што го ограничуваат значењето во согласност со класно одреденото разбирање на „здравиот разум“.

Квир-студиите нудат метод за замислување (*imagining*), не како фантазија за другаде, туку на постојните алтернативи на хегемонистичките системи. „Здравиот разум“ на Грамши во голема мера зависи од производството на норми, па, оттука, критиката на доминантните форми на здравиот разум, во одредена мера, претставува и критика на нормите. Хетеронормативниот здрав разум води кон изедначување на успехот со напредокот, акумулацијата на капиталот, семејството, етичкото однесување и со надежта. Останатите подредени *ненормативни* видови или противхегемонистички видови на здрав разум придонесуваат неуспехот да се поврзува со неприспособување, антикапиталистички практики, нерепродуктивен животен стил, негативност и со критика. Хосе Мунѣоз го даде најдеталниот опис на неуспехот на настраноста досега, а врската меѓу *настраните лица* и неуспехот ја објаснува со утописките „одбивање на прагматизмот“, од една страна, и подеднакво утописките одбивање на општествените норми, од друга страна. Мунѣоз во

„Крстостување низ Утопија“ изложи пионерски тврдења за сексот, моќта и за утописките копнеж. Понекогаш, машката *геј*-практика на *крузинг*[iv] и анонимниот секс заземаат централна улога во генеалогијата на утописките *настран* копнеж, но, напати (на пример, во „Дезидентификации“[v]), сексот се изведува на посуптилен начин, и тоа како меланхоличен однос на посакување меѓу живите и мртвите. Честопати, архивата на Муњоз зазема централна улога. Понекогаш тој посегнува по чудесниот неуспех на експертите по културата на настраноста, како што се Џек Смит или Фред Херко, но, во други моменти, тој отворено работи со успешните приказни (О`Хара, Ворхол) за да предложи една целина од археолошки наслаги на заборавени супкултурни продуценти, скриени под блескавата површина на пазарно вреднуваниот успех. Додека Муњоз *настраноста* во целост ја поставува како централна во културните наративи на неуспехот, постои опсежна литература што го бележи неуспехот, дури и на херојски начин, како наратив што се движи заедно со „мејнстрим“ (*mainstream*). Затоа, да почнеме со разработка на еден спектакуларен наратив за неуспехот, со кој не се воспоставува врска меѓу неуспехот и *настраноста*, па да видиме што ќе се случи. На овој начин, се исклучуваат прашањата зошто неуспехот мора да го лоцираме во рамките на низата политички афекти познати како *настрани*.

ПАНКЕРСКИТЕ НЕУСПЕСИ

Озлогласениот класичен панкерски роман „Броење на возови“ (Trainspotting 1996) на Ирвин Велш несомнено претставува *неквир* роман за неуспехот, разочарувањето, зависноста и за насилството, сместен во гетото на Единбург[vi]. Романот изобилува со непристојни гневни изливи и насилни изблици на шкотската работничка класа, но, исто така, содржи кристално јасни моменти на панк-негативност, кои, со типично ’ржење, посочуваат на имплицитната политика на неуспехот. „Броење на возови“ раскажува за премрежето и за неволјите на невработената шкотска младина, која, преку брутален хумор и преку итрина, бара излез од Тачеровата Британија. Рентон, антихеројот во романот, како и еден од петте наратори на

текстот, ја одбива вообичаената развојна траекторија на наративна прогресија, поминувајќи го времето на крстосницата меѓу екстазата од дрогата и агонијата од здодевноста. Не го поминува периодот на зрелост, не напредува, ниту тој ниту неговите пријатели не успеваат да научат некаква лекција, никој не се откажува од лошиот живот и, на крајот, поголем дел од нив умираат од дрога, ХИВ, насилство и од запоставеност. Рентон експлицитно го воочува сопственото одбивање на нормативниот модел на сопствен развој, насочувајќи го ова одбивање во горчлива критика на либералниот концепт – на изборот:

„Да речеме дека ги сфаќам добрите и лошите страни, дека ќе имам краток живот, дека сум при здрав разум, бла, бла, ама пак сакам да земам дрога. Нема да дозволат. Нема да дозволат, оти тоа е знак на нивниот неуспех – фактот што ти едноставно избираш да го отфрлиш тоа што ти го нудат. Избери нè нас. Избери живот. Избери отплата на станбен кредит, избери машина за перење, избери кола, избери да дремеш пред телевизорот и да гледаш серии што ти го перат мозокот и ти го убиваат духот, додека ждереш брза храна. Избери да изгниеш во старечки дом, да се мочаш и да се усеруваш, каква ебана срамота за себичните заебани дечишта што си ги направил. Избери живот. Епа, јас избрав да не го изберам животот. Ако пичките не можат да се справат со тоа, нивен ебен проблем. Како што вели Хери Лодер, ќе продолжам право до крајот на патот“. (187)

Изборот на Рентон „да не го избере животот“ го поставува во радикална опозиција со машката угледност, но, воедно, му дава и простор да ја изложи контрадикторната логика на здравјето, среќата и на правдата во рамките на постсоцијалната држава. Во еден брилијантно пакосен говор тој го оправдува изборот на дрогата наспрема здравјето како избор „да не избереш живот“, каде што „живот“ значи „исплата на станбен кредит... машина за перење... кола... да дремеш пред телевизорот и да гледаш серии што ти го перат мозокот и ти го убиваат духот, додека ждереш брза храна“, односно како избор да не се гние во семејниот живот. Општеството, вели тој, „изумило лажна комплексна логика за да ги апсорбира лицата

чие однесување е надвор од рамките на мејнстрим“ (187). Во рамките на ваквата логика, „животот“, како семејна пасивност што умртвува, претставува подобар морален „избор“ од животот со дрога и со алкохол. Истата логика им се нуди на младите, од страна на вооружените сили, како замена за уличните банди, како и бракот, како замена за сексуалниот промискуитет.

Полемиката се протега и кон структурата на колонијалното владеење во рамките на Велика Британија. Преку една живописна, жолчна критика на Англичаните поради колонизацијата на Шкотска, но и на Шкотите затоа што го дозволиле тоа, Рентон блада во одбрана на манијакалниот и насилен пријател Бегби: „Бегби и оние како него претставуваат неуспех во земјата на неуспешните. Џабе ги обвинуваме Англичаните што нè колонизирале. Не ги мразам Англичаните, тие се обични дркаџии. Ние сме колонизирани од дркаџии. Не можеме ни да одбереме пристојна, динамична, здрава култура што би нè колонизирала. Не. Со нас владее истрошен гнилеж. А што сме ние тогаш? Најниските од ниските, џган на земјата. Бедно, понизно, мизерно, патетично ѓубре посрано на планетата Земја. Не ги мразам Англичаните. Тие се снаоѓаат со ѓубрето со кое си имаат работа. Ги мразам Шкотите“ (78). Жестокиот напад на Рентон можеби не располага со својства што инспирираат, но претставува средство за моќна критика на британскиот колонијализам, од една страна, и на погрешната оптимистичка реторика на антиколонијалниот национализам, од друга страна. Во сосема поинаков контекст, Лиза Лоу го објаснува пишувањето во кое се одбива бинарноста на колонијализмот наспроти национализмот како „деколонизациско писмо“, кое го нарекува „тековно нарушување на колонијалниот начин на производство“[vii]. „Броење на возови“, шкотски роман за деколонизацијата, ги замислува дрогата, кражбата и насилството како „оружја на слабите“, користени од колонизираните и од мажите од работничката класа во гетото на Единбург.

Критиката на Рентон за либералната реторика на изборот и неговото одбивање на хетеросемејноста резултира во избли на запенета негативност во потрага по многубројни цели, и доминантни и минорни. Напати, негативноста сосема лесно преминува во расизам, сексизам и во длабока хомофобија, но потоа, се чини, е усогласена со прогресивната политика на критика. Впрочем, говорот на Рентон

наоѓа одглас во неодамнешната *квир*-теорија, која негативноста ја асоцира со самата *настраност*. „Без иднина“ на Ли Еделман порачува, во стилот на Рентон, дека *чудаците*, сепак, можеби ќе посакаат „да изберат да не го избираат Детето, како дисциплинарна слика на имагинарното минато или како место за проекциона идентификација со секогаш невозможната иднина“[viii]. Додека одбивањето, од страна на Еделман, на понудените избори го дипли симболичкиот поредок во себеси за да ја преиспита самата конструкција на политичката релевантност, одбивањето во „Броење возови“ е грчевито наклонето кон *статус кво*, бидејќи падот на белиот маж како составен дел од појавата на новиот поредок е незамислив. „Броење возови“ покажува преголема доза на хетеромажественост во простиот пресврт на машкиот авторитет, противженската збратименост и на непредвидливите изливи на насилство. Без детална визија за алтернативни модели, романот се распаѓа во разбеснетиот, вознемирен јазик на панкерот, кој е лишен од патријархалната и од расната привилегија. Во овој пример на *ненастран* неуспех, неуспехот е бесот на исклучениот белец, бесот што ветува и испорачува казна за жените и за обоените луѓе.

Како поинаку, и во поглед на каков посакуван политички резултат, може да се разбере неуспехот? На кој начин неуспехот се користи во разни политички проекти? Каква педагогија, каква епистемологија демне зад активностите на кои им е доделен терминот *неуспех* во англо-американската култура? Другиот дел од поглавјето претставува архива на неуспехот во дијалог со „скриената историја на песимизмот“ на Сандиџ и со „ утопијата на настраноста“ на Муњоз, која, во форма на забелешки и на анегдоти, на теории и на примери, истражува што се случува кога неуспехот продуктивно се поврзува со расната свесност, антиколонијалната борба, родовата разноликост и со различните формулации на времениот карактер на успехот.

ЧЕТВРТО МЕСТО:
УМЕТНОСТА НА ГУБЕЊЕ

Подемите и падовите на Олимписките игри секои четири години го отвораат прашањето за победата и, секако, неизбежно, достоин-

SOMEONE TO FRAME SOMEONE TO BLAME

ството во поразот. Немилосрдениот патриотски пренос на игрите во многу земји, но особено во Северна Америка, открива совршено јасна слика на контрадикциите во американската политика и, поконкретно, на желбата на белите Американци да ги покажат мускулите, истовремено позирајќи *и* како отпадници. Додека одредени бели американски атлетичари доживуваат неуспех во голема доза во текот на игрите, на американската публика генерално не ѝ е дозволено да ги посведочи тие неуспеси; наместо тоа, ни се сервира постојан пренос на триумфалните *Јенки* во базенот, во салите и на патеките. Во текот на целиот ден, секојдневно, ја прикажуваат биографијата на победниците и, така, секои четири години американските гледачи ја пропуштаат позначајната драма во игрите произлезена од непредвидливоста, трагедијата, поразот со мала разлика во поените, и секако, од валканиот и недостоинствен неуспех.

Во еден фотографски проект за Олимписките игри во Сиднеј во 2000 г., уметничката Трејси Мофат направи длабоко потресни фотографии од натпреварувачите што освоиле четврто место во главните спортски настани. Во есејот од каталогот за изложбата на делата, Мофат зборува за гласините дека некој ја предложил за официјален фотограф на игрите таа година. Таа коментира, „Сонував дека доколку навистина станам „официјален фотограф“ на Олимписките игри во Сиднеј во 2000 г., ќе ги фотографирам спортските настани со мојата визија за нив – ќе ги фотографирам губитниците“.[ix] Додека останатите ќе бидат насочени од главните медиуми да го гледаат триумфалниот спектакл на победата, таа ќе се фокусира на „фотографиите на брилијантните атлетичари што не успеале“. На крајот, сепак, за фотографското документирање на поразот се задоволила со четвртото место, бидејќи, според неа, освојувањето на четвртото место е потажно од самото губење. Со освојувањето на четвртото место атлетичарот загубил за малку, медалот му се слизнал низ прсти, за малку добил (не)место надвор од документираната историја. Мофат забележува, „„*Четврто*‘ значи дека си речиси добар. Не најлош (што од своја страна носи некаков перверзен гламур), но речиси добар. Речиси ѕвезда“! Четвртото место го сочинува антигламурот на губењето. Како што вели таа, не станува збор за перверзно задоволство во тоа да бидеш толку лош, а речиси добар. Не, четвртото место претставува сосема единстве-

на позиција, вон славата, но пред срамот.

Во фотографиите Мофат се обидува да го долови моментот кога атлетичарот сфаќа дека го освоил четвртото место: „Во повеќето случаи имаат безизразен лик, скаменет поглед. Одвратна, прекрасна, бистра маска, која како да вели ‚Срање'!" Таа ги фотографира пливачите во базенот и горчливите солзи помешани со хлорираната вода, фотографскиот апарат ги открива уморените, исцрпени тркачи, боксерите кутнати на подот, играчите што ја собираат спортската опрема по настанот. Серијата претставува документ на разочарувањето, на драматичниот пораз и на суровоста на натпреварувањето.

Фотографиите нè потсетуваат дека победата е поливалентен настан: за да победи еден, друг мора да биде поразен, со што чинот на губење добива сопствена логика, сопствена комплексност, сопствена естетика, но, на крајот, и сопствена убавина. Мофат се обидува да ја долови текстурата на искуството на неуспехот, надворешноста на успехот и статистичкиот стандард што одредува кој денес ќе загуби за дел од секунда, од центиметар, од грам, а кој утре ќе биде победен од анонимноста. *Четвртото* за Мофат, исто така, реферира на „четвртиот" свет на аборицинската култура, со што се обраќа и кон избришаната, кон изгубената уметност на еден народ уништен од успешните бели колонизатори.

ЏОРЏ БУШ: УМЕТНОСТА НА ГУГЛ-БОМБАРДИРАЊЕТО

Доколку пред неколку години го побаравте зборот *неуспех* на пребарувачот Гугл првиот запис што ќе се појавеше беше „Биографија на Џорџ В. Буш". Дали ова беше дело на итри интернет активисти? Токму така. Според репортажата на *БиБиСи Њуз*, пребарувачот *Гугл* може многу лесно да се изманипулира со т.н. „Гугл-бомбардирање", со кое одредени страници се поврзуваат со одредени изрази. Така, група на „Гугл-бомбардери" успеала страницата на Џорџ Буш да ја поврзе со фразата *беден неуспех*. Согласни сме дека Џорџ Буш заслужува да влезе во аналите на историјата под категоријата „неуспех", но сепак, неуспехот е благороден збор за Буш, бидејќи самиот имплицира дека Буш имал план што не успеал да го спроведе. Всушност, невообичаеното со Дабја[x] е колку далеку дотурка со толку малку. Неуспехот, како што одгатнуваат и фотографиите од „Четврто место", сугерира одредено достоинство при потрагата по големина, и, иако *мизерен* би бил соодветен збор за ерата на Буш и на Чејни, всушност тие беа неизмерно успешни во поглед на доминантото сфаќање на успехот. Секако, Џорџ В. Буш е претставник на проблемот засегнат со градењето на економијата и на политиката околу победниците и околу победата, наместо околу комбинацијата на загубата и на неуспехот, кои се неизбежни за секој систем. Како дополнителна информација, вториот запис при пребарувањето на *неуспех* на Гугл беше „Биографијата на Џими Картер", додека на третото место беше „Мајкл Мур". Линкот за Мур води до негова фотографија од Републиканската национална конвенција како држи знак на кој пишува „Г за губитник".

АНТИЕСТЕТИКАТА НА ЛЕЗБИЈКИТЕ

Лезбијката е неповратно поврзана со неуспехот во секој поглед. Впрочем, според Хедер Лав, „желбата за истиот пол" е обележана со долгата историја на асоцијација со неуспехот, невозможноста и со загубата... Хомосексуалноста и хомосексуалците служат како жртвени јарци за неуспехот и за невозможноста на самата желба"[xi]. Во „Капитализмот, семејството и анусот", Гај Окенгем забележува дека „капитализмот ги претвора хомосексуалците во неуспешни нормални луѓе, како што ја претвора работничката класа во имитација на средната класа"[xii]. За Лав, *ненормативните* тела функционираат во рамките на психоаналитичка рамка, како носители на неуспехот на сета желба. Доколку, во Лакановски контекст, сета желба е невозможна, а е невозможна затоа што е неодржлива, тогаш *ненормативното* тело и социјалните светови на настраните се доказ за тој неуспех, додека хетеросексуалноста е вкоренета во логиката на постигнување, исполнување и на успех (и на последователност). Окенгем ја отфрла психоаналитичката рамка, а капитализмот за него претставува структура што го обележува хомосексуалецот како неуспешен и, на некој начин, како субјект што не успеал да ги отелотвори врските меѓу производството и репродук-

цијата. Капиталистичката логика на хомосексуалецот му дава улога како неавтентичен и нереален, неспособен за вистинска љубов, како некој што не може да создаде соодветни врски меѓу социјалноста, релационоста, семејството, сексот, желбата и потрошувачката. Затоа, пред репрезентацијата на настраноста да понуди слика за културата на настраните, првин мора да го отфрли обвинението за неавтентичноста и за несоодветноста. На пример, телевизиската серија „Зборот на буквата *Л*“ се стреми да ја надмине и да ја замени „назадувачката историја“ на лезбијките со светла и со оптимистичка визија за геј-жените. Со други зборови, креаторите на дрската заразна серија би сакале да ја редефинираат лезбијката преку нејзината асоцијација со *животот, љубовта, удопството, слободата, среќата, волшебноста, долговечноста, Лос Анџелес*[xiii], но знаеме дека буквата *Л*[xiv] може да означува и *губитник, труд, страст, недостиг, лимон, лезбијка*. „Ист пол, различен град“, ведро изјавува рекламата за серијата. Токму гаранцијата на „ист пол“ е суштината на успехот во „Зборот на буквата *Л*“, бидејќи губитникот во исполираната женоцентрична серија секако е машкуданка (*butch*), која привидно се појавува во мекиот андрогин лик на Шејн.

Серијата „Зборот на буквата *Л*“ мора да ја отфрли машкуданката за да ги претстави *лезбијките* како успешни. Затоа машкуданката добива анахрона улога, како неуспех на женственоста, некогашен меланхоличен модел на настраноста, кој сега е ажуриран и трансформиран во пожелна женственост, но пожелна во хетеровизуелниот модел. Сепак, *буч*-лезбијката е неуспех не само во современиот *квир*-приказ на желбата. Таа наголемо го означува неуспехот и во потрошувачката култура, затоа што нејзината мажественост ја блокира машката хетеронормативната желба. Додека феминизираните лезбијки, од типот замислен во рамките на хетеропорнографската имагинација, се употребуваат во рекламната култура за продажба на пиво, па дури и на осигурителни полиси, мажествените лезбијки, несомнено, претставуваат анатема за потрошувачката култура. Оттука, забележително е дека во серијата „Зборот на буквата *Л*“, со цел „лезбијките“ да бидат привлечни за мажите и за хетеросексуалните жени, специфичните одлики што стереотипно ја означувале лезбијката во минатото – машкуданестите изглед, интереси и работни места – мора да се сокријат за да се овозможи

слободен канал за комодификација. Впрочем, процесот на комодификација во целост зависи од хетеронормативниот склоп на визуелни и еротски очекувања. Додека, дури и феминизираните геј-мажи можат да функционираат во рамките на оваа рамка (затоа што сè уште претставуваат модел на желба за хетеромаженственоста), буч-лезбијката не може. Со стравотниот спектакл на „некастрирана“ жена, таа претставува закана за гледачот и ја предизвикува хетеросексуалната гледачка, затоа што одбива да учествува во конвенционалната маскарада на хетероженственоста, како слаба и како невешта и како некој што не претставува закана. Серијата „Зборот на буквата *Л*“ беше „успешна“ серија во рамките на огледалната економија на телевизиското задоволство токму преку задоволувањето на конвенционалната претстава за визуелното задоволство. Со вклучувањето на момчешки, но не и на мажествен лик, Шејн, серијата го потсетува гледачот за принесената жртва, со цел лезбијката да се воведе во сферата на комодификацијата. Имено, тое е неприкриената „женска мажественост“. Наместо тоа, Шејн зазема улога на *буч*, а истовремено и ја напушта таа улога. Таа се состанува со хетеросексуални и со бисексуални жени, ја побркуваат (нереално) за маж, се облекува андрогино – но препознатливо и конвенционално останува жена. Успехот на Шејн и успехот на „Зборот на буквата *Л*“, воопшто, се потпира на хируршкото отстранување на лезбискиот белег на неуспехот.

НАСТРАНАТА УМЕТНОСТ НА НЕУСПЕХОТ

Родовиот проблем со *буч*-вариететот често лежи во самата суштина на неуспехот на настраноста. Но, *квир*-легендата Квентин Крисп го трансформира очигледниот патос на родовиот девијант во капитал/вредност: „Ако не успееш од прва, можеби, неуспехот е во твојот стил“[xv]. Со духовито негирање на протестантската работна етика на истрајноста, Крисп ја востановува суштинската врска меѓу неуспехот и личната природа и ја отелотворува таа врска како родов проблем, родова девијантност и како родово несогласување во сопствената феминизирана личност. За Крисп, неуспехот како личен стил ја повлекува неговата „кариера“ како „гол државен службе-

ник“, како некој што избира да не работи и за кого работата не е животно исполнување. Впрочем, неговата автобиографија, „Голиот државен службеник“ го поврзува неговото созревање и моментот на јавно признавање на неговата карактеристична екстравагантна настраност со падот на Вол Стрит во 1931 г. Тој пишува: „Небото се помрачи од милионерите што се фрлаа од прозорците. Толку темен беше патот нанапред, што мојот напредок се состоеше од долги периоди на инертна безнадежност нарушена од спазматични тетеравења нанапред кон најмалиот процеп на светлина што ми се причинуваше дека назирка ... Со текот на годините, светлината не проблесна, но јас се свикнав на мракот“ (2). Особениот етос во помирувањето со неуспехот, недостатокот на напредок и одредената форма на мрак, всушност, негативноста (обработувана во следните поглавја), може да се нарече *квир*-естетика. За Крисп, како и за уметник од ранг на Енди Ворхол, неуспехот претставува можност, а не слепа улица. На доследен *кемп*[xvi] начин, *квир*-уметникот работи со неуспехот, наместо против него, и го населува мракот. Впрочем, мракот станува суштински дел од *квир*-естетиката.

Во „Бунтовни тела“, Дафне Брукс[xvii] поставува слично тврдење во врска со естетиката на мракот поврзана со театарските изведби на Афроамериканците од периодот на ропството пред граѓанската војна до почетокот на 20. век. Со употреба на впечатлив дијапазон на примарни материјали собрани од архивите на САД и на Велика Британија, таа не само што го реконструира контекстот за афроамериканските перформанси туку и приемот на сценските настапи на „отелотвореното востание“, како и комплексното значење на телесните истории, биографиите и на ризичните театарски потфати на изведувачите. Слично на Џосеф Роуч во „Градови на мртвите“ (1996), Брукс создава критичка методологија способна да ги поврати изгубените култури, при што води преговори за нивната естетска комплексност и го доловува нивното значење за црната и за белата публика во САД и во Велика Британија. Делото на Роуч создава позадина за дел од Бруксовите енергични рекреации на афроамериканските трансатлантски изведби во 19. век, а од него ја позајмува идејата дека културата се репродуцира преку перформансот во вид на „сурогација“. „Сурогацијата“, како културна продукција на Роуч, е искористена во поглавјето 2 – за заборавањето. Овде обработувам

како Брукс го користи терминот за промислување на начинот на кој супкултурните изведувачи и слики ја инкорпорираат традицијата на перформансот и активираат нови склопови на политичко значење и на референции. Според Брукс, телото на изведувачот се претвора во архива на импровизирани културни реакции на конвенционалните конструкции на родот, расата и на сексуалноста, а изведбата ги артикулира моќните облици на неслога и на отпор. Театарските текстови во нејзината архива таа ги толкува по должината на оската на погонска трансформација и настојува, преку трпелива историска контекстуализација и вдахновена текстуална анализа, да лоцира во секој текст места за естетска и за политичка можност. На пример, таа брилијантно ја толкува естетиката на нејасноста (*opacity*), а текстуалниот мрак го опишува како „тропа на наративно востание, дискурзивен опстанок и епистемолошки отпор“ (2006: 108). „Мракот, продолжува Брукс, претставува ‚интерпретативна стратегија’ и начин на читање на светот од ‚одредена, мрачна позиција’“ (109). Токму ова разбирање на „текстуалната темнина“ или на темнината на одредена практика на толкување од одредена субјектна позиција, според мене, одекнува со *квир*-естетиката, проследена овде преку неуспехот како каталог на отпорот.

Во согласност со естетиката на Брукс и со советот на Крисп да се навикнеме на помалку светлина наместо да бараме повеќе, посочувам дека една форма на *настрана* уметност неуспехот го постави на централна позиција, а на *настраноста* ѝ ја додели улогата на мрачен пејзаж на збунетоста, осаменоста, отуѓеноста, невозможноста и на непријатноста. Очигледно, суштински, ништо суштински не ги поврзува лезбијките, *геј*-лицата и транссексуалците со овие форми на „небидување“, но не можеме едноставно да посакаме да исчезнат општествените и симболичките системи што *настраноста* ја поврзуваат со загубата и со неуспехот. Според некои *квир*-теоретичари, не треба ниту да посакуваме такво нешто. Како што тврдат Ли Еделман, Хедер Лав и други теоретичари, едноставното отфрлање на врските меѓу *настраноста* и негативноста значи неподносливо позитивистичко и прогресивно разбирање на *сексуално и родово ненормативните лица*, кое резултира со ведрите портрети на лезбијките во серијата „Зборот на буквата *Л*“ или со сведување на *геј*-лицата од екраните на невозможно привлечни арбитери на до-

бриот вкус.

Брукс вели: „Темнината претставува интерпретативна стратегија“ (2006:109). Исфрлена од темни места, искуства на болка или на исклученост, темнината е територија на неуспешните и на мизерните. Идејата за темнината на настраноста, стратегијата на толкувањето на светот како и на бидувањето во него, претставува објаснување за серија фотографски портрети на животот на девијантите од почетокот и од средината на 20 век. Фотографиите на Брасај од лезбиските барови во Париз во 1930-тите и чудните фотографии на „пријателки“ на Дијана Арбус, на сосема различни начини, учествуваат во *мрачните* претстави за *настраните*. Познатите исконски фотографии од Париз на Брасај доловуваат скриени светови на крадци, макроа, проститутки и на *изопачениции*. Во воведниот текст од публикацијата на цензурираната колекција од 1970-тите тој објаснува како воопшто не ја сакал фотографијата, сè дури не добил инспирација да „ги преведе нештата што го маѓепсале во ноќната страна на Париз“[xviii] (1976:n.p.). Колекцијата на фотографии насловена „Тајниот Париз на 1930-тите“, која не му било дозволено да ја изложи во периодот кога била направена, се осврнува на грешните бедни светови документирани од Брасај. Кога книгата конечно била издадена во 1970-тите, била проследена со моралистички текст наменет да му ги објасни чудните фотографии на замисленият *стрејт* читател. Брасај го нарекува *Л Монокл* (*Le Monocle*) уникатен „храм на Сафовската љубов“ меѓу јавните куќи во Монтпарнас, и ги опишува честите посетители како егзотични мажествени суштества со кратка коса и со продорен „чуден мирис што повеќе наликува на килибар или на темјан отколку на рози и на темјанушки“. И покрај осудувањето во текстот, фотографиите на *Л Монокл* го доловуваат навидум фантастичниот динамичен лезбиски ноќен живот, далеку поинтересен од оној во повеќето *квир*-барови што постојат во денешно време во Париз. Покрај тоа, фотографиите ја доловуваат и „невозможната љубов“ на Хедер Лав, односно „невозможноста во сржта на желбата“ (2009:24). Со ваквиот концепт, таа посочува на линиите на поврзаност меѓу политичката исклученост во минатото и политичката исклученост во сегашноста. Додека либералните истории градат триумфални политички наративи со прогресивни приказни за усовршување и за успех, радикалните истории мора да се

задоволат со понеуредното минато, кое нуди оставина на неуспех и на осаменост, како последица од хомофобијата, расизмот и од ксенофобијата. Според Лав, „назадните чувства служат како показател за разрушената состојба на социјалниот свет. Тие посочуваат континуитети меѓу лошото *геј*-минато и сегашноста. Исто така, ги прикажуваат неадекватностите на *квир*-наративот за напредокот“ (27). Да се чувствуваш назадно повлекува способност да се согледа нешто во мрачното портретирање на животот на настраните без потребата за искупување поради таквото портретирање.

Фотографиите од *Л Монокл* се обвиени во темнина, во сенка, иако прикажаните сцени се прилично весели и разиграни. На тој начин, фотографиите ја доловуваат и истрајноста на *настраниот* живот и претставата за *настраниот* живот како невозможен. Наративот на Брасај раскажува за патетични „хомосексуалки“ што тежнеат по недофатливата машкост: „Жените беа облечени како мажи и беа, на изглед, сосема мажествени, така што, на прв поглед, се чинеше дека се навистина мажи. Низ просторијата јурнало торнадо на енергичност и го одвеал сиот раскош, сите измами на женската кокетност, а жените ги престорил во момчиња, во гангстери, во полицајци. Накитот, веловите, наборите исчезнале! Пријатните бои и тантелата! Опседнати со недостижната цел да бидат мажи, ги носеа најмрачните униформи. Црн смокинг – небаре тажат по идеалната мажественост“.

Секако, еден краток поглед на фотографиите открива дека не „сите жени“ се облечени како мажи. Дел од нив носат женска облека од високата мода, а смокинзите, кои укажуваат на состојбата на тажење на *буч*-лезбијките би можеле да се протолкуваат и како фракови, па дури и како свадбена облека. А, сепак, во фотографиите има нешто мрачно, нешто изгубено, недофатно. Она што останува недофатно во т.н. *буч*-мажественост е она што останува недофатно во сета мажественост: сета идеална мажественост по самата природа е недофатлива, но единствено кај буч-лезбијката, единствено кај „машката жена“ ја забележуваме невозможноста. Фотографиите на Брасај доловуваат три нешта: мракот во ноќниот свет во чии рамки се одвива *очуденат*а социјалност, неуспехот да се постигне идеалната мажественост лоциран кај *буч*-лезбијката (со цел машката мажественост да изгледа возможна) и *настрана*-

та женственост (која не само што е мрачна туку е и невидлива). Во фотографиите настраната женственост исчезнува во форма на лезбиство при „спарувањето“ со повидливата *настрана-буч*-лезбијка, а кога, сепак, станува видлива, изгледа неавтентично и во однос на *настраноста* и во однос на хетеросексуалноста. Во овој контекст, може да се рече дека фотографиите, преку изработката со *квир*-естетика, го претставуваат *неуспехот на настраноста*.

Но тоа било тогаш. Како што вели Зонтаг, „Смуртениот, фино исткаен Париз на Агет и на Брасај е, главно, исчезнат“[xix]. Кога денес го читаме Брасај, ѝ се восхитуваме на *настраноста* на Париз што тој ја видел, но овозможуваме и нови наслови, визуелни и текстуални, кои ги препишуваат и ги населуваат неговите наративи на меланхолија и на маскарада. Брасај ги лоцира овие фотографии во поглавјето во колекцијата насловено „Содома и Гомора“и ги етикетира како „хомосексуални“, очигледно, сигурен дека го доловил изгубениот и забранет свет на грешната инверзија. Насловот посочува на библискиот мит за оргијастичките сфери одбрани да бидат уништени во *Книгата Постанок*. Хедер Лав го користи митот за „Содома и Гомора“ за промислување на погледот наназад што жената на Лот го фрла додека заминува од грешните градови. Погледот ја претвора во карпа сол: „Со тоа што ја одбива судбината понудена од Бог, жената на Лот е отсечена од семејството и од иднината. Се претвора во споменик на уништувањето, во амблем на вечно каење“ (2009:5). Сепак, Брасај се навраќа на „Содома и Гомора“ на Пруст. Ја опишува сопствената реакција додека ги гледал жените како танцуваат една со друга во барот: „Помислив на Марсел Пруст, на неговата љубомора, на болната љубопитност за непознатите задоволства во Гомора. Фактот дека Албертина го изневерува нараторот со жена, му пречи помалку од задоволствата што таа ги искусила со партнерката. ‚Што навистина чувствуваат?’, постојано се прашувал“ (1976: n.p.).

„Што навистина чувствуваат?“ – вечното прашање за лезбискиот секс. „Што прават и што чувствуваат кога се заедно?“ се појавува во рамките на визуелниот свет создаден од Брасај во моментот кога тој му се извлекува од прсти. Брасај не може да го раскаже тоа што фотографиите го кажуваат: за креативната трансродовост, за внимателното ремоделирање на „хетеросексуалната матрица“

од страна на *буч*-женствените двојки, кои се гостат во можностите што ги нуди Париз навечер во 1930-тите години, и за темнината, за светот на сенките во рамките на кој неавтентичното, нереалното и проколнатото го одигрува сопствениот живот во сенка. Друга фотографија од Париз, исто така, ја обвива во сенка претставата за лезбијката и не успева да пенетрира преку фасадата. Портретот на Гертруда Штајн од Сесил Битон, од 1935 г., покажува поинаков поглед на *очудениот* Париз, поглед што е дел од официјалната историја на градот и што се чини временски и просторно одделен од подземјето на Брасај. Сепак, како алузија на засенетиот свет, кој ја прогонува историјата прифатлива за нас, Битон му претставува на гледачот „две Штајн“.

Во преден план, крупната, мажествена Штајн, облечена во дебел капут со мало капче на главата, зјапа круто во објективот. Единствената отстапка кон женственоста се согледува во брошот на јаката, лажлив фетиш во замена за врската со некаква претстава за женствена декорација. Дланките се прекрстени, усните напупчени, а лицето збрчкано и сериозно. Зад огромната Штајн стои сенката на Штајн без капутот. Се гледаат и здолништето, и елекот, и брошот. Брошот ни го враќа погледот на првата Штајн. Портретот на Штајн е верзија на друга фотографија од Штајн, заедно со нејзината љубовница, Алис Б. Токлас, во која Штајн стои во центарот, а Токлас ѝ го засенува грбот од лево. Во двете фотографии на родово неодредената тело на Штајн, нејзината мажественост се мери наспроти другата фотографија, во која таа е удвоена, но не и огледана. Токлас, која пркосно гледа во апаратот, небаре одрекува дека е замена за „другата“, онаа што е зависна од Штајн, придонесува да се согледа мажественоста на Штајн. Со тоа што Штајн ја согледуваме преку Токлас, фотографијата нѐ присилува да ги приспособиме критериумите што вообичаено ги користиме за да го „видиме“ родот. Родовата *настраност* на Токлас и онаа на Штајн се префрлаат меѓу нив, додека погледот на гледачот се враќа од едната кон другата, воден од чудната жичена скулптура што е закачена меѓу нив и фрла сенка на ѕидот. Постулирањето на настраниот субјект како сенка, односно во сенка, ја става во втор план конструкцијата на *настраноста* наспрема примарноста на хетеросексуалните поставки на родот и на релациите, но, всушност, претставува комен-

тар за разорувачкиот потенцијал на световите во сенка.

Споменувајќи ја Даен Арбус, уште една архивистка на „сексуалното подземје“, Зонтаг тврди, „како Брасај така и Арбус бара нејзините субјекти да бидат колку што е можно посвесни за чинот во кој учествуваат. Наместо да ги насочува субјектите да заземат природна позиција или позиција што ним им е својствена, таа ги охрабрува да бидат несмасни, односно да позираат“ (2001:37). Според Зонтаг, позирањето придонесува субјектите да изгледаат „почудно“, а во делата на Арбус дури и „збркано“. Зонтаг ја критикува Арбус, затоа што фотографскиот апарат го користи за да најде и да создаде изроди, при што неповолно ја споредува со Брасај, забележувајќи дека Брасај не само што документира „перверзници и хомосексуалци“ туку „фотографира и фини пејзажи на градовите, како и портрети на познати уметници“ (46). Арбус ги „изедначува сите нејзини субјекти“ со тоа што одбива да „ја менува материјата“ (47). Со други зборови, нејзината тесноградост, од неа создава крајно субјективен воајер, наместо талентиран фотографски уметник. Навистина, фотографиите на Арбус од трансвестити, џуџиња и од кепеци го претставуваат светот како шоу на изопачени, при што пред апаратот парадираат *девијанти* и нејасни тела за да се илустрира обемот и длабочината на изопачената другост. Додека фотографиите на Брасај претежно биле направени навечер, Арбус ги претставува своите субјекти во јасната студена светлина на денот. Но, Арбус не ја ограничува парадата на изроди само на „таканаречените изроди“: патриоти, семејства, постари двојки и тинејџери – сите изгледаат чудно и изопачено во нејзиниот објектив. Со зборовите на Ив Кософски Сеџвик, Арбус ја „универзира изродноста“, додека Брасај ја „миноризира“. Брасај гледа на трансродовиот свет небаре се ѕвери во необичен инсект под камен. Арбус открива двосмисленост во цела низа на отелотворувања и нив ги претставува како човекова состојба. Во портретот „Гол маж како жена, Њујорк, 1968“ таа ја документира репрезентативната нестабилност на самото тело, фактот дека тоа не може да функционира како темел за ред, за доследност и за уредните системи на коресподенција.

Арбус го споменува и влијанието на Виги и на Брасај врз нејзините дела, а за Брасај вели, „од Брасај научив за нејасноста, бидејќи со години бев заглавена во јасноста. Во последно време забележав

дека ми се допаѓа она што не можам да го видам на фотографиите. Кај Брасај, кај Бил Брант, постои елемент на реална физичка темнина, а, навистина, е возбудливо повторно да се види темнината“[xx]. Во фотографиите на Брасај темнината, всушност, го врамува она што може да се види. Контекстот на секоја фотографија е самата ноќ, а актерите во тајните светови на Париз само за миг ги осветлува погледот на апаратот, заканувајќи им се во секој момент замрачувањето. За Арбус, темнината и она што не се гледа не претставуваат функција на светлина и на сенка, туку се резултат на психолошка комплексност. Нејзината фотографија „Двајца пријатели дома, Њујорк, 1965“ ги цитира буч-женствените двојки на Брасај, но ги одвојува од нереалниот ноќен свет и ги сместува на дневна светлина. Биографот на Арбус, Патриша Босворт, за оваа фотографија пишува: „Постојаното патување [на Арбус] во светот на трансвеститите, *дрег*-кралиците, хермафродитите и на транссексуалците придонело во дефинирањето на нејзиното сфаќање за тоа што значи да се искуси сексуалниот конфликт. Еднаш таа следеше ‚две пријателки’ од улицата до станот, а портретот што беше резултат на тоа открива скоро застрашувачка сексуална моќ меѓу мажествените жени (покрупната, потрадиционална женска фигура стои со раката посесивно префрлена околу рамото на партнерката што налику ва на момче. Едната од нив е среде кивнување – истовремено е интимна и морничава)“ (2006:226). Сепак, токму Босворт, а не Арбус, на партнерката на сликата ѝ ја додели етикетата „морничава“ и ја претстави фотографијата од двете пријателки како дел од недиференцијалниот свет на изроди: трансвестити, интерсексуални лица, циркуски изведувачи, хендикепирани лица. Арбус не им доделува такви вредности на своите субјекти. Напротив, таа ги означува двете лезбијки како „пријателки“. Може да се тврди дека со употребата на овој термин се избегнува согледувањето на сексуалната динамика што го анимира парот, но, всушност, стутканиот кревет и физичката близина на двете тела овозможува да го потврдиме, со нејзините зборови, она што не можеме да го видиме.

За Арбус, самата фотографија претставува замена за изгубениот свет, контекст што му се провлекува на гледачот што не може да види подалеку од спектаклот на разлики. Арбус, всушност, се вметнува себеси, скоро очајно, во овие светови на разлика и своите

фотографии ги користи за да ги освести гледачите дека не гледаат сè, па дури и дека не гледаат ништо. Кога гледачот како Босворт ја погледнува *буч*-женствената двојка во нивниот стан, двојката што Арбус ја следела до дома, гледа нешто што верува дека не треба да го види и, така, сликата станува „интимна и „морничава“. (Не успеав да ја најдам фотографијата со кивањето, која толку ја вознемири Босворт.) Но, кога *настраниот* гледач ја гледа фотографијата четириесетина година подоцна, тој забележува нешто интимно и хаотично: таа нуди визуелен мост до „претстоунволскиот“ *квир*-свет, свет што е бесконечно отстранет од нашиот, но и вчудовидувачки блиску. Отвореният вкочанет поглед на *буч*-лезбијката во апаратот и женскиот заштитнички поглед на нејзината партнерка свртен настрана од апаратот, во Арбус создава еден круг на визија, во чии рамки секој учесник во конструкцијата на сликата, и уметникот и двата субјекти, гледа и е виден. Во оваа слика Арбус може да се протолкува не толку како похотен воајер, туку како хроничар на невиденото, неизреченото и на некажаното.

Моника Мајоли, современ *квир*-уметник, која твори во Лос Анџелес, во своите дела ја презема темата за темнината. Мајоли прави фотографии од ликовите на бившите љубовници во црно огледало, а, потоа, слика врз основа на фотографиите на огледаните слики. Незамисливо темни и непробојни, преполни со меланхолија, портретите се спротивставуваат на дефиницијата на огледалото, на портретот, па дури и на љубовта. Огледаната слика, секако, пред сè претставува автопортрет, па, на тој начин, сликите мора да се прочитаат како презентација на самата авторка и како приказ на љубовни врски и на нивниот крај. Во повеќето од портретите Мајоли спојува некаков цртеж или слика на фигура со нивната апстрактна верзија, свртувајќи го вниманието кон темнината на сите опозиции во замрачениот простор на огледалото. Додека вообичаената слика зависи од некаков однос меѓу фигурата и основата, во овие портрети позадината ја исполнува фигурата со емотивен интензитет, со темнина и бара од нас да се загледаме во самата внатрешност. Во споредба со фигурите, апстрактните верзии не се ниту полесни ниту потешки за толкување или за гледање и нè потсетуваат дека фигурите се, исто така, апстракции и дека формата на главата или контурата на дојката не гарантираат човечко присуство, поврзаност

или интимност. Портретите се „ужасно“ интимни, но, истовремено, ја одбиваат интимноста. Секој обид да се погледне поблиску, да се распознаат цртите, да се разбере траекторијата на линијата завршува со зовриената темница, со нерамна црнина, која е огледана површина, плитко огледало, кое ја впива светлината од сликата.

Портретите се направени откако љубовната врска била прекината и го претставуваат она што го сметаме за неуспех – неуспехот на љубовта да трае, смртноста на сите врски, недофатливата природа на желбата. Очигледно, желбата е присутна во самиот гест на сликање, а, сепак, желбата овде, како и црното огледало, проголтува наместо да генерира, сокрива наместо да просветлува. Сликите на Мајоли се технички многу тешки (како да се изваја фигура од темината, како да се црта во мракот, да се отсликаат емотивните и афектни проблеми), но и емотивно обликувани (како да се прераскаже врската што завршува, како да се соочиме со крајот на желбата, како да се сфатат сопствените неуспех, смртност и ограничувања). Таа го насочува темното огледало кон гледачот и инсистира тој, или таа, да погледне во празнината. Навраќајќи нè на историјата во која хомосексуалноста е претставена како загуба и како смрт, од Пруст до Ратклиф Хол, сликите на Мајоли разговараат со традицијата на „осликување“ (*imaging*), започната од Брасај, а продолжена од Арбус.[xxi]

Неуспехот е поттик за поголемиот дел од делата на уште еден калифорниски уметник, Џуди Бамбер. Тематиките за загубата и за неуспехот кај неа се јавуваат во рамките на самата визуелизација како линија или како праг над кој не можеме да гледаме, како хоризонт што го обележува местото на неуспех на визијата и на самата видливост. Додека за Хосе Е. Мунљоз, *настраноста* претставува еден вид на хоризонт за политичка аспирација[xxii], хоризонтите на Бамбер нè потсетуваат дека можноста и разочарувањето често опстојуваат еднододруго. Морските пејзажи на Бамбер, насликани во периодот од две години, ги бележат суптилните, но конечни промени во расположението, тонот и во визуелноста понудени од „природата“ на погледот. Во нејзините дела пејзажите се кинематски, не такви што обземаат на сликарски начин туку една целина на серија од фрагменти монтирани во рамките на серија со почеток и со дефинитивен крај. Кога ги гледаме сликите, природата нè разочарува и

неа ја гледаме како технологија, како апарат. Гледачот е неизбежно привлечен кон хоризонтот, кон линијата меѓу небото и морето, која напати шокира со интензитетот, а потоа целосно исчезнува. Плимата и осеката на хоризонтот, кој навлегува и кој се повлекува од погледот, во голем степен е темата на серијата како целина. Бамбериниот опис на хоризонтот како граница говори за *квир*-временост и *квир*-просторност, кои ѝ одолеваат на претставата за уметноста како таа да е способна да гледа подалеку, и, всушност, прави уметност за *ограничувањето*, за тесноградоста на иднината, за товарот на минатото и за итноста на сегашноста.

Претставата за ограниченият хоризонт нè враќа кон книгата на Еделман „Без иднина“ (2005), со тоа што и Бамбер и Еделман го испишуваат неуспехот на *настраноста* во времето и во просторот. Додека за Бамбер, морските пејзажи ги исцрпуваат романтиката и чувството на вечност од природата, за Еделман, *настраното лице* е секогаш неизбежно поврзано со смртниот нагон. Впрочем, смртта и конечноста се самото значење на настраноста, доколку таа воопшто има значење, и Еделман го користи ова *настрано* чувство за да предложи немилосрдна форма на негативност, наместо напредната, репродуктивна и хетеронормативна политика на надежта – инспирација на премногу политички проекти. Мојот обид да ја поврзам *настраноста* со еден вид на естетски проект изграден околу логиката на неуспехот се судира со Еделмановиот напор *настраноста* да ја издвои од оптимистичката и хуманистичка активност на создавање на значењето. Според него, *настраниот субјект* е епистемолошки врзан за негативноста, бесмисленоста, „противпродукцијата“, за неразбирливоста и, наместо да се бори со ваквата карактеризација, на начин што ќе ја одвлечка *настраноста* кон препознатливост, тој предлага да ја прифатиме негативноста, која, секако, веќе структурно ја претставуваме. Полемиката на Еделман за идноста ѝ доделува функција на граница на *настраноста*. Додека хетеронормативната политичка имагинација се придвижува нанапред во просторот и во времето, преку несомнено позитивната слика за детето и додека се проектира наназад кон минатото, преку достоинствената слика на родителот, *настраниот субјект* ги попречува хетеросексуалниот оптимизам и неговата реализација.

Во тековниот политички момент, книгата на Еделман претставува силен аргумент против империјалистичкиот проект за надежта на САД, односно, како што го нарекува Барбара Ехренрај[xxxiii], „светлостраност“ (*bright-sidedness*) и сè уште важи за една од најмоќните изјави во придонесот на *квир*-студиите за антиимперијалистичката, *настрана*, противхегемонистичка имагинарност. Сепак, би сакала критички да го анализирам проектот на Еделман за да прикажам поексплицитно политичко врамување на антисоцијалниот проект, кое, на корисен начин, го вклучува неуспехот. Додека Еделман неговата полемика ја врамува наспроти идноста, со епиграфи на Жак Лакан и на Вирџинија Вулф, тој ја испушта поочигледната референција изведена во насловот, која одекнува низ неодамнешната *настрано*-антисоцијална естетска продукција, односно во „Бог да ја чува кралицата“, во изведба на *Секс пистолс*. Додека *Секс Пистолс* рефренот „Без иднина“ го употребија за да го отфрлат конвенционалниот сојуз на нацијата, монархијата и на фантазијата, за Еделман, материјалните политички прашања се недоделкани и здодевни, тие се веќе дел од изведувањето на иднината, кое неговиот проект го исклучува. Впрочем, тој се насочува кон обесполојувачки уредните и прецизни теоретски контракции на идноста кај Лакан, бидејќи, како и Лакан и Вулф, но за разлика од панкерите, тој се стреми да постигне еден вид на опсесивна контрола над приемот на неговиот дискурс. Еделмановата синтакса се изобличува и се врти против себеси, ужива во моќта за инверзија и ја прекинува анархијата на означување. Во фусноти и во слични хијазмички формулации ја исклучува критиката и го лишува читателот од иднината и од фантазиите за неа. Во една фуснота се предвидува критика на неговото дело заснована на „елитизам“, „претензија“, белина и на стил, и предвидува други приговори врз основа на „аполитичкиот формализам“. За себеси тврди дека нема разбирање за таквите реакции и, бидејќи ја исклучил иднината, продолжува по својот пат во затворениот свет на разумноста и на хијазмата. Полемиката на Еделман отвора простор за брутална артикулација на негативност („Кој го ебе општествениот поредок и детето, во чие име колективно нè тероризираат?; Кој ја ебе Ени? (заб. на прев.: ликот на сирачето од истоименият мјузикл од 1982 г.); Кој го ебе бездомникот од „Клетници“?; Кој ги ебе сиромавите, кој го ебе наивното дете на Интернет?; Кој ги ебе законите, оние со мала и оние со голема

буква?; Кој ги ебе целата мрежа на симболични односи и иднината што таа мрежа ја потпомага?“ [29]), но, на крајот, не го заебува Законот, ниту оној со голема ниту оној со мала буква, му се предава на законот на граматиката, на законот на логиката, на апстракцијата, на законот на аполитичкиот формализам, на законот на жанровите.

Што ја сочинува, или би ја сочинувало, политиката „без иднина“ и, следствено, политиката на негативноста? Фразата „Без иднина“ *Секс Пистолс* ја претвори во сплотувачки повик за лишените (*dispossessed*) во Британија. Во песната со која дебитираа, напишана како гест против 25-годишнината од владеењето на Кралицата, националната химна ја претвори во жолчно одбивање на традицијата на монархијата, на националната оддаденост таа да истрае и на сето она што се разоткрива во самата идност, каде што идноста ја означува нацијата, како поделба на класи и на раси од кои зависи претставата за национална припадност. Песната претставува отфрлање на славењето на идеолошкиот систем што ѝ дава значење на нацијата, а им го одзема значењето на сиромавите, невработените, промискуитетните, „неграѓаните“, на имигрантот подложен на расизам, на *настраните*:

Бог да ја благослови Кралицата!
Таа не е човечко суштество.
Нема иднина
во мечтаењето на Англија...
Бог да ја благослови историјата!
Боже, благослови ја лудата парада!
Боже, имај милост!
Сите долгови се исплатени.
Кога нема иднина,
зошто да има грев?
Ние сме цвеќиња во канта за отпадоци,
ние сме отровот во твојата машина од луѓе
ние сме иднината, твојата иднина...
Бог да ја благослови Кралицата!
Навистина, човеку,
нема иднина
во мечтаењето на Англија...
Нема иднина, нема иднина,
нема иднина за тебе.
Нема иднина, нема иднина,
нема иднина за мене.

„Нема иднина“, за Еделман, значи насочување на нашите желби отаде вечното сјаење на беспрекорното дете и откривање на засенетата страна на политичкото имагинарно во гордата стерилна и антирепродуктивна логика на *ненормативниот однос*. Се чини дека има некакво значење (дури и преголемо) за Симболичкото на Лакан, но не доволно за моќната негативност на панк-политиката, која, како што посочив во однос на „Броење на возови“, јасно укажува на симболичниот и на буквалниот нихилизам. Со тоа што *Секс Пистолс* му плукнаа в лице на англискиот провинцијализам и себеси се нарекоа „цвеќиња во канта за ѓубре“, со тоа што себеси се поврзаа со ѓубрето и со остатокот од финото општество, тие го испуштија својот отров во човекот. Негативноста можеби претставува антиполитика, но не се документира како аполитична.[xxiv]

Во четвртото поглавје ја следам трагата на антисоцијалниот феминизам, создаден, меѓу другите, и од Џамајка Кинкејд. Овде се насочувам кон Валери Соланс, извонредна антисоцијална феминистка, која артикулира сериозна антисоцијална политика, според која патријархатот се согледува не само како форма на машката доминација туку и како формална продукција на разумот, владеењето и на значењето. За неа, среќата и очајот, идноста и лишеноста имаат улога на темели на одредени форми на субјективизам во рамките на патријархатот. Таа немилосрдно го спротивставува производството на „вистина“ во рамките на патријархатот наспрема сопствената мрачна, перверзна вистина за мажите, мажественоста и за насилството. За Соланс, патријархатот претставува систем на значења што уредно ги разделува позитивните и негативните човечки особини меѓу мажите и жените. Таа го врти овој процес наопаку, при што мажите ги согледува како „биолошки несреќи“ и, истовремено, одбива да го заземе просторот на позитивност. Напротив, таа го колонизира доменот на насилството и услужно се нуди да ги исечка на парчиња мажите, за да го разурне хегемонистичкиот поре-

док. Додека *стреј*т-мажите претставуваат „*дилдо* на нозе“, *геј*-мажите се, едноставно, „педери“ и ги отелотворуваат најлошите особини на патријархатот, бидејќи тие се мажи што сакаат други мажи и немаат потреба од жени. Во „Манифест СКУМ“ (Соланс, 2004) хомосексуалноста од секаков вид се нарекува „педерство“, а мажите би требало да се плашат од неа и, истовремено, да ја посакуваат. За Соланс, мажите, во кој било облик, се непријатели и не постои такво нешто како маж-отпадник. Познато е дека таа теоријата ја примени во практика кога пукаше со пушка во Енди Ворхол, затоа што тој „украл“ нејзино сценарио. Иако анархистичкото насилство на овој чин ужаснува, сепак, токму на ваков вид на насилство се повикуваме и на ваков вид на насилство мислиме кога се теоретизира и се обмислува негативноста.

Според мене, вистинскиот проблем со антисоцијалниот премин во *квир*-теоријата посочен во делата на Берсани, Еделман и на другите, не е во значењето на негативноста – кое, според мене, се наоѓа во низата политички проекти, од антиколонијализмот до панкот – туку во неизмерно малата архива на негативноста на настраноста. Од една страна, машката *геј*-архива се совпаѓа со канонската архива, а, од друга страна, таа ја ограничува архивата на одбрана група на антисоцијални *квир*-естетичари, *кемп*-икони и *кемп*-текстови. Во неа се вбројуваат Тенеси Вилијамс, Вирџинија Вулф, Бет Мидлер, Енди Ворхол, Хенри Џејмс, Жан Жене, бродвејските мјузикли, Марсел Пруст, Алфред Хичкок, Оскар Вајлд, Џек Смит, Џуди Гарланд и Кики и Херб, но ретко се споменуваат другите антисоцијални писатели, уметници и текстови, како што се Валери Соланс, Џамајка Кинкејд, Патриша Хајсмит, Волас и Громит, Џони Ротен, Никол Аџсман, Ајлин Мајлс, Џун Џордан, Линда Бесмер, Хотхед Пајсан, „Барајќи го Немо“,„Лезбијки на екстази“(*Lesbians on Ecstasy*), Дебора Кас, „Сунѓерот Боб“, Марга Гомез, Тони Морисон и Пети Смит.

Бидејќи содржи краток список на омилени канонски писатели, машката *геј*-архива е поврзана со ограничен опсег на афективни реакции. Така, заморот, здодевноста, досадата, рамнодушноста, саркастичното дистанцирање, недиректноста, препреденото избегнување, неискреноста и *кемп*-хуморот ја сочинуваат „архивата на чувства“ на Ен Цветковиќ (2003), поврзана со ваквата форма на антисоцијална теорија. Но, ваквиот канон впива и поинаква гарнитура на афективности поврзани со поинаков вид на политика и со поинаква форма на негативност. Во оваа архива можат да се препознаат бес, нељубезност, лутина, инает, нетрпение, интензитет, манија, искреност, сериозност, преголема вложеност, нецивилизираност, брутална искреност и разочарување. Првата архива претставува *кемп*-архива, репертоар на формализирани, а често и стереотипни, реакции на баналноста на *стреј*т-културата и на повторливоста и неимагинативноста на хетеронормативноста. Втората архива им е, сепак, во голема мера, подоследна на недисциплинираните видови на реакции, кои Лео Берсани ги поврзува со сексот и со културата на настраните и токму овде се ослободуваат ветувањето за себеразнишување (*self-shattering*), загубата на контролата и на значењето, неуредниот говор и желбата. Лутината на лезбијките, антиколонијалниот очај, расниот бес, противхегемонистичкото насилство, панк-боксот – ова е мрачната и гневна територија на антисоцијалниот пресврт, ова се запчестите зони во чии рамки не се појавува само себерастовареност (на некој начин, спротивно од нарцизмот) туку и растовареност на другиот. За да се постигне антисоцијалниот премин во *квир*-теоријата, мора да ја напуштиме безбедната зона на учтива размена, со цел да ја прифатиме вистинската политичка негативност, која, овој пат, ветува да не успее, ветува да направи хаос, да заебе, да биде гласна, непристојна, нељубезна, да сее огорченост, да проговори, да прекине, да изврши атентат, да шокира и да анихилира.

Превод од англиски:
Јулија Мицова

i Sandage, Scott. *Born Losers: A History of Failure in America* (Cambridge: Harvard University Press, 2005)

ii Scott, James C. *Weapons of the Weak: Everyday Forms of Peasant Resistance* (New Haven and London: Yale University Press, 1987), 87

iii Gramsci, Antonio. “Hegemony, Relations of Force, Historical Bloc,” во *The Gramsci Reader: Selected writings, 1916–1935*, ed. David Forgasc (New York: New York University Press, 2000), 191

iv заб. на прев. од англискиот збор *cruising* – барање на анонимен сексуален партнер во јавниот простор, како паркови, јавни тоалети, трговски центри итн.

v Munoz, Jose Esteban. *Disidentifications: Queers of Color and the Performance of Politics* (Min-

neapolis: University of Minnesota, 1999)

vi Welch, Irvine. *Trainspotting* (London: Norton, 1996)

vii Lowe, Lisa. *Immigrant Acts: On Asian American Cultural Politics* (Durham: Duke University Press, 1996)

viii Edelman, Lee. *No Future: Queer Theory and the Death Drive* (Durham: Duke University Press, 2005), 31

xix види Rosyln Oxley9 Gallery, www.roslynoxley9.com.

x заб. на прев.: жаргонски збор со кој Американците го именуваат Џорџ В. Буш како најнекомпетентниот претседател досега.

xi Love, Heather. *Feeling Backwards: Loss and the Politics of Queer History* (Cambridge: Harvard University Press, 2009), 21

xii Hocquenghem, Guy.“Capitalism, the Family, and the Anus,” во *Homosexual Desire*, trans. Daniella Dangoor (Durham: Duke University Press, 1993), 94

xiii заб. на прев. зборови кои во англискиот јазик почнуваат на буквата „л“, како и лезбијка

xiv заб. на прев.: во англискиот јазик.

xv Crisp, Quentin. *The Naked Civil Servant* (New York: Plume, 1968), 196

xvi заб. на уредникот: Од англискиот збор „camp“ со преносно значење вид на хумор привлечен заради својата дрскост и исмевање. Исклучително влијателна од историска и културна перспектива е културната етнографска студија на Ештер Њутон, во која таа забележува: “На секоја хомосексуална забава, постојат два компетитивни, а сепак комплементарни типа на луѓе околу кои се вртат интересите и активностите: “најубавиот“, сексуално најпосакуваниот маж, и “најкемп“, најдраматичната, вербално најзабавната кралица. Комплементарната природа на двете улоги станува највидлива кога, како што се случува често, кралицата го држи вниманието на неговата публика со тоа што коментира (не секогаш благонаклоно) за “убавината“ и стратегиите што ги применуваат оние кои се убидуваат да победат помеѓу најубавите фаворити во текот на вечерта. Во идеални услови, добрата забава и доброто дрег шоу, вклучуваат убави млади мажи и кемп кралици. Најчесто, на и вон сцената, кемп е личност која, според групните критериуми, е помалку сексуално атрактивна, дали како резултат на староста или понезабележителните физички шармови, или пак и поради едното и другото. Каква и да “објективната“ физичка појавност на кемпот, неговата најуспешна шега е секогаш на негова сметка“. Во Esther, Newton. *Mother Camp: Female Impersonators in America* (Chicago: University of Chicago Press, 1979), 56

Во рамки на квир културата кемп претставува перформативен жанр, посебен сензибилитет или вкус за уметност и забава, чијашто главна карактеристика е ироничната перспектива кон социјално и културно етаблираните вредности, со посебен фокус кон хетеронормативниот вредносен канон. Во машката геј култура, кемп

перформативот граничи помеѓу комичното и трагичното, посебно во оние ситуации во кои трагичните искуства се подведуваат под ударот на сатирата или иронијата, а со што се истакнува став кој ги израмнува разликите и привилегиите во контекст на легитимните и нелигетимните загуби, односно им ја одзема власта на културно и хетеронормативно препознаените и признаени форми на загуба и болка. Во таа смисла, кемп зензибилираниот перформатив укажува на гледиштето дека никој не е изземен од социјаланта осуда, односно дека сите сме подеднакво подложни на срамот, вклучително и лицето кое е кемп, односно кое ја перформира оваа културна пракса, во оние моменти кога се подлегнува и самиот на хумор и подсмев адресирајќи го и сопственото искуство на траума и презреност.

Кемп претставува културна стратегија на опстанок во општество обележано и устроено врз основа на доминација. Креативна стратегија со која се апроприираат алатките веќе достапни во нормативната култура, фрагментарно и со преозначувачка тенденција, преку која се извртува примарната намера на истите, односно им се одзема привилегијата на културно етаблираните здраворазумски претпоставки. Одовде и тенденцијата на кемп сензибилитетот кон претерување, пренагласена артефициелност и хиперестетизација. Склоноста во кемп хуморот кон овие параметри им ја враќа превртена, како бумеранг, претпоставката на социјалните позиции и вредности како природни, суштествени, нормални, вродени и универзални, и ги соголува истите како ништо повеќе од копија, наместо оригинал според кој се хиерархизираат сите копии на родовата и сексуална нормативност. На овој начин, кемп хуморот ги дехиерархизира сите идентитети и ги претставува како улоги. Како што забележува и Сузан Зонтаг во нејзиниот есеј “Белешки за кемп“, кемп става се во наводници, Битието станува улога, наместо онтолошка нужност или вроденост, а животот се изедначува со театралноста.

За повеќе во врска со кемп културата, и посебно нејзиниот однос кон идеалот на убавината доминантен во машката геј култура, како и стратегиите на птор кои произлегуваат од кемп стилистиката, види: Halperin, David M. *How To Be Gay* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2012).

xvii Brooks, Daphne. *Bodies in Dissent: Spectacular Performances of Race and Freedom*,1850–1910 (Durham: Duke University Press, 2006)

xviii Brassai, Gyula Halasz *The Secret Paris of the 1930's* (New York: Pantheon, 1976), n.p

xix Sontag, Susan. *On Photography* (New York: Picador, 2001), 16

xx Bosworth, Patricia. *Diane Arbus: A Biography* (New York: W. W. Norton, 2006), 307

xxi За повеќе детали поврзани со проблематичната релација на Патриша Хајсмит со нејзината мајка, нејзините анти-социјални тенденции, и нејзината склоност кон листи, види Joan Schenkar, *The Talented Miss Highsmith* (2009).

xxii Munoz, Jose Esteban.*Cruising Utopia: The Then and There of Queer Futurity* (New York: New

York University Press, 2010)

xxiii Ehrenreich, Barbara. *Bright- Sided: How the Relentless Pursuit of Positive Thinking Has Undermined America* (New York: Metropolitan Books, 2009)

xxiv Во дослух со историјата на репрезентации на хомосексуалноста како загуба и смрт, од Пруст до Редклиф Хол, делото на Мајоли влегува во дијалог и со историјата на уметници кои сликаат од темнината, многу повеќе отколку од светлината – понекогаш нарекувани како "тенебристи", сликари како Караваџо (претставен како педер од страна на Дерек Џарман во истоименот филм), и Рембрант, кој сликаше од темнината одбивајќи истата да ја повлече и да и даде примат на светлината. Шпанскиот сликар Гоја, од 18 век, исто така честопати се доведува во врска со Црното сликарство, а неговите слики комбинираат застрашувачки теми со мрачни перспективи за човечките услови. Уметноста од темната страна ги одбива хуманистичките наративи за просветителството, прогресот, и среќата, и не потсетува на насилството, на напнатоста на човечкото искуство. Ова е една од оние работи што ги забораваме кога инсистираме на позитивни слики во рамки на популарните репрезентации и кога се фокусираме на политичкото признавање и прифаќање во нашите политики. За повеќе информации за црното огледало и политиките на сликањето во темнината, види Lasch 2010 и English 2010.

ИДНИНАТА Е ДЕТСКА РАБОТА

Ли Еделман[1]

Во пролетта, 1997 г., пред десничарскиот напад на неговото претседателствување, кој конечно успеа да му нанесе вистинска штета, Бил Клинтон беше предмет на мала, но, сепак, речита политичка контроверзија. Неговото појавување, заедно со своите сопруга и ќерка, во серија огласи за јавна служба, спонзорирани од непрофитната организација *Ад консил*, според *Њујорк Тајмс*, „го отвора прашањето за тоа каде сопира политиката, а каде започнува јавната служба". Таквите прашања, барем за оние што ги отворија, отсликуваа загриженост дека неговата слика, распространета во серија печатени реклами и видеоспотови за поддршка на група што се идентификуваше како *Коалиција за американските деца*, може да ја зголеми популарноста на Претседателот кај гласачите, со тоа што ќе ја покаже неговата приврзаност кон едно множество вредности за кое се смета дека е надвор од политиката: вредностите чиј центар е семејството, секако, но и вредности што се фокусираат на заштитата на децата. Со тоа што *Тајмс* го покажуваше Претседателот како „загрижен, трудољубив родител" – како некој посветен на благосостојбата на оние што најмалку можат да се грижат за себеси, а особено како „бранител на децата, во однос на прашањата како што се образованието и дрогите" – изгледаше веројатно дека овие огласи ќе го зголемат неговиот морален раст, а, со тоа, и неговите позиции кај американскиот електорат, или барем тоа беа стравовите на Алекс Кастеланос, републиканскиот советник за медиуми. „Ова е татковска фигура", се жалеше тој на страниците на *Тајмс*, „ова е татенце, ова е главата на политичко домаќинство.

---

1 *Заб. на уредникот*: "The Future is Kid Stuff," во *No Future*, Lee Edelman, с. 1-32. Copyright, 2004, Duke University Press. Сите права за ова издание му припаѓаат на издавачот. Објавено со дозвола на сопственикот на правата. www.dukeupress.edu

Ништо не може да му помогне повеќе од ова.“[i]

Но, она што најмногу му помогна кај овие повици во полза на американските деца беше социјалниот консензус дека е невозможно да се одбие таквиот повик. Навистина, иако овие огласи завршуваа со некој вид на реторички набој што наликува на борбена политичка кампања („Се бориме за децата. На чија страна си ти?“), ваквата реторика всушност требаше да покаже дека овој проблем, како идеолошка Мобиусова лента, *дозволува* поддржување на само една страна. Таквата „самоочигледна“ едностраност – потврда на вредност што е толку непреиспитана, бидејќи е толку очигледно несомнена, како онаа на Детето, чија невиност моли за заштита – е токму она што ги разликува овие огласи од партискиот дискурс на политичката аргументација. Но, според мене, оваа едностраност е и она што ги прави таквите огласи толку угнетувачко политички, и тоа политички, не во партиската смисла на која укажуваше советникот за медиуми, туку на многу поподмолен начин: политички во онаа мера во која фантазијата што ја потпира сликата за Детето неизбежно ја обликува логиката во која мора да се мисли самото политичко. Таа логика, до извесна мера, која би ја означиле како политички одговорна, нè присилува, да се помириме со врамувањето на политичка дебата и, секако, со полето на политиката, определена од она што оваа книга го опишува како „репродуктивен футуризам“: услови што му наметнуваат идеолошка граница на политичкиот дискурс, со што се задржува апсолутната привилегија на хетеронормативноста, правејќи ја незамислива можноста за квир-отпор кон овој организациски принцип на односите во заедницата и изоставајќи ја оваа можност од доменот на политичкото.

Зашто политиката, без оглед на тоа колку се радикални начините со кои определени избирачи се обидуваат да произведат некој посакуван социјален ред, во својата срцевина, останува конзервативна, во смисла дека работи во полза на *афирмирање* на структурата, во полза на *заверување* на социјалниот поредок, кој, потоа, има намера да го пренесе во иднината во форма на свое внатрешно Дете. Тоа Дете останува постојан хоризонт на секоја позната политика, фантазмагоричен корисник на секоја политичка интервенција. Дури и застапниците за правото на абортус, додека ја промовираат слободата на жените да ги контролираат сопствените тела преку

репродуктивен избор, повторно ја врамуваат својата политичка битка, угледувајќи се на своите противници, кои се борат против абортусот, како „битка за нашите деца – за нашите ќерки и синови“ и, оттаму, како борба за иднината.[ii] Во тој случај, што би значело да не „се бориш за децата“? Како би можело да се застане на *другата* страна, кога заземањето на која било страна нужно значи принуда да се застане на *страната на*, со самото тоа што се зазема *страна во*, еден политички поредок што се враќа на Детето како на онаа слика за иднината кон која се стреми? Невозможно, и противразумски, мојот проект се обложува токму на оној простор што „политиката“ го прави незамислив: на просторот надвор од рамката во која се јавува политиката каква што ја познаваме а, така, и надвор од конфликтот на визии што, како своја претпоставка, го споделуваат ставот дека политичкото тело (*body politic*) мора да опстане. Всушност, во срцето на мојот полемички ангажман со културолошкиот текст на политиката и со политиката на културолошкиот текст почива едноставна провокација: дека настраноста (*queerness*) ја именува страната на оние што *не* се „борат за децата“, страната надвор од консензусот со кој сета политика ја потврдува апсолутната вредност на репродуктивниот футуризам. Подемите и падовите на политичкиот касмет можеби го мерат пулсот на социјалниот поредок, но настраноста, напротив, надвор и отаде нејзините политички симптоми, го пронаоѓа местото на нагонот за смртта на социјалниот поредок. Тоа е, секако, местото на објектот изразен во стигмата, која е понекогаш фатална и која следува од буквалното читање на таа фигура, па, оттаму, тоа е и местото каде што либералната политика тежнее да се одвои од она што е *настрано*. Ова тежнеење е прилично разбирливо ако се има предвид бесконечната вера во разумот. Порадикално, пак, како што тврдам овде, настраноста ја задржува својата етичка вредност токму во онаа мера во која се согласува со тоа место, прифаќајќи го неговиот фигуративен статус како отпор кон животворноста на општественото, истовремено настојувајќи на неразделивоста на таквиот отпор од секоја општествена структура.

За да изведам такво тврдење, во оваа книга ја разгледувам сеприсутната појава на Детето како амблем на несомнената вредност на иднината, па против него го предлагам невозможниот проект

на спротивставеноста на *настраното* што ќе се исправи наспроти структурните детерминанти на таквата политика, односно што ќе ѝ се спротивстави на логиката на спротивноста. Оваа парадоксална формулација сугерира одбивање – токму она соодветно перверзно одбивање што ја карактеризира *квир*-теоријата – на секоја супстанцијализација на идентитетот, кој е секогаш определен преку спротивности[iii], и, по аналогија, одбивање на историјата како линеарен наратив (телеологија на сиромашниот), во кој значењето, со текот на времето, успева да се разоткрие (како значење). Далеку од тоа да учествува во ова движење на наративот кон остварлива политичка иднина, далеку од тоа да ја одржува фантазијата за конечно остварување на значењето, настраното ја осмислува браната за секое остварување на иднината, го осмислува отпорот што е вграден во општественото, отпорот кон секоја општествена структура или кон секој општествен облик.

Наместо да го отфрламе, заедно со либералниот дискурс, ова припишување на негативноста на *настраното*, можеби е подобро, како што докажувам, да размислиме за тоа да го прифатиме или дури да му се приклониме. Не со надеж дека така ќе исковаме некој посовршен општествен поредок – таквата надеж, на крајот на краиштата, само ќе го репродуцира ограничувачкиот мандат на футуризмот, како што секој таков поредок еднакво би ја поттикнал негативноста на *настраноста* – туку, поскоро, за да одбиеме самата надеж да се наметне како афирмација, која е секогаш афирмација на поредок чие одбивање ќе се забележи како незамисливо, неодговорно, нечовечно. А адутот на афирмацијата? Секогаш се поставува прашањето: „Ако не ова, тогаш што?“ Секогаш е присутно барањето да се преведе настојувањето на негативноста, на нејзината пулсирачка *сила*, во некој определен став или „позиција“ чие, пак, определување би ја негирало Секогаш е присутен императивот таа да се затвори во некаква стабилна или позитивна *форма*. Така, кога тврдам дека можеби треба да се обидеме да го сториме невозможното – колку и да е задолжителна, да ја повлечеме нашата привржаност кон реалноста базирана на шемата за репродуктивен футуризам на Понзи – немам намера да предложам некое „добро“ што, на тој начин, би било осигурено. Напротив, намерата ми е да тврдам дека ништо, а особено не она што го нарекуваме „добро“, не може да има каква било сигурност во поредокот на Симболичкото. Одрекувајќи му верност на футуризмот, кој е секогаш купен на наша сметка, иако е врзан, како што се врзани и симболичките субјекти на кои им е доверено да го осмислат укинувањето на Симболичкото, за неопходната контрадикција да се обидува да ја сврти сопствената интелигибилност против себеси, би можеле фигуративно да го дадеме гласот за „ништо од погоре кажаното“, за приматот на едно постојано не како одговор на законот на Симболичкото, во кое би одекнувал основачкиот акт на тој закон, неговата себеконститутивна негација. Структурниот оптимизам на политиката, на кој нè обврзува поредокот на значењето инсталирајќи постојана надеж дека до значењето може да се досегне преку акт на означување, е секогаш, тврдам, негација на овој основен, конститутивен и негативен акт. А, различните позитивности што логиката на политичка надеж ги произведува зависат од математичката илузија дека негираните негации можат некако да ја избегнат таквата негативност, но не и да ја удвојат. Оттаму, мојата полемика ќе застане зад навистина безнадежен облог: со тоа што ќе ја доведеме негативноста на Симболичкото до крајни граници, со тоа што ќе одржуваме во живот нешто што му е инхерентно на разумот, а што самиот разум го одбива, со тоа што ќе ги свртиме силите на *настраноста* против сите субјекти, колку и да се *ненормативни*, ќе добиеме пристап до *жуисанс* (*jouissance*)[iv], кој едновремено нè определува и нè негира. Или подобро: можеме да ја разоткриеме постојаноста, неизбежноста на таквиот пристап кон *жуисанс* во самиот општествен поредок, дури и ако тој поредок има постојан пристап кон *жуисанс*, единствено така што постојаноста на пристапот со гадење ќе му ја припише на *девијантот*.

Наспроти она што Теодор Адорно го опишува како „мрачноста со која човекот грчевито држи до себеси, како до нешто непосредно сигурно и суштинско“, *настраноста* за која зборувам намерно ќе нè одвои од нас самите, од убедености, односно, од нашето знаење за себеси а, оттаму, и од знаењето за нашето „добро“.[v] Таквата *настраност*, на местото на доброто, предлага нешто што сакам да го наречам „подобро“, иако тоа, во повеќе од една смисла на изразот, не ветува апсолутно ништо. Го поврзувам ова „подобро“ со Лакановата карактеризација на „вистината“, каде што вистината не

ја обезбедува среќата, а, како што разјаснува Лакан, не го обезбедува ниту доброто.[vi] Наместо тоа, ја именува само настојчивата поединечност на субјектот, која не може да добие целосен облик и не може да се насочи кон реалното.“[vii] Оттаму, Лакан за оваа вистина ќе напише:

Неа најдобро ја карактеризира она што е вистински вунш (Wunsch), кој е во коренот на абнормалното или на атипично однесување.

Овој вунш го среќаваме со неговиот особен, несведлив карактер, како модификација што не претпоставува ниеден друг облик на нормализација, освен оној на искуството на задоволство или на болка, но тоа е едно финално искуство од каде што тој извира и потоа е сочуван во една несводлива форма во длабочините на субјектот. Вунш нема карактер на универзален закон, туку, напротив, има карактер на најпоединечен закон од сите закони – и покрај тоа што е универзална, оваа особеност може да се најде во секое човечко суштество.[viii]

Вистината, исто како и настраноста, несведливо поврзана со „абнормалното и атипичното“, со она што ѝ се опира на „нормализацијата“, својата вредност ја наоѓа не во општото добро, туку само во тврдоглавата поединечност што го испразнува секој поим на општо добро. Прегратката на негативноста на *настраното*, така, не може да има оправдување, доколку оправдувањето од неа би барало да зајакне некоја позитивна општествена вредност. Поскоро, нејзината вредност пробива во нејзиното преиспитување на вредностите какви што ги дефинира општественото и, оттаму, пробива во нејзиното радикално преиспитување на самата вредност на општественото.[ix]

Зашто, со тоа што ќе осмисли одбивање на принудното верување во врвната вредност на иднината, истовремено одбивајќи каква било излезна надеж во дијалектички пристап до значењето, *настраните* (*queer*) на социјалниот поредок му ги одземаат темелите на кои тој почива, а тоа е верата во конзистентната реалност на општественото и, по аналогија, на општествениот субјект, вера што политиката, онаа на десницата или онаа на левицата, имплицитно ја

потврдува. Слекувајќи ја политиката од нејзините тематски украси, ставајќи ја на страна поединечноста на нејзините разновидни предлози за општествено организирање, *настраните* настојуваат на тоа дека политиката секогаш е политика на означителот или, често, на она што Лакан ќе го нарече „писмото“. Служи да закотви реалност што е секогаш незакотвена од означувањето и на која ѝ недостига каква било гаранција. Се разбира, да се каже ова не значи да се оспори искусеното насилство, кое често ја вознемирува општествената реалност или конзистентноста со која навидум нè носи – и затоа нè притиска – сите нас. Поскоро, тоа значи дека треба да се укаже на фактот дека *настраноста* ја разоткрива искривеноста на нашиот однос кон она што го искусуваме како општествена реалност и кон она што го искусуваме во таа реалност, со тоа што нè алармира за фантазиите што се структурно неопходни за да ја издржиме, вовлекувајќи ги тие фантазии низ фигуралните логики и лингвистичките структури што ги обликуваат. Ако сака ефектно да интервенира во репродукцијата на таквата реалност – интервенција што може да осмислува како да ја абортира таа реалност – *квир*-теоријата мора секогаш да настојува на своите врски со променливоста на знакот, со напнатоста меѓу пропаста на означителот во мртовечката материјалност на писмото и неговото учество во референтниот систем од каде што го генерира самото значење. Со други зборови, како посебна приказна што раскажува зошто раскажувањето не успева, како приказна што ги зема и вредноста и товарот на неуспехот врз себе, квир-теоријата, онака како што јас ја образложувам, ја означува „другата“ страна на политиката: „страната“ каде што наративната реализација и дереализација се преклопуваат, каде што животните енергии без престан се вртат против себеси; „страната“ надвор од сите политички страни обврзани на несомненото добро на футуризмот. Остатокот од оваа книга се обидува да ги разјасни импликациите на ова тврдење, но, најпрво, дозволете да скицирам неколку врски меѓу политиката и политиката на знакот со тоа што ќе го воспоставам психоаналитичкиот контекст во чии рамки се обликува мојот аргумент.

Како и мрежата означувачки односи што го формира Лакановото имболичко“ – регистарот на говорничкиот субјект и поредокот на законот – и политиката може да функционира како рамка во која ја

искусуваме општествената реалност, но само во онаа мера во која таа нè присилува реалноста да ја искусиме во облик на фантазија. Поточно, да ја искусиме фантазијата како форма, поредок, организација што ја обезбедува стабилноста на нашите идентитети како субјекти, како и кохерентноста на тотализациите на имагинарното, преку која тие идентитети ни се јавуваат во препознатлив облик. Иако материјалните услови на човечкото искуство, навистина, може да се во опасност од мноштвото конфликти, преку кои политичките перспективи се натпреваруваат за моќта да ја именуваат и со именувањето да ја обликуваат нашата колективна реалност, непрестајниот конфликт на нивните општествени визии ја сокрива нивната заедничка волја да воспостават (како да е тоа самата реалност) една либидинозна фантазија или некаква друга фантазија, чијашто намена е да ја затскрие празнотијата што означителот ја вметнува во срцевината на имболичкото. Политиката, да го кажеме ова на поинаков начин, го именува просторот во кој имагинарните релации, кои ја следат трагата до илузијата за себноста како за нешто што поседува исконски пристап до постоењето (постоење што е ретроактивно постулирано и, оттаму, може да се каже, изгубено уште од почетокот), се натпреваруваат за симболичко исполнување, за актуализација во областа на јазикот на која субјектификацијата нè подлегнува сите. Само посредството на означителот ни овозможува да ги обликуваме тие релации на магинарното, иако тоа секогаш значи да се воведе дистанцата што го спречува нивното остварување: дистанцата вградена во синџирот непрестајни одложувања и заменувања, кои јазикот, како систем од разлики, неизбежно ги раѓа. Означителот, како отуѓувачки и бесмилен знак на нашата симболна конституција како субјекти (како знак, значи, на нашата субјектификација преку потчинувањето на хоризонтот на значењето); означителот, со чија помош секогаш го населуваме поредокот на другиот, поредокот на општествената и на лингвистичката реалност обликувана од некое друго место; означителот што нè повикува во значењето, навидум, повикувајќи нè во себеси: овој означител доделува само некој вид *ветен* идентитет, со кој никогаш целосно нема да се совпаднеме, бидејќи ние, како субјекти на означителот, и самите можеме да бидеме означители, и, единствено, можеме да тежнееме да го сфатиме она што го означуваме, што и да е тоа, така што ќе

го затвориме јазот што нè дели и, парадоксално, нè прави субјекти токму *преку тој акт на поделба*. Оваа структурна неможност на субјектот да се сплоти со себеси, поради која себе се гледа како означител, во очите на другиот развива различни стратегии осмислени да го зацврстат субјектот во просторот на значењето, каде што се преклопуваат Симболичкото и Имагинарното. Политиката го именува општественото озаконување на обидот на субјектот да ги воспостави условите за ова негово невозможно консолидирање, кое го прави така што се идентификува со нешто *надвор* од себеси, за да влезе во постојано одложуваното *сопствено* „присутнување“. Односно, политиката ја именува битката за создавање фантазмагоричен поредок на реалноста во која отуѓувањето на субјектот ќе исчезне во рашрафеноста на идентитетот на крајот од бесконечниот синџир означители што се живее како историја.

Ако политиката во Симболичкото, оттаму, секогаш е политика на Симболичкото, која оперира во името и во правецот на постојано антиципираната идна реалност, тогаш телосот кој, во фантазијата, ќе стави крај на овие одложувања, кон чие постоење секогаш цели метонимискиот синџир на означители, мора да биде сфатен како дел од едно Имагинарно минато. Ова не значи само дека политиката се усогласува со временоста на желбата, т.е. со она што можеме да го наречеме неизбежна историчност на желбата – последователните поместувања кон напред на јазлите на приврзување како фигури на значењето, местата на интензивен метафоричен влог, произведени со надеж, колку и да е таа залудна, дека ќе го пополнат конститутивниот јаз што во субјектот неизбежно го поставува означителот – туку, исто така, значи дека политиката е име за темпорализација на желбата, за нејзиниот превод во наратив, за нејзината телеолошка определба. Значи, политиката, преку искажување на фиктивната форма на наратив и преку конфигурирањето во неа, ги алегоризира или едноподруго ги објаснува, токму како желба, оние „надодредени“ (*overdeterminations*) либидинозни позиции и недоследности на психичката одбрана, причинети од она што ја разобличува наративноста на желбата: нагоните, и самите нескротливи, неподложени на претопување во логиката на толкувањето или во барањата на производството на значење; нагоните, кои ја носат дестабилизирачката сила на она што притиска однадвор или отаде

означувањето, бидејќи е исклучено од него.

Нагонот, или поточно, нагонот за смрт има привилегирано место во оваа книга. Како постојаност на притисок, едновремено туѓ и внатрешен, за логиката на Симболичкото, како додаток што не може да се обликува, а однатре го разградува субјектот, поривот за смрт го именува она што *изопачеником*, во поредокот на општественото, е повикан да го осмисли: негативноста спротивставена на секоја форма на општествена остварливост. Лакан појаснува дека нагонот за смрт се јавува како последица на Симболичкото. Навистина, „Семинарот 2“ го завршува со тврдењето дека „симболичкиот поредок е истовремено небитие и настојување да се биде, а тоа е она што и Фројд го имал на ум кога зборувал за инстинктот за смрт како нешто најфундаментално – симболички поредок во породилните болки, во процесот на доаѓање, во настојувањето да се биде остварен“.[x] Сепак, ова постојано движење кон остварување не може да се одвои од волјата да се поништи она што на тој начин било поставено и одново да се започне *ex nihilo*, бидејќи нагонот за смрт го означува вишокот вграден во имболичкото преку загубата, загубата на Реалното, што го предизвикува доаѓањето на означителот. Сузан Барнар ова добро го изразува кога прави разлика меѓу „субјектот на желбата“ и „субјектот на нагонот“:

„Додека субјектот на нагонот е исто така ‚роден’ во однос на загубата, оваа загуба поскоро е реална отколку што е симболична. Како таква, таа функционира не во модус на отсуство, туку во модус на невозможна реалност која го прогонува вишокот. Ова е еден потсетник што е невозможно да се потисне и од кој субјектот не може да се одвои себеси. Со други зборови, додека желбата се раѓа и се одржува од постојан *недостиг*, нагонот се појавува во однос на конститутивниот *вишок*. Овој вишок е она што Лакан го нарекува ‚анатомски додаток’ на субјектот, претеран, ‚нереален’ потсетник што го произведува секогаш присутното *жуисанс*“.[xi]

Овој вишок што го принудува Симболичкото да започне со постојано повторување останува привидение, „нереален“ или невозможен вишок во онаа мера во која цврсто стои надвор од логиката на значењето, која, и покрај сè, го произведува. Нагонот стои на местото на она што значењето го пропушта, речиси на ист начин на кој означителот во срцевината на означителниот поредок го зачувува празното и арбитрарно писмо, бесмисленият супстрат на означувањето што значењето се обидува да го прикрие. Политиката, така, со тоа што се става наспроти негативноста на таквиот нагон, ни дава историја како континуирано претставување на нашиот сон за конечно реализирање на себеси преку бесконечно реконструирање во огледалото на желбата, рекоснтруирање на она што го сметаме за реалност. А, тоа го прави без да ни дозволи да прифатиме дека иднината на која постојано се повикува го означува невозможното место на Имагинарното минато, ослободено од оние одложувања што суштински му припаѓаат на начинот на кој дејствува означувачкиот синџир и кои се проектирани нанапред, како место на кое битието и значењето се обединети како Едно. Со ова го започнува формалното повторување карактеристично за нагонот, додека, истовремено, себеси се претставува како да го носи остварувањето на наративниот тек на историјата а, со него, и желбата, во реализацијата на автентичното постоење на субјектот во Детето, замислено како да има непосреден пристап кон целосноста на Имагинарното. Не е чудо што ерата на универзалниот субјект, како фигура на политиката, ќе ја произведе сликата на Детето каква што ја знаеме, бидејќи тоа е, исто така, овоплотување на иднината, која неопределно пропаѓа во минатото: Детето што станува (исто како кај Вордсворт, само потешко) „татко на Човекот“. Историски конструирано, како што разјаснија општествените критичари и интелектуални историчари, како Филип Арие, Џејмс Кинкејд и Лоренс Стон, за да им служи како складиште на, до различен степен, сентиментализираните културни идентификации, Детето почнало за нас да го овоплотува телосот на социјалниот поредок и да се смета за она поради кое тој поредок е одржуван со отворен кредит.[xii]

Сепак, во оваа принудна универзализација, сликата на Детето, која не треба да се помеша со преживеаните искуства на кое било историско дете, служи да се регулира политичкиот дискурс – да се пропише што е она што ќе се смета за политички дискурс – така што тој дискурс ќе биде принуден однапред да се согласи со реалноста на колективната иднина, чиј фигуративен статус никогаш не ни е дозволено да го сфатиме и да го третираме. Од иконичка-

та слика на Слободата од Делакроа, која нè води во храбриот нов свет на револуционерните можности – нејзините голи гради прават од секој гледач Дете-доенче, кому му се подадени тие гради, додека момчето од нејзината лева страна, повторувајќи ја нејзината поза, ја потврдува апсолутната логика на самата репродукција – до револуционерното сираче во логото што е минијатура на „политиката“ на *Клетници* (сумирана во нејзината химна на футуризмот, „инспиративната“ „Уште еден ден“), веќе не сме способни да размислуваме за политиката без фантазија за иднината, како што не сме способни да мислиме за иднината без фигурата на Детето. Самото тоа фигуративно Дете го овоплотува граѓанинот како идеал, со право да побара целосни права на својот дел од идните национални добра, иако секогаш по цена на ограничувањата на правата што ќе им бидат доделени на „реалните“ граѓани. Зашто, општествениот поредок постои за да го сочува овој универзален субјект, ова фантазмагорично Дете, оваа концептуална слобода, која е вреднувана повисоко од самата актуелност на слободата и која, конечно, би можела да го загрози Детето поради кое и се остварува. Оттаму, сето она што го одбива овој мандат со кој нашите политички институции наметнуваат колективната репродукција на Детето, мора да се јави како закана не само за организацијата на даден општествен поредок туку и, и тоа многу позлокобно, како закана за општествениот поредок, во онаа мера во која тој ѝ се заканува на логиката на футуризмот од која секогаш зависи значењето.

***

Оттаму, следува дека *квир*-теоријата ќе конституира место каде што радикалната закана поставена од иронијата, којашто хетеронормативната култура ја поместува во фигурата на *настраниот*, необјаснливо е вратена од оние што се *настрани* и кои тоа веќе не го одрекуваат, туку го прифаќаат својот фигуративен идентитет како овоплотување на фигурализацијата и, оттаму, како овоплотување на разградувањето на самиот идентитет. За разлика од политичките интервенции на идентитетските малцинства – вклучувајќи ги оние што тежнеат да им дадат битност на идентитетите на лезбијките, *геј*-мажите и на бисексуалците – може да се добијат изглед

како опозициски, давајќи му на тој начин на доминантниот поредок охрабрувачки симетрична, макар и превртена, слика на неговиот наводно кохерентен идентитет, *квир*-теоријата се противи на секоја таква логика на опозиција, а нејзината вистинска задача е непрестајно расчистување со сè што поседуваат. Така, *настраноста* никогаш не би можела да конституира автентичен или суштински идентитет, туку само структурна позиција определена од императивот на фигурацијата (*figuration*); зашто јазот, несовпаѓањето што го воспоставува поредокот на означителот, едновремено ја обликува настраноста и се вселува во неа, како што се вселува и во репродуктивниот футуризам. Но, тоа го прави со една разлика. Додека футуризмот секогаш антиципира во сликата на имагинарното минато, преку остварување на значењето што ќе го зацврсти идентитетот затворајќи го јазот, настраноста ги распетлува идентитетите преку кои се доживуваме себеси како субјекти, настојувајќи на Реалното, на *жуисанс*, што е општествената реалност, и футуризмот на кој таа се потпира, веќе го исклучиле.

Настраноста, оттаму, никогаш не е прашање на бидување или на постанување туку, поскоро, на овоплотувањето на остатокот од Реалното што му припаѓа на Симболичкиот поредок. Едно име за овој „неименлив“ остаток, како што Лакан го опиша, е *jouissance*, понекогаш преведено како „уживање“: движење отаде принципот на задоволството, зад дистинкциите на задоволството и на болката, насилен премин отаде границите на идентитетот, значењето и на законот. Овој премин, кон кој постојано нè придвижува дамарот на нагоните, може, како последица, во онаа мера, во која се прикачува за некој објект или за некоја цел, да има зацврстување на идентитет околу фантазијата за задоволување или за остварување преку тој објект. Истовремено, меѓутоа, *жуисанс* го разградува таквиот фетишистички влог, укинувајќи ја конзистентноста на општествената реалност, која се потпира врз имагинарни идентификации, врз структурите на Симболичкиот поредок и на патерналистичката метафора на именувањето.[xiii] Оттаму, за Лакан постои уште едно име што ја означува „неименливоста“ до која *жуисанс* ни дава пристап: „Зад именуваното, стои ‚неименливото’“, пишува тој. „Всушност, токму поради тоа што е „неименливо“, со сите резонанции што можат да му се доделат на ова име, тоа е сродно на суштински „неименливо-

то“, на смртта“.[xiv] Нагонот за смрт, оттаму, иако со радикално различен изглед, се манифестира во двете верзии на *жуисанс*. Во онаа мера во која *жуисанс*, како фантазмагорично бегство од отуѓувањето својствено на значењето, се сместува во даден објект од кој почнува да зависи идентитетот, тоа произведува идентитет како понижување, одново раѓајќи го она исто ограничување на значењето од кое требаше да ни помогне да побегнеме. Но, во онаа мера во која го раскинува материјалот на Симболичката реалност каква што ја познаваме, раскривајќи ја цврстината на секој објект, вклучително и на оној објект за кој субјектот неизбежно се смета себеси, *жуисанс* го поттикнува нагонот за смрт, кој секогаш му се наметнува како празнина на субјекетот, отаде неговата фантазија за остварување на себеси, отаде принципот на задоволство.

Поврзана со првиот од овие нагони за смртта е фигурата на Детето, која пропишува логика на повторување, која го фиксира идентитетот преку идентификација со иднината на општествениот поредок. Поврзана со вториот е фигурата на *настраниот*, на *изопачеикот*, која ја овоплотува трауматската средба на поредокот со неговата неизбежна пропаст, неговата средба со илузијата на иднината, како шев што ја крпи конститутивната рана на потчинувањето на субјектот пред означителот, кој, парадоксално, го разделува и од самиот себе и во самиот себе. Во предговорот на „Хомеографесис“ напишав дека означителот „*геј*“, разбран како „фигура за текстуалноста, за реторичноста на сексуалното... го означува јазот или некохерентноста што би ги совладал секој дискурс за сексуалноста или за сексуалниот идентитет“.[xv] Проширувајќи го тоа тврдење, сега сугерирам дека *настраните* сексуалности, неделиви од појавувањето на субјектот во Симболичкото, го означуваат она место на јазот во кој Симболичкото се соочува со она што неговиот дискурс не е во состојба да го знае, што е, исто така, и местото на *жуисанс*, од кое никогаш не може да се побегне. Како фигура за нешто што ниту може целосно да го артикулира, ниту да го сфати, *настраноста* може на Симболичкото да му даде еден вид нужна сигурност со тоа што, навидум, ќе му даде име на она што, како Реално, останува „неименливо“. Но, отфрлањата на тој фигуративен идентитет, кои одразуваат либерална вера во апстрактната универзалност на субјектот, иако подобро го овозможуваат проширувањето на правата врз оние на кои сè уште им се оневозможени, мора на *сличен начин* одново да се обезбедат со тоа што ќе ѝ сведочат на компактната кохерентност на Симболичкото, чиј доминантен наратив, во тој случај, ќе ја истисне корозивната сила на иронијата на *настраноста*. Ако *изродот*, со гнасење ја отфрлил разликата, односно ако го осигурува идентитетот на нормативноста, откажувањето на *изродот* од таа разлика ја потврдува сингуларната вистина на нормативноста. Зашто, секое отфрлање на фигуративниот статус, што особено се бара од оние што се *настрани*, го репродуцира триумфот на наративот, како *алегоризација* на иронијата, како логика на една временост, која секогаш служи да ја „измазни“, и така да ја прогласи универзалноста на репродуктивниот футуризам. Таквите отфрлања, без да имаат таква намера, покажуваат понизност кон законот што ефектно ја наметнува политиката како единствена игра, каде што влезница е (хетеро)нормализацијата на субјектот, која се постигнува, без оглед на сексуалната практика или на сексуалната ориентација, преку задолжително одрекување на оној што е настран и што ја оспорува иднината.

Гледано однатре, од структурата, може да се чини дека Симболичкото може единствено да победи; но тоа би значело да се занемари неделивиот факт дека тоа, исто така, може единствено да загуби. Зашто, поделбата на која почива субјектот никогаш не може да исчезне, а означителниот поредок секогаш ќе ја наметнува продукцијата на некое фигуративно складиште за вишокот што го спречува неговото крајно остварување на „Едното“. Во политичкото поле чија граница и чиј хоризонт е репродуктивниот футуризам, *настраноста* го овоплотува овој нагон за смрт, ова тврдоглаво *жуисанс*, со тоа што ги осмислува импликациите на сексуалноста во неразумниот дамар на тој нагон. Лишувајќи ја од идеалност метафоричноста на значењето врз која се темели хетерорепродукцијата, *настраноста* го покажува неизбежното шаренило што сексуалноста го добива од нагонот: нејзиното настојување на повторувањето, нејзиното тврдоглаво оспорување на телеологијата, нејзината отпорност на определбите од значењето (освен ако нема намера ова одбивање да прифати такви определби од значењето) и, пред сè, нејзиното отфрлање на спиритуализацијата, која би се остварила преку поврзување со репродуктивниот футуризам. *Настраноста*,

како име, може да го засили Симболичкиот поредок на именувањето, но таа го именува она што се опира, како означител на претопувањето во имагинарниот идентитет на името. Празна, неумерена и несведлива, таа го означува писмото, формалниот елемент, безживотната машинерија одговорна за оживувањето на „духот“ на иднината. И како таква, како име за нагонот за смрт, кој секогаш го обликува Симболичкиот поредок, таа, исто така, го именува *жуисанс*, кое, иако е забрането, сепак го проткајува самиот Симболички поредок.

Со тоа што ќе го оспорат нашето идентификување со негативноста на овој нагон, а оттаму ќе го оспорат и нашето непоистоветување со ветувањето на иднината, оние од нас што го заземаат местото на *настраните* сега ќе можат да ја одбијат таа настраност и да навлезат во вистинската политичка сфера, но само така што ќе го префрлат фигуративниот товар на *настраноста* врз некого друг. Конечно, останува *структурната положба* на *настраноста* и потребата таа да се пополни. Меѓутоа, со тоа што ќе *избереме* да ја прифатиме таа положба преземајќи ја „вистината“ на нашиот капацитет за *девијантност* за да го осмислиме укинувањето на Симболичкото и, воедно, на Симболичкиот субјект, можеме да се зафатиме со невозможниот проект што подразбира осмислување на спротивна политичка позиција ослободена од императивот да ја репродуцира политиката на означување (политиката насочена кон затворање на јазот што го отвора самиот означител), што единствено може да нè врати, преку Детето, кон политиката на репродукција. Зашто, гледиштето на либералот за општеството, кое изгледа допушта место за *настраните*, ја прифаќа изопаченоста на отпорот кон футуризмот а, со тоа, ја прифаќа и *изопаченоста* на оној што е *настран* не повеќе од конзервативниот десничар. Додека десницата ја замислува елиминацијата на оние што се *настрани* (или на потребата да се противстави на нивното постоење), левицата би ја елиминирала *изопаченоста*, осветлувајќи ја со студената светлина на разумот, надевајќи се, на тој начин, да ја изложи само како модус на сексуален израз исчистен од сеприсутната колоритност и како определувачко создавање на фантазијата, преку кои може да изгледа дека го навестува, и тоа не само за десницата, укинувањето на општествениот поредок и на неговиот централен објект, Детето. Така, *настраноста* веќе не значи ништо за обете: за десницата таа е ништожност што секогаш е во војна со позитивноста на граѓанското општество, додека за левицата таа е само сексуална практика што треба да се демистифицира.

Но, ова е местото каде што разумот е осуден на неуспех. Сексуалноста ја отфрла демистификацијата како што Симболичкото го отфрла *девијантот*, зашто сексуалноста и Симболичкото стануваат она што се, токму *благодарение на таквите отфрлања*. Иронично – но иронијата, како што тврдев, секогаш ја карактеризира теоријата на *настраноста* – демистификацијата на настраноста, а, по аналогија, и онаа на самата сексуалност, т.е. демистификацијата инхерентна на позицијата на либералната рационалност, своето остварување може да го достигне само ако ја пресече колективната фантазија, која, преку репродуктивниот футуризам, внесува значење во општествениот поредок. Ако му веруваме на либерализмот, односно на неговиот апстрактен разум, спасувањето на настраноста, според општеството, ги разградува, исто како и самата настраност, сидините на кои тоа почива, укинувајќи ги неговите либидинозни фантазии, кои лежат во неговата основа и кои го одржуваат. Конечно, оттаде резонанцијата на фантазијата, нема ниту закон ниту разум. Во она што е оттаде демистификацијата, во неутралната демократска буквалност, која го обележува футуризмот на левицата, може единствено да видиме како *настраните* го расклопува самиот футуризам како *фантазија* и како неостварување на поредокот на значењето што футуризмот го репродуцира. Насочена кон целта (не кон целите) на општественото, *настраноста* настојува на тоа дека нагонот кон таа цел, којшто либерализмот одбива да го замисли, никогаш не може да се исклучи од структурната фантазија на самиот општествен поредок. Така, сакрализацијата на Детето бара жртвување на *настраните*.

***

Превод од англиски:
Душица Димитровска

i James Bennet, “Clinton, in Ad, Lifts Image or Parent,” *New York Times*, 4 March 1997, Ar8, New England edition.

ii Donna Shalala, “Women’s Movement,” 150th Anniversary of the First Women’s Rights Convention, Seneca Falls, New York, 17 July 1998, http://www.hhs.gov/news/speeches/sene.html. Обрнете внимание и на слоганот за собирање средства на Националната акциска лига за абортус и за репродуктивни права (National Abortion and Reproductive Right Action League – NARAL): „За нашите ќерки, нашите сестри и за нашите внуки“.

iii Таквата фантазија за супстанцијализирани и спротивни идентитети ја карактеризира Лакановата имагинарна етапа како одделна од целосно диференцијалниот систем на означителски релации на Симболичкиот поредок.

iv *Заб. на уредникот:* Во 1960 година францускиот психоаналитичар го развива концептот на *jouissance* преку спротиставување на истиот со принципот, или концептот, за задоволство. Задоволството функционира како граница, ограничување на *jouissance*, односно Закон кој ни наложува да уживаме што помалку. Постојано, и истовремено, субјектот настојува да ги трансгресира ограничувањата што му ги наметнува врз *jouissance* овој принцип на забрана, односно принципот на задоволство, што би се рекло, да отиде отаде принципот на задоволство. Она што е посебно интересно во ваквата структура, е дека пречекорувањето на задоволство не исходува со уште повеќе задоволство, туку, напротив, граничи со самата болка, бидејќи субјектот може да поднесе само одредена доза на задоволство. На овој начин, *jouissance* претставува болно задоволство, или како што вели и самиот Лакан во неговиот Седми семинар, е “*jouissance* е страдање“. Жуисанс претставува парадоксално задоволување кое субјектот го добива преку страдање, и обратно, како и задоволството кое го добива субјектот од сопствениот симптом. “Влегувањето на субјектот во поредокот на Симболичкото зависи од извесно иницијално одрекување од жуисанс во комплексот од кастрација, односно кога субјектот се откажува од намерата да го претставува Фалусот за неговата мајка; Кастрацијата значи дека жуисансот мора да биде одбиен како би бил достигнат на извртената скала на Законот на желбата. Симболичката забрана за уживање во рамки на Едиповиот комплекс претставува, одовде, забрана на нешто што е веже невозможно; нејзината функција е да ја одржи невротичната илузија дека уживањето би било дофатливо доколку не е забрането. Самата забрана ја создава желбата за нејзина трансгресија, и жуисансот е, одовде, фундаментално, трансгресивен“. Види: Evans, Dylan. An Introductory Dictionary of Lacanian Psychoanalysis (London and New York: Rotledge, 2006), 23

v Theodor W. Adorno, *Negative Dialectics*, trans. E.B. Ashton (New York: Continuum, 1994), 325.

vi На пример, тој во Семинар 17 пишува: „Ce que la vérité, quand elle surgit, a de résolutif, ça peut être de temps en temps heureux – et puis, dans d’autres cas, désastreux. On ne voit pas pourquoi la vérité serait forécement toujours bénéfique.” Jacques Lacan, *Le Seminaire, livre XVII, L’envers de la psychoanalyse* (Paris: Éditions du Seuil, 1991), 122.

vii “Je dis toujours la vérité: pas toute, parce que toute la dire, on n’y arrive pas. La dire toute,

c’est impossible, matériellement: les mots y manquent. C’est même par cet impossible que la vérité tient au réel.” Jacques Lacan, *Television* (Paris: Éditions du Seuil, 1974), 9.

viii Jacques Lacan, *The Seminars of Jacques Lacan. Book VIII: The Ethics of Psychoanalysis, 1959-1960*, ed. Jacques-Alain Miller, trans. Dennis Potter (New York: Norton, 1992), 24.

ix Во овој контекст, може да биде корисен уште еден навод од *Негативната дијалектика* на Адорно; „Ако негативната дијалектика бара авторефлексија на мислењето, опипливата импликација е дека, доколку мислењето треба да е вистинито – во секој случај, ако тоа треба да биде вистинито денес – мора да мисли и против себеси. Ако мислата не се соочува со крајното, кое му бега на поимот, веќе однапред е од ист тип како придружната музика со која СС милувале да ги задушуваат крициите на своите жртви“ (365).

x Jacques Lacan, Seminar of *Jacques Lacan. Book II: The Ego in Freud’s Theory and in the Technique of Psychoanalysis, 1954-1955*, ed. Jacques Alain-Miller, trans. Sylvana Tomaselli (New York: Norton, 1991), 326.

xi Suzanne Barnard, “The Tongues of Angels: Feminine Structure and Other Jouissance,” in *Reading Seminar XX: Lacan’s Major Work on Love, Knowledge, and Feminine Sexuality*, ed. Suzanne Barnard and Bruce Fink (Albany: State University of New York Press, 2002), 173.

xii в., на пример, Phillipe Ariès, *Centuries of Childhood: A Social History of Family Life*, trans. Robert Baldick (New York: Vintage Books, 1962); Lawrence Stone, *The Family, Sex, and Marriage in England, 1500-1800* (New York: Harper and Row, 1977); and James Kincaid, *Child Loving: The Erotic Child and Victorian Culture* (New York: Routledge, 1992) and *Erotic Innocence: The Culture of Child Molesting* (Durham, N.C.: Duke University Press, 1998).

xiii (28 во оригиналниот текст) Така, Лакан забележува дека Фројд „во *Цивилизацијата и нејзините незадоволства* не се воздржува да истакне дека нема ништо заедничко меѓу она што *жуисанс* го дозволува во својата оригинална состојба и она што го дава во посредна и дури сублимирачка форма која цивилизицијата е обврзана да ја прифати“. Види Lacan, *The Ethics of Psychoanalysis*, 195901960, 199-200.

xiv (29 во оригиналниот текст) Lacan, *The Ego in Freud’s Theory and in the Technique of Psychoanalysis*, 1954-1955, 211.

xv (30 во оригиналниот текст) Lee Edelman, *Homeographesis: Essays in Guy Literature and Cultural Theory* (New York: Routledge, 1994), xv.

ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА, НАСТРАНОСТ И КЛАСНА БОРБА

Марина Гржиниќ[1]

Дел I.
ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛАВИЈА, НАСТРАНО

Предлагам една генеалогија на современите перформативни практики и политички простори во поранешна Југославија која ја разградува онаа единствена востановена современа историја на уметноста и на перформативните практики (концептуални, телесни и изведувачки) што ја наметна Првиот капиталистички свет. Се подразбира дека оваа генеалогија ни оддалеку не се отсликува во поранешните (пост)социјалистички и транзициски општества кои се презафатени со спроведување на глобалните неолиберални капиталистички стандарди. Би сакала да зборувам за можноста да се воспостави една поинаква историја на феминизмот која потекнува од територијата некогаш позната како Источна Европа, а поспецифично од просторот на поранешна Југославија. Со ова, би сакала да го отворам прашањето за реполитизација на областа на феминизмот, да ги преиспитам процесите на воспоставување на генеалогиите и историите на практиките на интервенција наречени феминизам кои доаѓаат од другите светови, а не од оние на Првиот капиталистички свет.

Терминот „простор на поранешна Југославија“ денес е дискредитиран од политичките елити на поранешните југословенски републики. Во нивното националистичко лудило, тие жестоко се одвоија

1 Заб. на уредникот: Од книгата: Gržinić, Marina and Rosa Reitsamer (eds.). *New Feminism. Worlds of Feminism, Queer and Networking Conditions*. Vienna: Löcker, 2008. Текстот е објавен со дозвола на авторката, за што изразувам посебна благодарност.

од таквата референца во просторот и во времето. Во радикалната современа уметност и во левичарските културолошки текстови, напротив, просторот на поранешна Југославија не е концептуализиран како географски термин, туку како политичка, економска и концептуална парадигма на продуктивни и оспорувани историски влијанија меѓу теоријата, современата уметност и независните структури кои денес одново се во состојба меѓусебно трансверзално да се поврзат за да создадат дела, структури на размена и облици на отпор. Феминизмот на територијата на поранешна Југославија е признание за моќта на два центри, на Загреб и на Белград, во 1970-тите години, кои имаа способност да развијат моќни феминистички движења. Значајноста на феминизмот – кој во Љубљана се роди дури во 1980-тите години благодарејќи на врските со андерграундот – можеме да ја согледаме кога ќе ги споредиме неговите теориски анализи и активности со теориската психоанализа во Словенија во 1980-тите години. Двете позиции овозможуваат левичарски радикални препрочитувања на социјалистичката реалност од 1970-тите и 1980-тите години: преку феминизмот во Загреб и во Белград и преку психоанализата во Љубљана.

ГЕНЕАЛОГИЈАТА

Ќе упатам на текстот „Родот и изведувачката уметност. Три епизоди од феминистичката настрана транс киберманга...“ на филозофот и квир-активистка Беатриз Пресиадо, објавен во 2004 година, во кој таа се обидува да развие инвентар кој би ја одразил историјата на изведувачката уметност на Западот во однос на американската историја на феминизмот и постфеминистичките и квир-практики и текстови.[i]

Ќе се обидам да понудам слична генеалогија за источноевропскиот простор, или попрецизно, за просторот на поранешна Југославија. Во вториот случај, мојата задача е преку оваа нова генеалогија (која го вклучува она што јас го сметам за Втор свет, односно просторот на поранешна Источна Европа) да го претставам, како што јас го нарекувам, гестот на реполитизација на просторот на изведувачката уметност и неговата историја, како и гестот на реполитизација на (пост)феминизмот преку квир-оптиката[ii] (Gržinić, 2005; Gržinić, 2006b).

Зошто да ја започнеме таквата генеалогија на изведувачката уметност во контекстот на Источна Европа, така што ќе ја поврземе со феминизмот? Врската меѓу изведувачката уметност и феминистичкиот активизам, според Еленор Антин (Eleanor Antin), е конститутивна за изведувачката уметност: „всушност, токму жените од Јужна Калифорнија го открија перформансот“ (Antin во Preciado). Западната генеалогија на перформансот, како последица на феминизмот, според Антин, свои корени има во герилскиот театар и во универзитетските и уличните протести на американските женски движења од 1960-тите и 1970-тите години.

Историјата на перформансот, како и историјата на феминизмот и квир-политиката, всушност, е историја на битки, во која ништо не смее да се земе здраво за готово.

Наспроти она што го сугерира Антин, во контекстот на територијата на поранешна Југославија, можам да кажам дека перформансот во релација со феминизмот е длабоко поврзан со уметничките практики како што се боди-артот и концептуалната уметност од 1970-тите години и со постконцептуалистичката традиција и алтернативните и андерграунд-движења од 1980-тите години во Љубљана. На што укажува таквата промена? Јасно е дека јавниот простор под социјализмот ѝ припаѓаше на Комунистичката партија и дека беше неопходно да се најде друг простор, поточно, да се развие и да се врати просторот на современата уметност и култура. Поимот на перформанс, оттаму, своето продуктивно значење парадоксално го наоѓа во областа на естетиката и во дрег-културата во врска со политичкиот активизам.

Во новата верзија на нејзината генеалогија на изведувачката уметност во западниот контекст, Беатриз Пресиадо воведува три нивоа на драматизација на женската сексуалност, а јас овде ќе ја додадам изведувачката политика во однос на (пост)феминизмот и квир-позиционирањето. Мојата теза е дека не само што можеме да откриеме, да исцртаме и да исчитаме слична генеалогија на драматизација во социјализмот и во постсоцијалистичкиот контекст на поранешна Југославија како онаа што ја презентира Пресиадо, туку и дека можеме нешто да научиме за промените на парадигмата на квир-стратегијата во нашата современост.

Пресиадо зборува за драматизацијата на сексуалноста како за

процес што се состои од три етапи, кој се развива од хетеросексуална до дрег-драматизација и, на крајот, влегува во квир-просторот.

Во Загреб и во Белград од 1970-тите години бевме сведоци на: 1. Драматизацијата на хетеросексуалната женскост. Во 1980-тите години, во рамките на андерграунд и алтернативните движења во Љубљана, сведочевме за: 2. Драматизација на женскоста во геј-културата и подоцна во 1980-тите и во 1990-тите години во постсоцијалистичкиот контекст (под влијание на медиумската уметност и новиот перформанс), сведочевме за: 3. Драматизација на машкоста во квир-контекстот на Источна Европа. Така, специфичната генеалогија на перформансот и на феминизмот под социјализмот и во постсоцијалистичкиот контекст ги поврзува боди-артот и концептуалната уметност со андерграунд и панк/рокенрол движењата, прикажувајќи премин што ќе го определам како движење од *сексуално настрано* кон *политички настрано*.

Капиталот функционира како евакуација на различни простори; претставува постојана продукција на „универзални“, апстрахирани, стандардизирани непростори. Светот станува обединет, лесно „разбирлив“ и, уште поважно, лесно разменлив; транспарентна машина за продукција и циркулација на вештини, технологии и организациски модели. Глобалниот капитализам функционира со инсталирање на железниот закон на истоста насекаде во светот; токму затоа зборуваме за глобален свет! Другите светови и другите простори (кои не се дел од Првиот капиталистички свет) и нивните истории и теории, практики и активности, се евакуирани, апстрахирани и избришани. Затоа, за да се зборува денес за новиот политички субјект на перформансот преку (пост)феминизмот и настраниот идентитет, тој треба да се поврзе со нови, поинакви простори за битка и ангажман. Понатаму, неопходно е да се идентификуваат начините на кои функционира овој нов политички субјект и стратегиите кои ги имплицира, за да се произведат парадигми на отпор кон механизмите на капиталот.

Би сакала да продолжам не со едноставна илустрација, туку со концептуализација на трите предложени нивоа на драматизација за политички да ги преобмислам изведувачката уметност и (пост) феминизмот.

1. ДРАМАТИЗАЦИЈАТА НА ХЕТЕРОСЕКСУАЛНАТА ЖЕНСТВЕНОСТ

Сања Ивековиќ, Загреб

Сања Ивековиќ од Загреб (Хрватска) во своите дела побара реполитизација на најинтимниот хетеросексуален внатрешен простор. Во 1979 година, таа разви перформанс кој ќе биде поставен на денот кога поранешниот југословенски претседател Тито (кој умре во 1980 година) пристигна во Загреб на официјална посета. Перформансот беше наречен „Триаголник“, како во триангулацијата на симболичкото, реалното и имагинарното. Ивековиќ излезе на балконот од нејзиниот стан во центарот на Загреб во исто време додека поминуваше Титовиот автомобил, а толпата набљудувачи стоеше поздравувајќи го подолу на улицата. Додека Тито минуваше, Ивековиќ читаше книга преправајќи се дека мастурбира. Нејзината активност го привлече вниманието на тајниот агент на блискиот покрив. Многу наскоро, полицаец или сосед зазвони на нејзината врата, барајќи „личностите или објектите да се отстранат од балконот“.

СЛИКИ 1, 2, 3, Сања Ивековиќ, *Триаголник*, 1979.
Триаголник се состои од 4 фотографии: Ивековиќ на балконот, две со автомобилот на Тито што минува и толпата што го поздравува, а четвртата го прикажува тајниот агент на соседниот покрив. Авторски права: Сања Ивековиќ

Во „Триаголник“, Ивековиќ го пречекорува маскулиниот јавен/политички простор драматизирајќи ја хетеросексуалната женскост;

со овој акт на женска автоеротизација „играње жена“, таа го маскираше и го омекна својот перформативен влез во јавниот простор, кој во социјализмот историски им припаѓаше на мажите. Овој перформанс имаше ефект на два начини. Даде културолошко толкување на создавањето на женскоста и беше одраз на поделбата помеѓу приватните и јавните простори. Она што Ивековиќ го изведе денес се толкува како „маскарада“, разликување помеѓу вистинската женственост и јавниот простор. Според Пресиадо, предвреме развиениот постмодерен поим на маскарада бил многу влијателен во анализата на драматизацијата на хетеросексуалната женскост во дваесеттиот век. Но, во ова толкување не треба да се изгуби од вид дека Ивековиќ не само што перформира нешто што треба да биде видено како (хетеросексуална) жена за машкиот поглед, туку истовремено ја перформира и поделбата на приватни и јавни простори. Без текстот, без текстуалниот наратив за делото што го дава Сања Ивековиќ, тоа би имало многу тесно значење за широката публика. Преку текстот, делото станува сцена за перформирање на родот и на приватните/јавните простори. Или, автоеротизацијата (мастурбацијата на Сања Ивековиќ во 1979 година, како што објасни таа) сè уште претставува сериозен проблем; женските сексуални акции сè уште го немаат универзалниот машки себеобјаснувачки дискурс кој ја овозможува идентификацијата и разбирањето по себе. Женската автоеротизација, како што тврдеше Жаклин Роуз, претставуваше сериозен проблем, па оттаму, уметничките мораа да „смислат“ добра приказна. Сања Ивековиќ ја претстави најдобрата. Кој би можел дури и да помисли да ја забрани сликата на тоталитарниот претседател Тито, дури и ако е извалкана токму со перформирана дискурзивна мастурбација.

Според Џуди Чикаго, драматизациите на хетеросексуалната женскост секогаш биле насочени кон преобразување на границите меѓу приватниот и јавниот простор, целејќи кон она што во Соединетите Американски Држави се нарекувало процес на подигање на свеста (Chicago во Presiado).

Власта Делимар, Загреб

Власта Делимар од Загреб (Хрватска) е една од најзначајните перформаторки во поранешна Југославија. Почетокот на нејзината кариера може да се следи сè до феноменот на таканаречената нова уметничка практика, едно сложено уметничко концептуално движење во Хрватска од 1970-тите години. Нејзината уметничка работа вклучува, меѓу другото, пресликани фотографии и фотомонтажи, сите фокусирани на една единствена хероина: самата Власта Делимар. Со нејзините нарцистички гестови, толку крајно саможиви што таа истовремено функционира и како знак и како икона, Делимар ја поставува на сцена сега веќе повнатрешната свесност за постојана самоконтрола, или подобро, претставата дека живееме како тукушто да нè фотографираат. Во овие сè уште постсоцијалистички транзициски времиња, кога чистата крв и племенската припадност се егзистенцијални парадигми во транзицискиот период на поранешниот источноевропски простор, за Делимар можам да зборувам како за „копиле“, незаконита личност.

СЛИКА 4, Власта Делимар, *Зрела жена*, 1998.
Авторски права: Власта Делимар

Сексуалноста е прилепена за женското тело, вели Моник Витиг (1982), па зошто да се обидуваме да се ослободиме од неа? Во обидите на Делимар да ги вообличи желбите на Другиот, таа можеби се претставува истовремено како домаќинка и како курва, но сепак е далеку од конвенционалните улоги. Интересната страна на нејзи-

Уметноста на неуспехот: афективни страници

ните дела не е толку поврзана со родот, туку со полот и со сексуалноста во перформативна смисла, што ни дозволува да направиме релација со раните дела на перформаторката и порно-актерка Ени Спринкл.

Делото на Власта Делимар може да се гледа и како субверзија (Miško Šuvakovic, 2006) на католичката моралност која е доминантен регулатор на општествените, моралните и човечките норми во Хрватска, а ова можам да го кажам и за сите земји на т.н. Централна Европа, вклучувајќи ги и Словенија и Австрија. Во овој контекст, таа интервенира со „директен говор“, преку наслови како „сакам кур“ итн. Следниот значаен момент е нејзината „сурова, генитална голотија“ наспроти „негениталната, избричена“ и поради тоа естетски толерирана голотија и сексуалност.

Од аспект на таканаречената капиталистичка надворешност и во однос со стереотипните гледишта на „екссоцијалистичките и екскомунистичките жени“, изгледа дека тие имале дополнителна способност да се соголат себеси, непосредно да ги прикажат своите животи, голи и без превез. Но, преку делата на Далимар, како што посочи Шуваковиќ, гледаме дека голиот и соголен живот никогаш не е перформиран како таков, туку секогаш преку префинетите технолошки и преку репрезентациските и комуникациските режими, практики и односи на моќ на новите медиуми (фотографија, видео, интернет). Само помислете на „реалното шоу“ од африканската трагедија од Дафур на *Google Earth* и на соголениот живот што постојано го имаме „во живо“ на интернет. Ова е овозможено само преку софистицираните репрезентациски алатки на новите медиуми и алатките за комуникација кои ја регулираат видливоста и покажуваат само смрт како нивен „бренд“ на автентичност.

2. ДРАМАТИЗАЦИЈА НА ЖЕНСКОСТА ВО ГЕЈ-КУЛТУРАТА

За разлика од силното феминистичко движење на Запад – кое во 1970-тите години од цела Источна Европа силно заживеа само во Белград и во Загреб – Словенија мораше да чека на своето феминистичко разоткривање сè до 1980-тите години, во времето на силните супкултурни и рокенрол-движења во Љубљана, а тоа се случи преку перформативните акции кои можат да се идентификуваат како геј, лезбиски (пост)панк, сексуални и настрани.

Можно е да се воспостави поинаква историзација на поранешна Југославија меѓу феминизмот и уметничките, културните, социјалните и теориско-критичките практики. Ако во 1970-тите години беше возможно да се активира феминизмот како моќна алатка во рамките на структурите на академската и концептуална уметност во Загреб и во Белград, во 1980-тите години „феминизмот“ се разви како теориска и активистичка практика само во врска со другите маргинализирани но силно „револуционерни“ интервенции. Во 1980-тите години, ова се случи со панкот и со постпанкот, како и со визуелната култура во геј-заедницата и во андерграунд алтернативните музички и видеопродукции. Феминистичките позиции во однос на геј, лезбејската и трансвеститската ситуација беа перформирани и изведувани пред видеокамера или на сцена во делата на групите како што се *Граници на контрола број 4* (Meje kontrole št. 4) и Борхесија, и двете од Љубљана. Перформансите поврзани со порнографијата, садомазохизмот и други сексуално маргинализирани практики претставуваа јасна политичка инвестиција во просторот на перформансот и на новите медиуми (филмот, видеото), иако не и во општественото и во политичкото на социјализмот.

Граници на контрола бр. 4, Љубљана

Првото дело во 1980-тите години, произведено во овој мисловен хоризонт и задоено со идеологијата на андерграундот, беше „Икони на гламурот, одеци на смртта“ (*Ikone glamourja, odmevi smrti*) од 1982 година. Автор беше групата *Граници на контрола број 4*[iii]. Видеото зборува за фантазмагоричниот свет на една жена, портретирана како модел и за нејзиниот пријател – хермафродит (ова го откриваме на крајот од видеото кога меѓу нејзините нозе се појавува фалусот). Моделот, од друга страна, очигледно е трансвестит и во говорот лесно го менува родот. Тие се сеќаваат на своето детство, на годините во училиште и на првите искуства со мастурбацијата. Визуелната приказна во видеото претставува судир на моделот со нејзините фотографии и слајдови. Таа игра „во живо“ пред камерата, а своите пози ги поставува на фотографиите и слајдовите

проектирани во заднината. Моделот позира, додека ние го следиме текстот на песната Модел (оригиналните зборови на „Крафтверк“ ги исполнува „Снејкфингер“)[iv]. Во осветлувањето, камерата и уредувањето, видеото ја применува и ја користи естетиката на германската и американската традиција на авангардата од 1960-тите и 1970-тите години, реферирајќи на Фасбиндер, Фон Праунхајм и на Ворхол. Перформансот пред камерата укажува на политиката на сексуалност и на женското уживање. Ова дело е едно од првите што во социјализмот ја отвора и ја драматизира институцијата на маскулиноста преку дрег-практики и квир-практики. Може да се смета за јасна политичка декларација во полза на лезбејките преку оптиката на настраноста (спореди Gržinić, 2006a).

СЛИКА 5, Граници на контрола број 4, *Икони на гламур, одеци на смртта*, 1982.

Може да се изведе директна корелација со едно друго дело од „Западот“, со озлогласената реклама на Линда Бенглис што излезе во ноемврискиот број на „Артфорум“ од 1974 година. Таа го сврте вниманието позирајќи гола со дилдо (пластична протеза). Дилдото има централна улога во двете дела, во рекламата на Бенглис и во видеото на Граници на контрола.

Кога жената е со фалус, овој фалус не е објект, туку означител (спореди Šuvaković, 2006). Тој ги извртува редот и улогата на погледот. Со ова движење, можеме да кажеме дека во социјалистичкиот контекст (во андерграундот) е внесена прецизна антиципација на квир-стратегиите. Ороденото тело е направено видливо преку означител. Зошто е ова толку значајно? За да можеме одново за себе да го воспоставиме феминизмот и неговите моќи, важно е да правиме разлика меѓу хетеросексуалната, трансвеститската, лезбејската и ненормативната женска сексуалност; да не ги хибридизираме, туку да ја прикажеме моќта на овие разликувања за феминизмот. Еднакво е важно да ги увидиме преобразбите од жената како

знак (како во случајот на Власта Делимар) во жената како означител. Означителот го перформира субјектот не само како слика, туку и како дискурс, преку јазикот, а притоа овој дискурс е, исто така, и критика на јазикот на институциите на културата, технологијата, општественото и политичкото.

Така, во 1990-тите години, Батлер и Ив К. Сеџвик ги изведоа своите дефиниции на родот во термините на преформативната уметност. Ова е една од причините на генеалогијата што ја предлагам овде! Но би сакала да ја најавам и тезата дека на Истокот (од Европа), резултатот од овој процес на перформативно дејствување беше произведувањето и препронаоѓањето на политичкиот субјект на уметноста. На Истокот, родово и сексуално ненормативното тело беше, во една посебна и темелна смисла, политичкото тело кое себеси се претстави како движење од сексуално настрано кон политички настрано. Ова, исто така, беше поврзано со структурата на социјализмот и на комунизмот, бидејќи наспроти хистерично и невротично конфигурираниот либидинален простор на капитализмот кој живее од постојаното постанување, менување и препронаоѓање идентитети, и ја има пародијата како своја примарна естетичка форма, социјализмот и неговиот постар брат комунизмот беа психотични простори. Комунизмот беше психотичен, аутистичен систем каде што сè беше директно поврзано со идеологијата, без пазар на уметност и култура кој е главниот регулатор на бескрајните невротични и хистерични процеси на постанување во капитализмот (можете и самите да се прашате зошто родот одненадеж е толку модерен). Во социјализмот, резултатот беше продукција на стратегии и тактики отаде пародијата; од кои, *преидентификувањето* е една од најпознатите.

Се разбира, животот под капитализмот е поврзан и со идеологијата (особено кога капитализмот тврди дека живееме во постидеолошки времиња), и преку бајпас, тој е „фацилитиран“ од пазарот, од конзумот и од принудното уживање преку облици на живот кои постојано одново се осмислуваат.

3. ДРАМАТИЗАЦИЈАТА НА МАСКУЛИНОСТА ВО КВИР-КОНТЕКСТ

Драматизацијата на маскулиноста во постсоцијалистичкиот контекст поттикна поинаков однос кон феминизмот и перформансот. Низ призмата на квир-контекст во поранешниот Исток, тоа е стратегија со која се перформира поседувањето на маскулиноста. Што значи ова? Значи да се преиспитува, преку перформанс во сексуалните и либидиналните контексти, институцијата на современата уметност и култура и нејзините (нови) сопственички односи во општеството. Значи да се преиспитуваат нови форми на приватно поседување на уметноста и на културата, на општественото и на политичкото како најдлабок двигател на современите глобални капиталистички неолиберални општества. Вишокот вредност е во срцевината на капиталот и е во корелација со вишокот уживање (со сè повеќе облици на живот, производи, идентитети итн.). Во тој контекст, можно е да се артикулираат односи на приватна сопственост кои ја засегаат историјата, интелектуалната сопственост (на пример, авторските права) и така натаму, како директно поврзани со современата институција на маскулиноста. Зар денес не сме сведоци на уметнички проекти што имаат неколкумина татковци или сопственици кои ги воспоставуваат брендовите (на пример, Документа, Балканската изложбена серија во Германија и Австрија во 2003 и 2004 година, итн.)? Сите овие нови патерналистички фигури отворено се однесуваат како диктатори, наметнувајќи апсолутни права на донесување одлуки. За заштита на капиталистичките сопственички права се воспоставени нови сопственички односи кои водат до сè поголема приватизирана сопственост на различни јавни проекти, изложби итн.

Тања Остојиќ, Белград

СЛИКА 6, Тања Остојиќ, *Црн квадрат на бело*, 1996.

Фотографија: Саша Гајин, Авторски права: Тања Остојиќ

Фотографијата со наслов „Црн квадрат на бела заднина“ е направена во 1990-тите години, а ги претставува црните пубични влакна на изведувачката Тања Остојиќ обликувани како квадратот на Малевич (црн квадрат во средината на бела заднина) и е организирана во композиција со нејзината бела кожа, „Венериниот брег“.

„Црниот квадрат“ на Казимир Малевич е една од најпознатите креации на руската уметност во минатиот век. Првиот „Црн квадрат“ бил насликан во 1915 година и претставува пресвртница во развојот на руската авангарда. „Црниот квадрат“ на бела заднина станал симбол, основен елемент во системот на уметноста на супрематизмот, зачекорување во нова уметност. Како една од основните форми, квадратот ја отелотворувал идејата за колективно дело која била многу значајна за Малевич.

Меѓу нозете на Остојиќ, реалниот/невозможниот стожер на уметничката машина на моќта го стекнал своето единствено можно отелотворение во крв и месо. Таканаречениот осетлив јазол на несогласување во уметноста денес е канибалистичкиот став дека уметноста гради капиталистичка моќ која разместила, апстрахирала и изгонила сè и секого за да го обезбеди својот опстанок. Капиталистичкиот уметнички пазар целосно ги одвојува уметничките дела од нивните историски корени. Малевич стои на почетокот од една историска градба на уметноста која е целосно отуѓена од условите што ја овозможуваат; тоа значи дека оваа историја е претставена како отуѓена од кој било општествен, политички или економски контекст. Она што го гледаме е целосна обестелесеност која совршено ѝ одговара на обестелесената неолиберална капиталистичка демократија. Ако треба одново да ги оформиме начините преку кои овој реален/невозможен стожер треба денес да се појави во областа на (изведувачката) уметност, тоа би било возможно само преку трополошки/тополошки инкарнации. Во делото на Тања Остојиќ, тоа е токму пубичниот Малевич во стилско руво: значи, црниот квадрат отелотворен на тополошко место, а не некој „постерски, рекламен Малевич“. А што е друго „Црниот квадрат на бела заднина“ на Остојиќ ако не трополошка инкарнација на тополошко место! Ова дело служи како плотско (инкарнирано) отелотворение на тотално изгонување на условите што ја овозможуваат капиталистичката градба на модерната уметност.

Онтологијата на родот, според Жаклин Роуз, е делумна идентификација и, како идентификација во процес, таа е течење што никогаш не сопира. Но, она што го имаме овде е *преидентификација*. Остојиќ не презентира некаква делумна идентификација, како што е случај со пародијата; исмевање кое започнува со идентификација, а потоа станува шега. Со преидентификацијата сведочиме за ултраортодоксија. Тања Остојиќ ја изведува буквално и докрај јавно неизговорената идеологија на современата уметност за да ја вообличи либидиналната динамика на капитализмот.

Да земеме уште еден пример меѓу нозете на Тања Остојиќ. Дело без наслов на Тања Остојиќ (според Гистав Курбе) од 2004 година, со димензии 46 x 55 см, претставено на камера во Австрија, Грац во 2005 година и на јавен простор во Виена во 2006 година, како дел од претседателската средба на Европската унија. Беше отстрането по протестот на политичарите и на јавноста загрижена за „автентичните“ човекови права.

Делото на Остојиќ ја реконструира сликата „Потеклото на светот“ на Гистав Курбе од 1866 година со истите димензии. Од клучно значење е разликата меѓу двете дела. Кај Курбе, гревот е отстранет од името на естетското уживање. На визуелизацијата на Курбе, како што тврдеше Шуваковиќ (2006), може да се гледа како на негово себепотврдување не само како господар кој го поседува погледот (машкиот поглед од XIX век), туку, исто така, ги поседува и најинтимните делови на женското тело. Остојиќ го враќа овој поглед посочувајќи кон срцевината од друго потекло, кон потеклото на ЕУ што почива во либидиналните и биополитичките организации и разликувања, кои го хегемонизираат, го сортираат и го регулираат општественото, економското и административното тело на Европа, така што тоа станува – како што го нарекоа критичарите – Тврдината Европа.

Можеме да направиме и уште една споредба, овој пат со едно од каноничните дела на концептуализмот. Делото „Корекции“ на Вито Акончи ги крие неговите гениталии, а исходот е црн триаголник. Триаголник и квадрат? Навистина ли станува збор само за геометрија? Или тоа е политика? Делото на Акончи е изведено во времето на високиот модернизам, кога белите машки уметници не морале да размислуваат за природата или за границите на својот

род; Другиот бил само „сликата“ или телото (сетете се само на виенската уметност на акција). Триаголникот на Акончи, производ на неговите скриени гениталии, претставува нулта позиција или, според Шуваковиќ, тој е родово аполитичен. Не му е потребно да го ситуира своето „знаење“ или, како што би рекол Лакан, неговото „незнаење“. За концептуалната уметност во времето на високиот модернизам на Западот, белото машко тело било „доволно“ и не му бил потребен никаков текст!

Делото на Остојиќ го предизвикува десексуализираниот и, оттаму, деполитизиран субјект и растелесениот поим на граѓанство во рамките на неолибералното капиталистичко демократско општество. Диане Тор (во текстот на Пресиадо) тврди дека со таквите проекти ја гледаме можноста да се создаде, преку театарската/перформативната реапропријација на сопственоста на маскулиноста, нова територија за доживување/контекстуализирање и политизирање на телото. Ова, според Тор, им било оневозможено на жените преку политички коректна дистрибуција на родот. Една театарска персонификација на маскулиноста преку „дрег-кинг“ генерира, според Тор, предефинирање на границите меѓу јавното и приватното, преобразувајќи го просторот на политичката и сексуална акција на телото во политички став кој допира до срцевината на капиталистичката машина: приватната сопственост и поседувањето на телата, уметничките дела, просторите, патентите, знаењето и политичките права. Во контекст на Истокот (на Европа), може да се каже: преобразување на сексуално настраното во политички настрано.

Шејла Камерић, Сараево

Една поинаква приказна се јавува во „Босанска девојка“ од 2003 година на Шејла Камерић. Фотографијата на самата Шејла Камерић е претставена како постер испишан со текстот прикажан во стил на графит: „Нема заби...? Мустаци...? Мириса на гомно...? Босанска девојка!“



СЛИКА 7
Шејла Камериќ, *Босанска девојка*, 2003.
Авторски права: Шејла Камериќ

Долниот дел од постерот содржи трауматична фуснота која е симптомот: „Овој текст беше напишан од непознат холандски војник на ѕидот од армиските бараки во Поточари, Сребреница, 1994/1995 година. Кралските холандски армиски трупи, како дел од мировните сили на ОН, УНПРОФОР во Босна и Херцеговина 1992-1995 година, беа одговорни за одржување на безбедносната зона во Сребреница“.

Со овој „упад“ на политичкото во она што изгледа како емотивен исказ, траумата станува видлива. Активатор во ова дело е референцата на тоа од каде е земен графитот. Тој ја претставува преобразбата, преодот, од абјект (нешто што не е ниту возвишено, ниту гомненица) кон *објектот мало а*, кое во теориската психоанализа е симптомот; како таков, тој ја надминува агендата на феминизмот како микрополитика, претставувајќи го како општествена противречност или антагонизам. Слично на половата разлика, општествената противречност не може да се симболизира или да се претстави како релација; таа останува како трауматичното реално во општеството. Во делото на Камериќ, фуснотата посочува кон множество хомофобни, шовинистички и расистички предрасуди кои биле/се дел од институцијата на УНПРОФОР на територијата на поранешна Југославија и на западноевропските политики на Балканот.

Политиките на перформирање на родот преку девијантниот субјективитет подразбираат да се стави крај на микрополитика-

та и индивидуалното раскажување приказни и прстот да се впери кон општествениот антагонизам кој го организира целиот простор на Европа или го претставува преку своите најтрауматични точки на неуспех (на пример, европските мировни сили и европските политики за воспоставување на редот во Балканските војни).

„Еклипса“, Љубљана

Еклипса е женски дует кој првпат јавно настапил во 1999 година. Една од членките на дуетот секогаш изведува пред камера, како кичесто порно-функционално тело, додека другата е зад камерата. Телото во *Еклипса* постојано се продуцира преку перформативни акции. На фотографијата на *Еклипса*, со наслов „Крвта е послатка од мед“ од серијата „Порнорама“ од 2001 година, гледаме перформаторка како лежи гола како на ренесансна слика, но не на зелена полјана како некоја Венера, туку на стара медицинска маса од почетокот на минатиот век, која била користена за транспортирање на пациентите и труповите на операција. Нејзиното голо, привлечно и кичесто накитено тело е преобразено во мапа која го претставува како територија, додека деловите од телото, градите, вратот, нозете, рацете, се обезбедени и територијализирани со броеви. Фотографијата има и легенда во која на секој број му е припишано име на познат уметник: Кунс, Алмодовар, Абрамовиќ, Спринкл, Мадона итн. Фотографијата е изложена како мапа на телото распарчено од современи уметници, брендирано и поседувано од Институција (од Пазарот) на современата уметност; Абрамовиќ е поврзана со оружје, откако толку опсесивно ги чистеше коските на војните во поранешна Југославија на биеналето во Венеција во 1997 година; Алмодовар со високите потпетици (според неговиот филм „Високи потпетици“) итн. Овие уметници веќе полагаа право на определени делови од телото преку капиталистичкиот уметнички пазар кој ги регулира и ги дистрибуира продажбата и консумирањето слики.

Резултатот на делото на *Еклипса* е да покаже дека господарот/господарката уметник, секој/секоја со канибалистички став кон еден дел од телото, губи дел од својот приоритет и од својата оригиналност токму со тоа што е разглобена од рециклирањето и па-

родирањето на моделите на женскоста и маскулиноста од областа на високата уметност што го прави „*Еклипса*“ и е претставена преку својот треши постсоцијалистички двојник.

СЛИКА 8, *Крвта е послатка од мед*, 2001. Фотографија: Рајко Бизјак
Авторски права: „Еклипса“

Телото е мапа со името на добропознат/добропозната уметник/уметница напишано на секој број:
1. Џеф Кунс
2. Дејвид Кроненберг
3. Мадона
4. Марина Абрамовиќ
5. Браќата Чепмен
6. Ричард Клајдермен
7. Јан Саудек
8. Ени Спринкл
9. Хелмут Њутн
10. Рон Ејтли
11. Педро Алмодовар

Квир-перформансот и перформативната политика ги разглобуваат бинарните опозиции (без оглед на тоа дали се од сексуален или од политички карактер) со тоа што ги преиспитуваат институциите на моќта и нивните сопственички односи и на тој начин произведуваат простор за политички битки и му создаваат сила на политичкиот субјект, кој е во состојба да развие алтернативи не само за уметноста и за културата, туку, исто така, и за општеството и за политиката.

Дел II.
ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТ - ЖЕНАТА НЕ ПОСТОИ

Негациите на Лакан, како што е *La Femme n'exist pas* (Жената не постои) или *Il n'y a pas de rapport sexuel!* (Нема сексуална релација!), ми дозволуваат заедно со Славој Жижек (2006) (тоа ќе биде мојата главна референца во целиот овој дел од есејот) да тврдам дека ефикасноста на таквата негација е во тоа што таа со одмазда се враќа во РЕАЛНОТО, како порив што треба да се искуси во најекстремните облици. Врз основа на *La femme n'exist pas* на Лакан, ќе кажам дека токму преку таквите негации, отстранувања единствено можеме да го мислиме субјектот, и воопшто понатаму да го политизираме (Grzinic, 2006c).

Жената не постои значи токму дека секундарниот означител, оној на жена, е примордијално потиснат, а дека на местото на тоа потиснување, како она што ја исполнува празнината, го добиваме мноштвото враќања на потиснатото, низа обични и други означители. *Жената не постои* овде може да се чита како ситуација, како што формулираше Жижек, во која секоја идеолошка универзалија функционира како празен означител кој треба да се исполни, да се хегемонизира од определена позитивна содржина. Ако се обидеме да покажеме поинаков, односно спротивен исказ кој тврди дека жената постои, ќе се најдеме во ситуација да го исполнуваме просторот на празен означител; би се обидувале да докажеме, со позитивна содржина, дека сме во состојба да го исполниме просторот на празниот означител.

Мене, напротив, ме интересира дупката, уште повеќе, во искушение сум да кажам дека главното прашање со кое го парафразирам Жижек е следново: како или преку кој насилен гест се јавува самото пространство на празниот означител? Со други зборови, не само што пространството на сите универзалии треба да се пополни со определена содржина, туку токму самата оваа празна универзалија е онаа што го застапува радикалното некоинцидирање на поединечното со себе, елементот што недостасува, а чие додавање би го направило поединечното полно, коинцидентно со себе.

За да продолжиме, мора да ја разјасниме и логиката на сексуација кај Лакан. Зашто, *La femme n'exist pas* или *Il n'y a pas de*

rapport sexuel! посочува или е исход од формулата на сексуација.

Во „Критика на чистиот ум“ и во „Критика на моќта на расудување“, Кант за првпат извел прецизно разликување меѓу двата начини на кои разумот влегува во противречност со себе. Тој покажал дека поразот на разумот не е едноставен, туку почива на антиномиски безизлез, на ќорсокак, преку две одвоени рути: првиот пораз е математички; вториот е динамички. Тргнувајќи од Кантовите антиномиски релации, Лакан ги определил двете формули на сексуација (НА ПОЛОВАТА РАЗЛИКА) како два правци, или патишта, на пораз: машки и женски. Во нејзината книга „Читај ја мојата желба“, Џоан Копјец (1994) ги истакна овие два антиномиски правци како два правци на пораз. Антиномиите и формулите на сексуација се претставени преку шема која е јасно разделена на лева и десна страна. Левата страна на шемата е означена како машка, а десната како женска. Левата, машка страна, соодветствува со Кантовите динамички антиномии, а десната, женската, со Кантовите математички антиномии. Од клучно значење е тоа што Лакан ги користи, ги сфаќа термините во неговите формули на сексуација како аргумент и функција, наместо како субјект и предикат (како што беа поставени во Кантовите формули). Оваа замена означува значајна и за нас клучна, концептуална разлика. Принципот на сортирање, според Копјец, веќе не е дескриптивен, односно не е прашање на карактеристики што се споделуваат или на заедничка супстанција. Копјец кажа: „Дали некој припаѓа во класата машки или женски зависи, поскоро, од тоа која изразна позиција ќе ја заземе“.

Антиномиите треба да се читаат како позиции на Мебиусовата лента. Постои непогрешлива симетрија меѓу математичките и динамичките антиномии; движејќи се од едната кон другата, изгледа дека влегуваме во целосно поинаков простор. Двата пораза или облици на сексуација, според Лакан, се состојат од следново: жената и мажот не треба да се третираат симетрично, ниту да се сфаќаат како заемни надополнувања. Едната категорија не го комплетира, ниту го надополнува тоа што недостасува во другата. Универзум од жени едноставно е невозможен, а универзум од мажи е возможен само под услов нешто да исклучиме од универзумот. Тогаш, универзумот од мажи би бил илузија која почива, според Копјец, на парадоксална забрана: не вклучувај го сето во твоето сè! Сексуалната

релација не успева поради две причини: невозможна е и забранета е. Тоа е причината зошто никогаш не можеме да ја добиеме целината. Тоа е причината и зошто е можно да се каже дека сексуалната релација не постои. Или, како што сторив во мојот претходен текст за препрочитување на формулите на сексуацијата (Grzinic, 2000), каде што на сличен начин изјавив „Источна Европа не постои!“ Значи, не станува збор за позитивирање на жената, на Источна Европа итн., туку за јасно претставување, за темелно настојување на структурната позиција на нееднаквоста и исклучувањето и на машката и на женската (не)релација на асиметрија.

Оттаму, *Жената не постои* не е определување на универзум на непостојни жени, кој е надополнет со универзум на мажи, туку напротив, тоа е концептуализирање универзум на мажи кој е возможен само доколку се заснова на забраната на конструирањето универзум на жени. Оттаму, стандардната критика според која теоријата на половата разлика на Лакан паѓа во замката на бинарната логика, на Едниот и не-Едниот, односно Другиот, позитивниот маж и негативната жена, целосно ја промашува поентата, зашто *La femme n’exist pas* на Лакан цели токму кон поткопување на бинарно поларната двојка, машко наспроти женско.

Ова значи дека опозицијата на двете логики, онаа на антагонизмот и онаа на разликата, го бележи несовпаѓањето, некоинцидирањето на Едното со себе. Ова несовпаѓање, оваа „чиста разлика“ може или да се разоткрие во мноштво ентитети кои формираат тоталитет на различности, или да се подели на антагонистичка спротивставеност на два термини. И, повторно, овој дуалитет ја следи логиката на Лакановите формули на сексуација – наспроти очекувањата, мноштвото различности е „маскулин“, а антагонизмот е „женски“ (Žižek, 2006). Јазот е меѓу елементот и самиот него, односно пространството на неговото сопствено место на впишување. Не станува збор за позитивна разлика, на пример, меѓу Истокот и Западот, во смисла на нејзино пополнување или бришење на разликата, со повеќе или помалку предикати или со повеќе труд, туку станува збор за местото на впишување на оваа разлика.

Оттаму, *Жената не постои* може да се концептуализира не како Другата страна, туку како самата граница. Предлагам, преку Жижек, да направиме преобратување и да се придвижиме кон са-

мата граница, формулирана како поместување, како преод од еден кон два, и ова поместување, овој преод, оваа граница, овој јаз да го именуваме како субјект. Жената е токму оваа граница.

Добар пример е оној што Жижек го дава за класната борба меѓу буржоазијата и пролетеријатот, каде што пролетеријат ја означува борбата како таква, а не едноставно, така да кажеме, снобовски спокојно, само како едната страна во класната борба. Оваа чиста разлика може или да се разоткрие во мноштво ентитети кои формираат тоталитет на различности, или да се подели на антагонистичка спротивставеност на два термини.

Затоа, предлагам одново да го поставиме *Жената не постои* од женска перспектива, проширувајќи го или, подобро кажано, универзално воспоставувајќи го неговиот антагонистички услов врз сите формули на сексуација. На почетокот кажав дека треба да се придвижиме отаде јазот меѓу празниот означител и определената содржина и да го поставиме радикалното прашање: како и преку кој насилен гест се јавува самото пространство на празниот означител? Според Жижек, тоа се јавува на три нивоа, а јас би сакала и нив одново да ги поставам:

1. Како исчезнувачки посредник меѓу природата и културата; тоа е нечовечкиот вишок слобода кој е дисциплиниран преку културата, а денес претставен како поместување, како поместување на структурното место на истиот елемент, од вишок кон неутрална база или во правец на таканаречено нулто ниво. Што значи ова? Емигранти, обоени жени итн., оние кои доаѓаат од други светови надвор од Првиот капиталистички свет – кој е единствениот „соодветно“ цивилизиран свет и кој својата цивилизација тврдоглаво и крваво ја извезува насекаде – денес веќе не се сметаат за човечки вишок (како во минатото!), но добиваме парадоксален пресврт преку кој она што се сметаше за „животинско“ (само помислете на книгите на Фанон и др.) денес се гледа како *нулто ниво на човечноста*. Тоа ја покрива чудовишноста на човекот како таков, претставувајќи ја сега како возвишена човечка суштина која треба да се надгради и да се капитализира. На поширокаата територија на Европа можеме да посочиме и на обликот на овој посредник што исчезнува, кој според Гејл Луис е телото на црната жена, или женските тела со која било боја – оние кои не се совпаѓаат со белата

боја на западноевропската висока класа – тела постојано подложени на тргување, експлоатација и подведување под различните приказни на современиот расизам.

2. Како реална разлика што им претходи на етничките и слични разлики, ќе ја именувам: класна борба или општествен антагонизам. Што значи ова настојување да се реактивира класната борба? Класната борба, како што посочи Жижек, ги надодредува (overdetermines) сите други борби, тоа е принцип што ги поткопува сите други мноштвености во борбата, претставувајќи ги не само како прости елементи во синџирот еквиваленции, туку како антагонизми. Како е возможно за мноштвеноста жени да ја примени, да ја побараме токму оваа антагонистичка логика? Следејќи ја логиката на Лакановата формула на сексуацијата, наспроти очекувањата, додека радикално политички ги читаме формулите на сексуација, гледаме дека мноштвеноста на различности е маскулин, додека антагонизмот е женски! Резултат од таквиот начин на размислување и дејствување е определено настојување кое ја надминува и ја политизира идентитетската политика на жените.

Новиот феминизам не ја преведува феминистичката битка во просто изедначување, еквиваленција на разликите, туку едно посебно одземање го прави политички оперативно и антагонистички продуктивно. Поентата на одземањето е вкупната сложена структура да се *редуцира* на нејзината антагонистичка разлика, на нејзиниот класен антагонизам. Во еден таков хоризонт можеме да бараме женската борба да не се проширува во серија еквиваленции, на пример, на *раса* за класата итн., туку одново да се прифати единствено, антагонистичко гледиште, на пример, она на *расата* како главна антагонистичка сила. Одличен пример за таков политички и структурно втемелен услов е работата на *Истражувачката група за црнечката австриска историја и присуство* од Виена. Како што изјави групата, особено Араба Евелин Џонстон-Артур и Белинда Казим (која е исто така активна и во *Заедницата на црни жени* во Виена), со „основањето на Црнечката истражувачка група го оправаме изместеното знаење за црнечката австриска историја, градејќи простор за неа и за нас, за црните луѓе во оваа земја. Клучна за ова пишување противисторија е црнечката перспектива, која ни овозможува да ги реконструираме скриените (и)стории: визионерските

историски текстови кои далеку ги надминуваат воајерските репрезентации на 'егзотичниот друг', ослободени од вообичаените расизам и сексизам. И покрај тоа што црнечката историја на оваа земја на крајот останува фрагментарна, ние – како црни истражувачи – не се плашиме да прашаме за аспектите кои не можат да се реконструираат и да создадеме можни противисториски концепти. Целта на истражувачката група, да се напукнат невидливите нешта и да се отвори ново поле за историско пишување, оттаму, е нераздел-но поврзано со процесот на себеопределување и со процесот на овозможување искуството и присуството на црните Австријци да се слушне и да стане видливо на (себе)одреден начин" (Истражувачка група за црнечката австриска историја и присуство, 2007). Накратко, антагонизмот изнесен овде, според Лакан, „нема друга релација со субјектот освен релацијата на тополошка заедница".

3. Како минимална разлика поради која поединецот/поединката никогаш не е целосно свој/своја. Ова, секако, значи дека нема позитивна суштинска определба на жена.

Со оспорување на исклучувањето класа и раса од главните текови на политичката и филозофската теорија, афроамериканските критичари ја изложуваат конфузијата меѓу нормативното и дескриптивното ниво на либералната теорија. Бел Хукс (1990) е скептична во однос на универзалните принципи на правдата која нема предрасуди кон бојата. Таа тврди (како што е дадено во книгата на Ева Плотоновска Зиарек, „Етика на консензус. Постмодерна, феминизам и политика на радикална демократија") дека таквите апстракции ја бришат акутната историска противречност меѓу историите на Евро-Американците и африканските модерности на Новиот Свет. Кели Оливер (2001) ја анализира реториката на општество кое нема предрасуди кон бојата и тврди дека оваа реторика го оспорува општествениот факт на раса и неговите ефекти, како и „белото" потекло на наводно неутралните категории како „човек" или „Американец".

Накратко, посредникот кој исчезнува, класната борба и минималната разлика треба да се разберат како антагонистички процеси на парадоксална субјективизација без субјект (*Жената не постои*). Тие се нагони кои се во состојба да го разглобат множеството

едноставно утврдени мултикултурни разлики/еднаквости во глобалниот капитализам кои се претставуваат и се истакнуваат токму за да го маскираат реалниот антагонизам кој пресекува низ современите глобални општества: класната борба. Можам да предложам за класниот антагонизам, како што би рекол Жижек, да се мисли како за *спектрална појава* (особено во време кога изгледа дека веќе немаме класни борби во Империјата, ни буржоазија, ни пролетеријат) која, истовремено, го раѓа „единственото *реално* нешто".

Библиографија

Burger, Glenn. „Queer Performativity and the Natural in Chaucer's Physician's and Pardoner's Tales." In: http://www.georgetown.edu/labyrinth/conf/cs95/papers/burger.html (последна посета 20 февруари 2006)

Copjec, Joan. 1994. *Read my Desire: Lacan against the Historicists*. Cambridge, MA and London: MIT Press.

Gržinić, Marina. 2006a. „Female consequences: Sex and rock'n'roll." In *Female Consequences. Feminismus. Antirassismus. Popmusik*, edited by Rosa Raitsamer and Rupert Weinzeirl, 103-110. Vienna: Löcker Verlag.

Gržinić, Marina. 2006b. „On Dramatization of Sexual Myths. Performed by Women artists in ex-Yugoslav space." In *Sexy Mythos*, edited by Doris Berger, Franziska Lesák, Julia Schäfer, Antje Schiffers, and Moira Zoitl. Berlin and Graz: NGBK.

Gržinić, Marina. 2006c. „Who is the political subject of possible changes in the world of global capitalism and its expropriation machine?" Invited lecture at the International conference „Do not exist: Europe, woman, digital medium" (part of Thealit program), Bremen, Germany.

Gržinić, Marina. 2005. „Performativity and Processuality." Paper Presented at INVENTORY in Dance and Perfromance. Congress, selection and organization by Martina Hochmuth and Georg Schöllhammer, Tanzquartier, Vienna.

Gržinić, Marina. 2000. *Fiction Reconstructed. Eastern Europe, Post-socialism and the Retro-avant-garde*. Vienna: Edition selene.

Hooks, Bell. 1990. *Yearning: Race, Gender, and Cultural Politics*. Boston: South End Press.

Oliver, K. 2001. *Witnessing: Beyond Recognition*. Minneapolis and London: University of Minnesota Press.

Preciado, Beatriz. 2004. „Género y performance. 3 episodios de un cybermanga feminista queer trans..." *Zehar no. 54*, 20-27. http://www.old.arteleku.net/arteleku/publications/publishing/zehar/54-the-repoliticisation-of-sexual-space-in-contemporary-

artistic-practises/view (последна посета 3 септември 2014).

Истражувачка група за црнечката австриска историја, 2006. Предавање на Академијата за ликовни уметности – Виена; Оддел за постконцептуални уметнички практики, проф. Марина Гржиниќ. http://t4.antville.org/stories/1500876/ (последна посета 20 февруари 2007)

Schwarze Frauen Community. Последна посета 20 февруари 2007. www.schwarzefrauen.net.

Šuvaković, Miško. 2006. *Studije slučaja: Diskurzivna analiza izvođenja identiteta u umetničkim praksama*. Pancevo: Mali Nemo.

Wittig, Monique. 1982. „The Category of Sex." *Feminist Issues 2* (2): 63-68.

Ziarek, Ewa Płonowska. 2001. *An Ethic of Dissensus. Postmodernity, Feminism, and the Politics of Radical Democracy*. Stanford University Press.

Žižek, Slavoj. 2006. *The Parallax View*. Cambridge, MA and London: MIT Press.

Превод од англиски:
Душица Димитровска

---

i Сите референци кон аргументите и размислувањата на Б. Пресиадо се од овој текст.

ii „(...) Квир-теоријата (...) се обидува да мапира еден подинамичен, помалку убеден пристап кон телото во движење во рамките на доминантните дискурси на моќ. Токму во потрагата по такви дестабилизирачки разидентификувања, квир-проектот треба да ги најде точките на пресекување со феминистичкото и постколонијалното проучување" (Burger).

iii Групата се состои од следните членови: Барбара Борчиќ, Марина Гржиниќ, Душан Мандич и Аина Шмид.

iv „Дава сè од себе пред секоја камера/Ја видов дури и на насловната страница/Сега успеа, сакам пак да ја видам. *Моделот*" (For every camera, she gives the best she can/I even saw her on the cover of a magazine/Now she's a big success I want to see her again. *The Model*.). Оригинален текст: „Крафтверк".

_Ф_КТ_ВН_ СТР_НЦ_

НАСТРАНИ ЧУВСТВА

Сара Ахмед[1]

„Како што ја овозможува видливоста на процесот на производство, имигрантката служи и како пример за идејата дека на семејството му е потребна заштита бидејќи ја губи оствариливоста, а која во ужасите на имагинарното сè повеќе се прикажува во неопходност на далеку побезмилосни стратегии со кои ќе се обезбеди идеалот на неговото репродуцирање. Токму ова е врската што е прикриена - односот меѓу производството на животот (дискурзивен и репродуктивен) и глобалното производство“[i]

Како што веќе кажав во претходните две поглавја, репродукцијата на самиот живот, при што животот се сврзува со одреден општествен идеал („животот каков што го знаеме“), често се претставува како загрозен од постоењето на другите: имигрантите, настраните и другите други. Другиве се извор на фасцинација кој дозволува идеалот да се утврди како идеален преку нивното отелотворување на неуспехот тој идеал да се преведе во битие или во дејство. Би забележале дека и самата „репродукција“ се доведува во прашање. Репродукцијата на животот – во форма на идни генерации – се сврзува со репродукцијата на културата преку стабилизирањето одредени поставки на живеење („семејството“). Семејството се идеализира преку наративот на закана и несигурност; семејството се претставува како ранливо, во потреба од одбрана против оние кои ги прекршуваат условите за неговата репродукција. Како што забележа Гудман, моралната одбрана на семејството како начин на живот се претвора во прашање на „глобална политика“. Веќе зборувавме за тоа дека одбраната на војната против тероризмот го евоцира „семејството“ како потекло на љубовта, заедницата и поддршката (види поглавје 3). Неопходно е одблиску да се погледне

1 *Забелешка на уредникот*: Текстот е објавен како поглавје во книгата Ahmed, Sara. *The Cultural Politics of Emotion*, (Edinburgh: Edinburgh University Press, 2004). Посебно сум благодарен на Edinburgh University Press (www.euppublishing.com) за дозволата за објавување на текстот во ова издание. Ова објавување немаше да биде возможно и без добрата волја на Сара Ахмед.

начинот на кој хетеросексуалноста се претвора во скрипта што го поврзува семејното со глобалното: спојувањето на жената и мажот на некој начин станува „раѓање“, не само на нов живот, туку на начини на живеење веќе препознатливи како форми на цивилизација. Токму наративот на спојувањето во двојка како услов за репродукција на животот, културата и вредноста го појаснува преминот во расистичките наративи меѓу стравот од странци и имигранти (ксенофобија), стравот од настраните (хомофобија) и стравот од мешање на расите (како и други нелегитимни двојки).

Ваквите наративи, односно скрипти не се создадени само за да ги озаконат политичките постапки на државата. Тие, исто така, ги оформуваат телата и животите, вклучително и оние што ги следат и што тргнуваат од таквите наративи во начинот на кој љубат и живеат, во одлуките што ги носат и што ги спроведуваат во приватниот домен на домот и работата. Неопходно е да се разгледа како принудната хетеросексуалност – дефинирана како акумулативниот ефект на повторувањето на наративот за хетеросексуалноста како идеално спојување во двојка – го оформува тоа што телата можат да го прават,[ii] дури и ако во себе не го содржи она што некој може да биде. Телата ја преземаат формата на нормите кои со текот на времето присилно се повторуваат. Повторувањето повлекува прикривање на трудот под знакот на природата. Во ова поглавје ќе покажам дека нормите излегуваат на површина како површини на телата; нормите се впечатоци, начинот на кој телата се „впечатени“ од светот, како свет сочинет од други. Со други зборови, таквите впечатоци претставуваат ефекти на трудот; површината на телата се оформува од начинот на кој дејствуваат тие и како се дејствува врз нив. Регулативните норми на некој начин функционираат како „повреди здобиени со повторување“ (repetitive strain injuries – RSI). Со повторување одредени гестови, а не на други, или преку ориентирање во одредени насоки, а не во други, телата се искривуваат; се извиткуваат во форми кои овозможуваат одредено дејство само во случај кога ја ограничуваат способноста за друг вид дејства.

Би додала дека хетеронормативноста влијае и врз површините на телата, кои излегуваат на површина преку впечатоците втиснати од другите. Принудната хетеросексуалност ги оформува телата со

претпоставката дека телото „мора“ да се насочи кон едни објекти, а не кон други објекти утврдени како идеални преку фантазијата за разликата (види поглавје 6). Затоа принудната хетеросексуалност ги оформува телата на кои легитимно „може“ да им се пристапи како на идни љубовници, а на кои не може. Со тоа што го оформува пристапот на една личност кон другите, принудната хетеросексуалност, исто така, го оформува и телото на личноста како згрутчена историја на минати пристапи. Така, сексуалната ориентација не ја претставува само насоката заземена кон посакуваниот објект, небаре оваа насока не влијае врз сè друго што правиме. Сексуалната ориентација повлекува тела кои протекуваат во световите; таа ги вклучува начините на кои телото се ориентира кон, но и подалеку од другите, што од своја страна влијае врз тоа како личноста навлегува во различните видови социјален простор (кој претпоставува одредени тела, одредени насоки, одреден начин на љубење и живеење), дури и ако не ги води телата кон исто место. Едноставно кажано, но сепак значајно да се забележи: ориентацијата влијае врз тоа што можат да прават телата.[iii] Следствено, неуспехот на една личност да се ориентира „кон“ идеалниот сексуален објект влијае врз тоа како живееме во светот што може да се прочита како неуспех за репродукција и како закана за општественото уредување на животот воопшто.

Секако, човек не мора да го прави она на што е принуден: кога нешто е принудно не значи дека е неопходно. Но да се одбие принудата на наративите на идеалната хетеросексуалност при ориентацијата кон другите сепак значи да се биде под влијание на тие наративи; тие ја запишуваат ориентацијата како форма на непослушност. Афектите кои „не ги следат“ скриптите се многустрани. Помислете колку чини психички и општествено да се сака тело кое треба да биде одбивно за субјект како мене, или да се сака тело кое „требало“ да го отфрлам, што може да вклучува срам и меланхолија[iv]. Негативните афекти на „не сосем доследното“ живеење според нормите посочува дека да се љубат не„нормативни“ љубови повлекува да се биде субјект на тие норми токму преку загубите и штетата стекнати заради тоа што тие не биле почитувани. Дали моментите на настранување се случуваат кога неуспехот да се репродуцираат нормите како форми на живот се прифаќа или се

афирмира како политичка или етичка алтернатива? Таквата афирмација не налага конверзија на срамот во гордост, туку уживање во негативноста на срамот, да се ужива во тоа што е означено како срамно од страна на нормативната култура[v].

Во ова поглавје би можело да се постави прашањето: какво е чувството да се насели тело кое не успева да го репродуцира идеалот? Но, ова не е моето прашање. Наместо тоа, би сакала да ги истражам „настраните чувствата“ без да се преведе таквото истражување во прашање на „да се чувствуваш настрано“. Таквиот превод претпоставува дека „настраноста“ (“queerness”) повлекува одреден емотивен живот, или дека постојат чувства кои телата ги „поседуваат“ со оглед на нивниот неуспех да населат или да почитуваат одреден хетеросексуален идеал. Секако, човек може да се чувствува настрано. Во самоперцепцијата за „настраноста“, перцепција која е телесна и поврзана со „прифаќање“ име, постојат одредени чувства. Но, овие чувства се посредни и прикачени на категоријата „настрано“ на комплексен и контингентен начин, токму затоа што оваа категорија се продуцира во однос на истории кои ѝ прикачуваат знак на неуспешно битствување или „небитие“.[vi] При проследувањето на афектниот потенцијал на настраноста, прво ќе ја разгледам врската меѓу нормите и афектите во дебатите за квир-семејствата. Потоа ќе продолжам со дискусија за улогата на тагата во квир политиката со конкретно повикување на реакцијата на настраните на 11 септември. На крајот, ќе ја разгледам улогата на задоволството во девијантниот животниот стил или контракултурите, поставувајќи го прашањето како задоволството во општествени и сексуални односи означени како „не(ре)продуктивни“ има функција на форма на политичко вознемирување во афектна економија организирана околу принципот кој претпоставува дека задоволството е етичко единствено како поттик или награда за добро однесување.

(НЕ)УДОБНОСТ И НОРМИ

Неопходно е да се разгледа моќната функција на хетеросексуалноста не само како серија од норми и идеали, но и преку емоциите кои ги оформуваат телата и зборовите: (хетеро)нормите се влогови,

„преземени“ и „прифатени“ од субјектите. Практикувањето на хетеросексуалноста преку почитување на нејзините скрипти при изборот на одредени љубовни објекти и одбивањето други значи да се вложиш во репродукцијата на хетеросексуалноста. Секако, хетеросексуалноста не се „извршува“ едноставно преку тоа со кого имаме или немаме секс. Хетеросексуалноста како скрипта за идеален живот налага посериозни барања. Се претпоставува дека сите поставки следуваат од поставката на парот: маж/жена. Неслучајно принудната хетеросексуалност функционира моќно во формите на најсекојдневните разговори. На девојка ѝ се поставува прашањето: „Имаш ли момче?“ а на момче: „Имаш ли девојка?“ Квир-субјектите се уморни од корекциите и отстапките што ги прават; притисокот од ваквото инсистирање, претпоставката, барањето кое налага или „премолчување“ (момент на прескокнување, кој не е секогаш достапен) или директни или индиректни форми на самооткровение (всушност, „тој“ е „таа“, или „таа“ е „тој“ или едноставно велиме „таа“ наместо „тој“ во „очигледниот“ момент). Колку и да сте „отворен“ за сопствената сексуалност, колку и да се чувствувате (не)удобно како настран/а, моментите на интерпелација постојано се повторуваат и се доживуваат како телесна повреда; моменти кои ги позиционираат квир-субјектите како неуспешни во неуспехот да го исполнат „Ај, и ти“ на хетеросексуалната самонарација. Секојдневието на принудната хетеросексуалност претставува исто така и нејзина афективност, обвиена како таква со моменти на свеченост (раѓање, брак, смрт) кои ги поврзуваат семејствата, и со тековното вложување во сентименталноста на пријателството и љубовните врски. Секако, таквата сентименталност е длабоко врежана во јавната и приватната култура; приказните за хетеросексуалните љубовни романси се распространуваат како тема на човековиот интерес. Лорен Берлан и Мајкл Ворнер тврдат: „Националната хетеросексуалност претставува механизам со помош на кој централната национална култура се замислува како санитаризиран простор на сентиментални чувства“[vii].

Санитаризираниот простор може да го замислиме како безбедна зона. Нормативноста е удобна за тие што можат да ја населат. Зборот „ удобност“ претпоставува благосостојба и задоволство, но и „спокојство“ и „леснотија“. Да се почитуваат правилата на

Да претпоставиме дека настраните задоволства, бидејќи се

„ориентирани“ кон нелегитимен објект, нема да го повратат влогот. Но, ова не е секогаш точно или е така. Според Розмари Хенеси, „настраноста“ може да се комодифицира, односно возможно е да се профитира од настраните задоволства во рамките на глобалниот капитализам: розовата фунта (the pink pound – куповната моќ на геј-заедницата (Заб. на прев.)) акумулира голема вредност[lv]. Хенеси тврди дека парите, а не ослободувањето, се одговорни за неодамнешната геј-видливост. Таа тврди: „Ослободувањето на сензорно-афектните капацитети од сојузот со семејството истовремено претставуваше повторно обединување на желбата со новите комодифицирани форми“. Создавањето несемејни желби дозволува нови форми на комодификација; „не“ во „ненормативно“ не постои надвор од постојните кругови на размена, напротив, дури и го интензивира движењето на комодитетите што се претвора во капитал (види поглавје 2). Глобалниот капитализам повлекува безмилосна потрага по нови пазари, а настраните потрошувачи овозможуваат таков пазар. Според Маркс, производството на вишок вредност зависи од експлоатацијата на трудот на другите. Комодификацијата на квир вклучува истории на експлоатирање: индустријата на удопствата која го поддржува настраниот стил на удопства, како и другите индустрии, зависи од класната и расна хиерархија. Настраноста не смее да се идентификува надвор од глобалната економија која ги преобразува „задоволствата“ во „профит“ преку експлоатација на трудот на другите.

Ваквото тврдење го предизвикува начинот на кој сексуалното задоволство се идеализира – речиси револуционерно само по себе и за себе – во рамките на одредени верзии на квир-теоријата. На пример, Даглас Кримп нуди визија за машката геј-промискуитетност како „позитивен модел за потрагата по сексуални задоволства“ (Crimp, 2002: 65), додека Мајкл Ворнер сексуалната анатомија ја дефинира како „пристап до задоволствата“[lvi]. За Мајкл Бронски, „принципот задоволство“ е причина за стравот од хомосексуалноста, како и за нејзината моќ: „Хомосексуалноста нуди визија на сексуално задоволство кое е целосно одвоено од товарот на репродукцијата: секс без друга цел, дестилат на принципот на задоволство“ (Bronski, 1998: 8). Идеализацијата на задоволството ја поддржува идејата за сексуална слобода која не е еднакво достапна

за сите: идеализацијата ги продолжува наместо да ги предизвикува „слободите“ на машкоста. Негативен модел на слобода е понуден во делата според кои настраните лица уживаат во задоволствата бидејќи се претпоставува дека се ослободени од скриптите на (хетеро)нормативното постоење: „Бидејќи социјалниот геј-живот не се ритуализира и не се индустријализира како хетеросексуалниот, секоја врска претставува авантура во речиси непозната територија“[lvii]. Иронично, но таквото читање го претвора настраното задоволство во наратив на откритие близок на жанровите кои раскажуваат за задоволствата на колонијализмот: како патување во непозната територија. Кој е истражувачот? Кој ја нуди територијата?
Сепак, и покрај тоа што настраните задоволства во рамките на глобалниот капитализам циркулираат како комодитет, тие имаат цел и да ги предизвикаат општествените норми како норми на вложување. Во поддршка на ова тврдење, неопходно е да се погледне како задоволството ги оформува телата и како тие ја заземаат формата на задоволствата. Веќе зборував за феноменологијата на болката (види поглавје 1), тврдејќи дека болката ги преоформува површините на телото преку начинот на кој телото се повлекува во себе. Задоволството го свртува вниманието кон површините кои се појавуваат како впечатоци преку средбите со другите. Но, интензивирањето на површината има сосема поинаков ефект во искусувањето на задоволството: уживањето во допирот на другиот го отвора моето тело, ме отвора мене. Според Дру Ледер, задоволството се искусува во и од светот, не само во однос на сопственото тело. Задоволството се шири: „Ги полниме телата со тоа што им недостига, отворени сме кон струите на светот, посегнуваме по другите“[lviii].

Задоволствата ги отвораат телата кон светот преку отворањето на телото кон другите. Како такви, задоволствата им дозволуваат на телата да заземат повеќе простор. Би било интересно да се разгледа, на пример, како избликот на уживање и задоволство на фудбалските навивачи завладејува со целиот град, со исклучок на оние кои не ја „споделуваат“ нивната радост или не ја возвраќаат радоста преку перформативот на задоволство. Навистина, јавноста на задоволството може да функционира како форма на агресија; како изјава „Овде сме“. Беверли Скегс (1999) покажа дека изразот на задоволство од страна на хетеросексуалците во квир-простори

дејствува и како форма на колонизација; „преземањето“ на квир-просторот остава чувство на вознемиреност, изместеност и изложеност кај настраните субјекти, особено кај лезбејките. Примерите покажуваат значаен просторен однос меѓу задоволството и моќта. Задоволството не повлекува единствено способност да се влезе во општествениот простор, односно да се насели со леснотија општествениот простор, туку функционира и како форма на полагање право и припадност. Просторите се запоседнуваат преку уживањето кое се возвраќа со тоа што е посведочено од страна на другите. Да се навратам на аргументот од почетокот на поглавјето, искажувањето на настраните задоволства може да генерира неудобност во простори засновани на „задоволствата“ на хетеросексуалноста. За настраните, искажувањето задоволство преку тоа што го правиме со телата повлекува удобноста на хетеросексуалноста да се направи помалку удобна.

Дополнително, задоволствата повлекуваат отворање кон другите; задоволството ги ориентира телата кон други тела со тоа што впечатува на површината и создава површински тензии. Но, задоволството не претставува едноставно отворање на секого кон секого. Самиот контакт зависи од разликите кои веќе впечатуваат врз површината на телата. Задоволството претставува контакт меѓу телата веќе оформени од минати истории на контакт. Одредени форми на контакт го немаат истиот ефект како други. Настраните задоволства ги изложуваат на контакт телата кои биле одвојувани од скриптите на принудната хетеросексуалност. Не сум сигурна дека ова придонесува гениталиите да бидат „оружје на задоволство против сопствената потчинетост“[lix]. Сепак, при уживањето на забранетиот или попречен контакт, настраните задоволства создаваат можност за поинаков вид впечатоци. Кога телата допираат и даваат задоволство на тела на кои контактот им бил попречен, тие се преоформуваат. Надежта во настраноста е дека повторното оформување на телата преку уживањето во она или во оној што бил забранет „впечатува“ поинаку врз површините на општествениот простор, создавајќи ја можноста за општествени форми кои не се ограничени од формата на хетеросексуалниот пар.

Настраните задоволства не се создаваат единствено при

соединувањето на телата во сексуална интимност. Родово и сексуално ненормативните тела се „здружуваат“ во просторот преку задоволството на отворање кон други тела. Ваквите настрани здружувања повлекуваат форми на активизам; начини повторно да се освои улицата, како и просторите, како што се клубовите, баровите, парковите и домовите. Надежта во квир политиката е дека зближувањето со другите, кои ни биле забранети, нè води кон поинаков начин на живот со другите. Овие можности не се поврзани со слобода од нормите или постоење надвор од кругот на размена во рамките на глобалниот капитализам. Нетрансцендентноста на настраноста дозволува настраноста да ја извршува својата работа. Затоа квир-надежта не е сентиментална. Таа е афектна токму во очи на упорноста на формите на живот кои опстануваат во негативната поврзаност со „не“. Настраноста ја одржува надежта за „неповторување“ единствено додека ја објавува упорноста на нормите и вредностите кои придонесуваат чувствата на настраните да бидат настрани во прв ред.

Превод од англиски:
Јулија Мицова

---

i Goodman, R.T. Infertilities: *Exploring Fictions of Barren Bodies* (Minneapolis: University of Minnesota Press), 194

ii Секако, фразата ја зајмив од Едриен Рич. Благодарна сум на нејзините дела кои ја демонстрираат структурната и институционалната природа на хетеросексуалноста.

iii Квир-феноменологијата може да понуди пристап кон „сексуалната ориентација“ преку преобмислување на местото на објектот во сексуалната желба, притоа фокусирајќи се на тоа како телесните насоки „кон“ одредени објекти, а не кон други, влијаат врз начинот на кој телата го населуваат просторот и просторот ги населува телата.

iv Види Butler, Judith. *The Psychic Life of Power: Theories of Subjection* (Stanford: Stanford University Press, 1997); и Braidotti, Rosi. *Metamorphoses: Towards a Materialist Theory of Becoming* (Cambridge: Polity Press, 2002), 52

v Barber, S.M. and Clark, D.L. “Queer Moments: The Performative Temporalities of Eve Sedgwick Kosofsky” во Barber, S.M. and Clark, D.L. eds. *Regarding Sedgwick: Essays on Queer Culture and Critical Theory* (New York: Routledge, 2002), 22-9

vi Промислувањето на квир-чувствата повлекува промислување на „квир“ како леплив знак. Според Батлер, зборот „квир“ е перформатив: се стекнува со нови значења преку повторување (Buttler, “Critically Queer”, 1997). Квир, порано навредлив термин (при што, да се биде квир значело да не се биде исправен, нормален, ниту човек), стана име за алтернативна политичка ориентација. Значајно е тоа што како леплив

знак, „квир“ се стекнува со нови значења не преку негово исклучување од претходните контексти на исказ, туку со нивно зачувување. Во квир-политиката се задржува силата на навредата; „не“ не се негира („позитивни сме“), туку се прифаќа, се прифаќа како име. Можноста за генерирање нови значења или нови ориентации на „старите“ значења, зависи од колективниот активизам, од процесот на здружување со цел да се расчисти простор или основа за дејство. Со други зборови, потребно е повеќе од едно тело за да се создадат семантички и политички можности. Понатаму, да не заборавиме дека квир сè уште важи за навредлив термин и дека не сите со ориентација што би ја подвеле како квир можат или би се идентификувале со ова име, или би можеле да го „слушнат“ името без да ја слушнат и историјата на неговата употреба како навредлив термин: „Сега се појави зборот *квир*. Но освен во цитати, нема никогаш да го употребам овој термин за да се идентификувам себеси или друг хомосексуалец. Овој збор, мојата генерација – мојот сопатник кој е 25 години помлад од мене го дели истото мислење – ќе го слуша секогаш со евоцирани конотации на насилство, тепање, апсење, убиство“ (Rechy, 2000: 319). Што слушаме кога слушаме зборови како „квир“ зависи од комплексните психобиографски, како и институционални истории.

vii Berlant, L. and Warner, M. “Sex in Public” во Berlant, L. *Intimacy* (Chicago: University of Chicago Press, 2000), 313

viii Види поглавје 5 за срамот, каде што го разгледувам начинот на кој нормативните тела имаат „тавтолошки“ однос кон социјалните идеи: *горди се што се приближуваат кон идеал кој веќе ја зазел нивната форма*.

ix Valentine,G. “(Re)Negotiating the ‘Heterosexual Street’: Lesbian Productions of Space” во Duncan, N. *Bodyspace: Destabilising Geographies of Gender and Sexuality* (London: Routledge, 1996), 149

x Мојата анализа во поглавје 8, глава 2, за односот меѓу вчудовидености и напуштањето на обичното, подетално го разгледува ова тврдење.

xi Секако, хетеросексуалните субјекти искусуваат неудобност при соочување со настраните лица и неконвенционалните форми на спојување во двојка, во случај кога знаците на квир-особеноста не биле прикриени. Квир политиката би ја прифатила неудобноста: настојува луѓето да се чувствуваат неудобно преку поголема видливост на квир-телата. Но, сите настрани лица не се чувствуваат удобно со императивот кој настојува луѓето да се чувствуваат неудобно. Особено со оглед на тоа што „изворното семејство“ претставува основен простор за квир-искуствата на неудобност, па од името на љубовта или грижата се прикриваат знаците на настраност. Благодарност за Никол Вителон која ми помогна во разјаснувањето на ова тврдење. Исто така, види поглавје 5 за срамот, дискусијата за квир-срамот во рамките на семејствата.

xii Глобалниот капитализам се потпира на „чувственият фетиш“ на удобноста: за потрошувачите да се чувствуваат удобно, други мора да работат напорно, меѓу нив и чистачите, како и другите физички работници. Оваа поделба меѓу трудот и удопствата (како и меѓу менталниот и физичкиот труд) има функција на инструмент на моќ меѓу и во рамките на нациите-држави. Но, односот на „работа“ се прикрива со трансформацијата на удобноста во поседување и полагање право. Ова е особено забележително во туристичката индустрија: знаците на работа се отстранети од самиот комодитет

како, на пример, од туристичкиот пакет, со цел да се зголеми неговата вредност. За анализа на комодификацијата и фетишизмот, види McClintock, A. *Imperial Leather: Race, Gender and Sexuality in the Colonial Contest* (New York: Routledge, 1995); додека за анализа на емотивниот труд неопходен за благосостојбата на потрошувачите, види Hochschild, A.R. *The Managed Heart: Commercialisation of Human Feelings* (Berkley: University of California Press,1983), 7.

xiii Dean, T. and Lane, C. “Homosexuality and Psychoanalysis: An Introduction” во Dean, T. and Lane, C. eds. *Homosexuality and Psychoanalysis* (Chicago: Chicago University Press, 2001), 7

xiv Hallberstam, J. “What’s That Smell? Queer Temporalities and Subcultural Lives”, *International Journal of Cultural Studies 6* (3), 2003, 331-33

xv Sullivan, A. *Virtually Normal: An Argument about Homosexuality* (New York: Vintage Books, 1996), 112

xvi Овде го парафразирам Франц Фанон во Црна кожа, бели маски (Black Skin, White Masks, Frantz Fanon). Но, аналогијата е ограничена: асимилацијата во бел и асимилацијата во хетеросексуалец не е еквивалентна, делумно заради поинаквиот однос на расата и сексуалноста со знаците на видливост. Види: Lorde, A. *Sister Outsider: Essays and Speeches* (Trumansburg, NY: The Crossing Press, 1984).

xvii Butler,J. “Is Kinship Always Already Heterosexual”, *Differences: A Journal of Feminist Cultural Studies*, 13(1), 2002, 14-44, 21

xviii Gopinath, G. “Nostalgia, Desire, Diaspora: South Asian Sexualities in Motion” во Ahmed, S., Castaneda, C., Fortier, A.M., Sheller, M. eds. *Uprootings/Regroundings: Questions of Home and Migration* (Oxford: berg, 2003)

xix Epps, B. “The Fetish of Fluidity” во Dean, T. and Lane, C. *Homosexuality and Psychoanalysis* (Chicago: University of Chicago Press, 2001), 412; Fortier, A.M. “Multiculturalism and the New Face of Britain”, unpublished paper, 2003

xx Epps, B. “The Fetish of Fluidity”, 413

xxi Martin,B. *Femininity Played Straight: The Significance of Being Lesbian* (New York: Routledge, 1996), 46

xxii Благодарност до Џеки Стејси, чии мудри коментари при еден разговор ми помогнаа да го формулирам аргументот.

xxiii Секако, одредени родово и сексуално ненормативни тела можат да поминат, што значи поминување во хетеросексуалниот простор. Поминувањето како технологија повлекува прикривање: поминувањето произведува ефект на удобност (не можеме да ја забележиме разликата), но не за субјектот кој поминува, кој можеби чувствува неудобност или неспокој, со оглед на постојаната закана „да се биде виден“ или фатен. Види: Ahmed (1999).

xxiv Gabb,J. “Telling Tales: Troubling Sexuality within Analysis of the ‘Lesbian Community’ and ‘Lesbian Families’”, paper presented at ‘Re-Imaginining Communities’ Conference, Lancester University, May 2002, 6; види и Lewin,E. *Lesbian Mothers: Accounts of Gender in American Culture* (Ithaca: Cornell University Press, 1993)

xxv Дебатата за квир-семејствата е исто така дефинирана во поглед на опозицијата меѓу асимилацијата и отпорот (Goss, 1997; Sandell, 1994; Phelan, 1997: 1; Weston, 1991: 2; Weston, 1998).

xxvi Weeks,J., Heaphy, B. and Donovan,C. *Same-Sex Intimacies: Families of Choice and Other Life Experiments* (London: Routledge, 2001), 37

xxvii Carrington,C. *No Place Like Home: Relationships and Family Life Among Lesbians and Gay Men* (Chicago, University of Chicago Press, 1999), 13

xxviii Carrington, *No Place Like Home*, 218

xxix Weston,K. *Families We Choose: Lesbians, Gays, Kinship* (New York: Columbia University Press, 199), 116; види и Weston,K. "Forever Is a Long Time: Romancing the Resal in Gay Kinship Ideologies" во Yanagasiko, S., and Delaney, C. eds. *Naturalizing Power: Essays in Feminist Cultural Analysis* (New York: Routledge, 1995), 93

xxx Sedgwick,E.K. *Tendencies* (London: Routledge, 1994), 71

xxxi Butler, *The Psychic Life of Power*, 135

xxxii Nunokawa,J. "'All the Sad Young Man': AIDS and the Work of Mourning"во Fuss, D. ed. *Inside/Out: Lesbian Theories and Gay Theories* (New York: Routledge, 1991),319

xxxiii Види Crimp,D. *Melancholia and Moralism: Essays on AIDS and Queer Politics* (Cambridge, MA: The MIT Press, 2002)

xxxiv Cvetkovich,A. "Legacies of Trauma, Legacies of Activism: ACT UP's Lesbians" во Eng, L.D. and Kazanjian, D. eds. *Loss: The Politics of Mourning* (Berkley: University of California Press, 2003), 427

xxxv Sturken,M. "Memorialising Absence" in Calhoun,C., Price, P. and Timmer,A. eds. *Understanding September 11* (New York: The New Press, 2002), 383-4

xxxvi Секако, останува прашањето дали „другите" ќе сакаат да им биде пренесена колективната тага. Што значи кога неоплакуваните се оплакуваат? Другиот можеби не ја сака мојата тага затоа што токму таа тага го „внесува" она на кое воопшто не му било „дозволено да биде близу". Дали Ирачаните и Авганистанците би сакале силата на западната тага да ги трансформира во загуби? Со ова се создава ризик за уште една насилна форма на апропријација, со која нивните загуби се наведуваат како „наши", налагање кое ја прикрива наместо да ја открие нашата одговорност за загубата. Изразите на носталгија и каење од страна на колонизаторите по изгубеното како ефект на колонизацијата припаѓаат во меинстримот (види Hooks, 1992). Препознавањето на другиот како тој што тажи, што изгубил (што можеби е наша одговорност) е политички поостварливо отколку тажењето за другиот или наведувањето на нивната тага како моја. Види во заклучокот Само емоции за анализа на неправдата што настапува кога оние што не можат да се оплакуваат се трансформираат во оплакувани.

xxxvii Eng,D.L. "The Value of Silence", *Theatre Journal 54 (1)*, 2002:85-94, 90

xxxviii Националната асоцијација на геј и лезбејки новинари (НАГЛН) „е организација на новинари, медиумски професионалци и студенти кои работат во новинарската индустрија и негуваат праведно и точно известување за темите поврзани со лезбејките, геј-лицата, бисексуалците и трансродовите лица. Асоцијацијата се противи на пристрасност на работното место кон сите малцинства и овозможува професионален развој за своите членови". Веб-страница: http://www.nlgja.org/ Пристапено на 22.12.2003 г.

xxxix Freud,S. "Mourning and Melancholia", *Collected Papers, vol.4*, ed. Jones, E. (London:The Hogarth Press, 1934),153

xl Freud,S. "Mourning and Melancholia", 153

xli Silverman, P.R. and Klass,D. "Introduction: What's the Problem?" во Klass,D., Silverman, P.R. and Nickman, S.L. *Continuing Bonds: New Understanding of Grief* (Philadelphia: Taylor and Francis, 1996), 3

xlii Silverman, P.R. and Klass,D. "Introduction: What's the Problem?", 19

xliii Види Eng, D.L. and Han, S. "A Dialogue on Racial Melancholia" во Eng, L.D. and Kazanjian, D. eds. *Loss: The Politics of Mourning* (Berkley: University of California Press, 2003), 365

xliv Butler, *The Psychic Life of Power*, 134

xlv Benjamin,J. *Like Subjects, Love Objects: Essays on Recognition and Sexual Difference* (New Haven: Yale University Press, 1995)

xlvi Види Diprose,P. *Corporeal Generosity: On Giving with Nietzsche, Merleau-Ponty, and Levinas* (New York: SUNY, 2002)

xlvii Crimp,D. *Melancholia and Moralism: Essays on AIDS and Queer Politics* (Cambridge, MA: The MIT Press, 2002),196

xlviii Plummer,K. *Telling Sexual Stories: Power, Change and Social Worlds* (London: Routledge, 1995), 174

xlix Политичката и правната битка за признавањето на квир-партнерите при барањата за компензација по 11 септември се од суштинско значење. Сепак, засега не е понудено такво признавање. Признавањето на загубите на настраните и на настраните лица како субјекти на тага повлекува признавање на значајноста на квир-врските. Бил Берковиц го толкува Фондот за компензација на жртвите од 11 септември, според кој одредувањето на квалификуваноста за компензација се остава на државите, на следниот начин: „Во суштина, според комплексната и извртена одлука, на геј и лезбејските семејства не им следува федерална компензација доколку немаат тестамент, или, пак, доколку државите во кои живеат немаат усвоено закони со кои се признава граѓанското партнерство, а поголем дел од државите немаат такви закони". („Victims of 9/11 and Discrimination") http://www.workingforchange.com/article.cfm?ItemId=13001 Пристапено на 6 јануари, 2004 година.

l Naples,N.A. "A Member of the Funeral: An Introspective Etnography" in Bernstein, M. and Reiman, R. eds. *Queer Families, Queer Politics: Challenging Culture and the State* (New York: Columbia University Press, 2001), 31

li Butler,J. *Bodies That Matter: On the Discursive Limits of 'Sex'* (New York: Routledge, 1993), 9

lii Bronski,M. *The Pleasure Principle: Sex, Backlash, and the Struggle for Gay Freedom* (New York: St.Martin Press, 1998), 2

liii Žižek,S. *For They Know Not What They Do* (London: Verso, 1991), 2

liv Spivak,G.C. "Can the Subaltern Speak?" во Nelson, c. and Grossberg, L. eds. *Marxism and the Interpretation of Culture* (Urbana: University of Illinois Press, 1988)

lv Hennessy,P. "Queer Visibility in Commodity Culture" во Nicholson, L. and Seidman, S. eds. *Social Postmodernism: Beyond Identity Politics* (Cambridge: Cambridge University Press, 1995), 143

lvi Michael Warner, *The Trouble with Normal: Sex, Politics, and the Ethics of Queer Life* (New York: Free Press, 1999), 7

lvii Michael Warner, *The Trouble with Normal: Sex, Politics, and the Ethics of Queer Life* (New York: Free Press, 1999), 115; види, исто така, Bell, D. and Binnie,J. *The Sexual Citizen: Queer Politics and Beyond* (Cambridge:Polity, 2000), 133

lviii Leder,D. *The Absent Body* (Chicago: University of Chicago Press, 1990), 75

lix Berlant, L. and Freeman,E. “Queer Nationality” in Berlant, L. *The Queen of America Goes to Washington City: Essays on Sex and Citizenship* (Durham: Duke University Press, 1997), 158

НАЗАДНО ЧУВСТВУВАЊЕ - ЗАГУБАТА И ПОЛИТИКАТА НА КВИР-ИСТОРИЈАТА (Вовед)

Хедер Лав[1]

Кој ќе ја напише историјата на солзите?

- Роланд Барт, „Дискурс на љубовникот: фрагменти“

Централен парадокс во која било трансформативна критика е дека нејзините стремежи за иднината се засноваат на историја на страдање, стигма и насилство. Опозиционата критика се спротивставува не само на постојните структури на моќта, туку и на самата историја која ѝ дава значење. Сè додека загубите од минатото нè мотивираат и му даваат значење на нашето сегашно искуство, обврзани сме да ги комемориграме („Никогаш нема да заборавиме“). Но еднакво сме обврзани и да го надминеме минатото, да избегаме од неговото завештание („Никогаш нема да се вратиме“). За групите образувани од историските повреди, предизвикот се состои во впуштање во минатото без тоа да ги уништи. Понекогаш се чини подобро да се продолжи – да дозволиме, како што пишува Маркс, мртвите да ги закопаат мртвите. Но токму штетните аспекти на минатото остануваат со нас, а самата желба да се заборави можеби е симптом на прогонување. Мртвите можат да ги закопуваат мртвите до бесконечност и пак да не завршат.

Историјата на западната репрезентација е распослана со трупови на родови и сексуални девијанти. Директно идентификувани-те со истополовата желба најчесто завршуваат мртви; доколку некако преживеат, тоа се случува под такви компромитирани услови што

1 *Заб. на уредникот*: Преведено и препечатено со дозвола на издавачот. Од Love, Heather. *Feeling Backward: Loss and the Politics of Queer History*, с. 1-14, 18-24. Cambridge, Mass.: Harvard University Press. Copyright 2007, by the President and the fellows of Harvard College.

смртта се чини привлечна. Навраќањето кон овие текстови и слики може да биде болно. Бројни современи критичари ги отфрлаат негативните или мрачните претставувања во целост со тврдењето дека описот на истополовата љубов како невозможна, трагична и осудена на пропаст е чисто идеолошки. Неодамнешните културни истории сведочат за далеку поширок спектар искуства во текот на векот. Сепак, и покрај таквите докази, тешко е да се отфрли афектната моќ на ваквите претставувања.

Почетните дела во геј и лезбиските студии се стремеа кон негирање на значајноста на депресивните истории. Овие критичари реагираа на насилството и стигматизацијата со тоа што ја потврдија легитимноста на геј и лезбејското постоење. Од неодамна, теоретичарите кои работат во областа на квир студиите заседоа поинаков пристап, односно ѝ се спротивставија на стигмата со тоа што ја инкорпорираа. Зборот „настран“, како и „педер“ или „лезбача“, за разлика од попозитивните „геј“ или „лезбијка“, претставуваат навреда. Кога зборот настран беше присвоен при крајот на 1980-тите години, беше избран како потсетник на долгата историја на навреди и малтретирање – болката во него врескаше. Квир-теоретичарите црпеа од енергијата на стигматизираните, како и борбените активистички групи, како што се ACT UP и Квир-нација (Queer Nation) кои први го презедоа овој „присилно слаткогорчлив“ термин.[i] Акцентот на повредата во квир студиите придонесе критичарите од оваа област поревносно да ги истражуваат мрачните аспекти на претставувањето на настраноста и настраното искуството, како и да се посветат на социјалните, психичките и телесните ефекти на хомофобијата.

Преминот кон негативното во квир студиите беше резултат и на сериозниот интелектуален ангажман со историографијата, политиката и филозофијата на Мишел Фуко во текот на овој период. Во неговиот приказ за превртените дискурси во„ Историја на сексуалноста“, Фуко опишува како доминираните групи ја искористуваат реверзибилноста на моќта. Според него, дискурсот произведува моќ „но, исто така, ја поткопува и ја изложува“; за оние свесни за трошноста на моќта постојат многубројни можности доминацијата да се промени во предност. Како парадигматичен пример за ваков премин Фуко го посочува изумот на модерната форма на хомосексуалноста изведена од сексолошките, медицинските и криминолошките дискурси

при крајот на XIX век. Опишувајќи ја транзицијата од правните и религиозни дискурси, според кои содомијата претставува грев, кон хуманистичките науки кои ја класифицираат хомосексуалноста (односно, посоодветно, инверзијата) како болест, Фуко тврди дека создавањето на новата општествена категорија ја овозможи појавата на првите хомофилни движења: „хомосексуалноста зборува од свое име и бара да се признае нејзината легитимност, односно ’природност‘, често со истиот вокабулар и со употреба на истите категории со кои беше медицински дисквалификувана“.[ii]

Хомосексуалниот идентитет е неповратно жигосан од ефектите на превртениот дискурс: од една страна, сè уште се разбира како еден вид оштетен, односно компромитиран субјективитет; од друга страна, карактеристичните форми на геј-ослободувањето се произведуваат како реакција на оваа историја. Гордоста и видливоста нудат противотров на срамот и завештанието на плакарот; создадени се по ликот на одредени форми на омаловажување. Ваквиот централен премин ја структурира настраноста; таа е абјектна и возвишена, „мешавина на прекрасно и бизарно“.[iii] Ваквата контрадикција се одвива на ниво на индивидуалниот субјективитет; хомосексуалноста се доживува како стигматизирачка ознака, но и како форма на романтична вонредност. Се јавува и на структурно ниво во јазот меѓу претставите за привлечни, богати геј-мажи и лезбејки, понудени на масите, и реалноста на тековното насилство и нееднаквоста.

Нагласокот на штетата во квир студиите постои во состојба на заостреност со сродна и спротивна тенденција – потребата да се одолее на штетата и да се потврди настраното постоење. Тензијата е очигледна во дискусиите за „напредокот“ на геј-лицата и на лезбејките во текот на XX век. Иако голем број квир критичари не се согласуваат со идејата за линеарно, триумфалистичко сфаќање на историјата, во практиката, верно сме посветени на идејата за напредокот; и покрај воздржаноста, не можеме да престанеме со мечтаењето за подобар живот на настраните.[iv] Ваквите утопистички желби се кријат во суштината на колективниот проект за квирстудиите и се составен дел од историјата на геј и лезбискиот идентитет. Сепак, критичкиот порив за решавање – барем имагинарно – на проблемите во настраниот живот го отежна целосното ангажирање со овие тешкотии. Критичарите се најдоа во чудна позиција: не сме сигурни дали треба да

се истражува врската меѓу хомосексуалноста и загубата, или да се докаже дека таа воопшто не постои.[v]

Амбивалентноста е воочлива во коментарите на дел од најтажните текстови од квир канонот. Романот на Редклиф Хал, „Бунар на осаменоста“, од 1928 година е конкретен пример. Мелодраматичниот приказ на малтретирањето и страдањето на жена-хомосексуалец на почетокот од XX век е предмет на постојани напади од страна на читателите кои сметаат дека делото е застарено, хомофобично, депресивно и манипултивно. Истовремено, романот е еден од најчитаните и најдискутираните квир романи воопшто. И покрај поплаките за токсичноста, ваквите трагични, срцепарателни прикази на истополовата желба ги привлекуваат читателите на поинаков начин од поведрите приказни за ослободувањето. Иако заинтересираноста за ваквите текстови во сегашноста е тешко да се објасни, моќните чувства кои ги поттикнуваат – позитивни и негативни – се очигледен доказ за истрајноста на нивното влијание.

Тешко е да се зборува за ваквите ефекти во критички контекст, каде што амбивалентноста се разрешува во форма на критика и во насока на политичка полза. Приматот ставен на стратешките реакции во квир студиите значи дека болните и трауматични димензии на овие текстови (и на искуството при нивното читање) се минимализирани, односно се отфрлени.[vi] Во ова дело се обидов да му одолеам на афирмативниот премин во квир студиите со цел да се задржам целосно на „темната страна“ на модерната репрезентација на настраноста. Не е јасно како мрачното претставување од минатото може да придонесе за посветла иднина за настраните. Сепак, неопходно е да се истражи импулсот кој налага овие претставувања да се исползуваат со цел да ги погледнеме целосно.

„Назадно чувствување“ се фокусира на неколку литературни текстови од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, видливо жигосани со страдањето на настраните. Обработуваните текстови на Волтер Патер, Вила Катер, Редклиф Хал и Силвија Таусенд Ворнер прилично се разликуваат еден од друг во поглед на политичкиот и естетскиот сензибилитет; нудат и радикално различни обработки на темата за истополовата желба, од болно неодредени до громогласно јасни. Сепак, текстовите формираат значајни точки во традицијата на искуството на настраните и претставувањето кое

го нарекув „назадно чувствување“. Темните, амбивалентни текстови се записи на мачните преговори на авторите со доаѓањето на модерната хомосексуалност. Таквото претставување конституира клучна „архива на чувствување“, отчет за телесната и психичката цена на хомофобијата.[vii] Во нивните дела, особено внимание посветувам на чувствата, како што се носталгија, каење, срам, очај, *ресентимент*[viii], пасивност, ескапизам, самоомраза, повлекување, огорченост, дефетизам и осаменост. Овие чувства се поврзани со искусувањето на социјалната исклученост и историската „невозможност“ на истополовата желба.

Секако, истополовата желба не е невозможна како што беше; како резултат на тоа, опстанокот на чувствата, како што се срамот, изолацијата и самоомразата во постстоунволската ера, често претставуваат повод за дополнителни чувства на срам. Засрамеността од поседувањето такви чувства, изместени бидејќи се во движење кон гордоста како парола, е акутна. Тешко е да се разбере на кој начин чувството на огорченост или самоомраза придонесува за каква било препознатлива политичка практика. Текстовите во кои се настојува на социјалната негативност го нагласуваат јазот меѓу стремежот и реалноста. Во конфликт со копнежливото стремење типично за политичката критика, тие се одговорни за реалноста која ја претставуваат и често се жигосуваат како внатрешно хомофобични, ретроградни или премногу депресивни за употреба. Сепак, текстовите имаат што да кажат: прикажуваат како е да се има „дисквалификуван“ идентитет, кој понекогаш едноставно значи да се живее со повредата – а не да се поправа таа.

СВРТУВАЊЕТО НАНАЗАД

Еден централен мит во настраното постоење го опишува ефектот на парализираност кој го остава загубата. Приказната за уништувањето на Содома и Гомора во „Книга Постанок 19“ е значајна не само како приказ за насилството извршено врз обвинетите за тежок грев – хомосексуалност; исто така, ги опишува последиците на одбивањето да се заборават таквите загуби. Предупреден од ангелите кои го посетуваат, на Лот и неговото семејство им е дозволено

да избегаат под услов да не се свртуваат назад. Иако Лот и неговите ќерки се покоруваат на наредбите на Бога и потоа создаваат нова лоза/ново потомство, неговата сопруга се врти наназад и се претвора во столб од сол. Бидејќи ја одбива судбината што ѝ ја подарил Бог, жената на Лот е отсечена од семејството и од иднината. Бидејќи се свртила наназад кон загубениот свет, таа самата е загубена: се претвора во споменик на уништувањето, амблем на вечно каење.[ix]

Во „Назадно чувствување“ преовладуваат исконски ликови кои се вртат наназад: жената на Лот, која се врти за да го погледне уништувањето на Содома и Гомора; Орфеј, кој се врти наназад кон Евридика пред портите на подземјето; Одисеј, кој се врти за да ги види сирените додека испловува неговиот брод; ангелот на историјата на Валтер Бенјамин, кој се врти од иднината за да се соочи со разораниот пејзаж на минатото. Централната тропа на вртењето наназад во мојата книга може да се разбере како фигура на фигурација. Зборот „тропа“ значи „вртење“[x]; посочува на пренасочување на зборот од буквалното значење. Со толкувањето на фигурите на назадност како алегории за историското искуство на настраните, поврзувам низа неспоиви фигури со тоа што ги извлекувам од нивните првични контексти. Целта е да се создаде еден репертоар од слики за модернистичката меланхолија на настраните, со што ќе се истакне загубата на квир-модерноста и суштински амбивалентната негација на овие загуби во рамките на литературата од тој период.

Претставата за модерноста – вклучително и навестувањето за напредок, рационалност и технолошки развој – е интимно поврзана со назадноста. Асоцијацијата на напредокот со назадувањето претставува функција не само на неуспехот на многубројните клучни проекти на модерноста, туку и на зависноста на концептот на модерноста од исклучените, понижените или заменетите други. Дипеш Чакрабарти пишува: „Доколку *модерноста* претставува дефиниран, ограничен концепт, неопходно е одредени лица или практики да се дефинираат како *немодерни*“.[xi] Доколку модерноста на крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век имаше цел да го придвижи човештвото напред, тоа го направи делумно со усовршување на техниките за мапирање и дисциплина на субјектите кои се сметале за заостанати – и на тој начин, сериозно ја засегна способноста на другите воопшто некогаш да го достигнат нивото на модернизираното човештво.

Не само сексуално и родовите девијанти, туку исто така и жените, колонизираните народи, небелите, хендикепираните, сиромавите и криминалците беа обележани како подредени со обвинението за назадност.

Естетскиот модернизам е обележан од сличен временски расцеп. Додека посветеноста на новитети несомнено претставува доминантна фигура во модернизмот, претставата за движењето не би била целосна доколку вниманието не се насочи кон немодерното во движењето – дали во примитивизмот, во интересот за традицијата, во широко распространетата реторика за декадентноста и падот, или во меланхолијата која преовладува со многубројни модернистички уметнички дела. Дури и кога модернистите создаваат ново дело, неизбежно се справуваат со старото: назадноста е особина дури и за најнапредната модернистичка литература. Општо земено, еден автор се именува за антимодернист единствено кога постои непогрешлива авторска амбивалентност кон модернизацијата. Сепак, разликата меѓу модернистот и антимодернистот е премногу груба за да се долови историската амбивалентност на повеќето текстови од тој период.

Историската амбивалентност е особено набиена, би рекла, во делата на понезначајните, односно маргинализираните модернисти. За означените како времено назадни, влогот да се биде идентификуван како модерен или немодерен бил вонредно висок. Лоцирањето на назадноста претставува начин да се сврти вниманието кон временот расцеп во срцето на модернизмот; истовремено ќе се обидам да ги опишам репрезентативните стратегии на модерните автори кои на некој начин биле обележани како назадни. „Назадно чувствување“ се фокусира на квир-модернизмот и на судбината на родовите и сексуалните туѓинци воопшто. Сепак, ќе се потрудам да образложам како акцентот на назадниот модернизам би бил од помош при истражувањето на естетските стратегии на другите во модерноста.[xii]

Без разлика дали настраните се сфатени како атавизам кон почетните фази на човековиот развој или како деца кои одбиваат да пораснат, во текот на дваесеттиот век се согледуваат како назадна раса. Перверзни, незрели, стерилни и меланхолични: дури и кога предизвикуваат страв за иднината, на некој начин го повикуваат и минатото.[xiii] Со себе го носат, како што вели Џуна Барнс за сомнамбулистичната хероина Робин Воут во „Ноќна шума“, „својството на

’враќање‘ (way back)“.[xiv] Асоцијацијата на хомосексуалноста со загубата, меланхолијата и неуспехот има длабоки корени; психоаналитичките описи на ментална ретардираност и претставувањето на кризата со СИДА-та како смртна геј-желба, претставуваат само дел од забележливите варијации на оваа тема. Со оглед на тоа што ваквите врски редовно се употребуваат против геј и лезбијките, имаме обврска да им се спротивставиме, што сепак претставува тешка задача. Неопходно е да се инсистира на модерноста на настраните; сепак, како секое тврдење за модерноста, аргументот всушност се пренасочува кон назадноста – негирана, односно надмината назадност. За настраните, жигосани како немодерни или како препрека во напредокот на цивилизацијата, желбата да се биде признаен како дел од модерниот општествен поредок е силна. Наративите за геј и лезбискиот напредок неизбежно ја повикуваат мачната историја на раѓањето на хомосексуалецот како назадно дете на модерноста.

Спорењето против назадноста е дополнително усложнето од често превидената, односно неискажана тешкотија да се направи разлика меѓу хомофобичниот дискурс и хомосексуалното постоење. Приказите на настраниот живот како назаден се идеолошки; но сепак, назадноста има статус на живеана реалност во геј и лезбискиот живот. Не само што голем број настрани лица, би рекла, се чувствуваат назадно, туку назадноста е избрана како суштинска одлика на културата на настраните. Кемп-естетиката[xv], на пример, со суптилниот интерес за застарените елементи на популарната култура и одбивањето да се надминат детските задоволства и трауми, претставува назадна уметност.[xvi] Во текот на минатиот век, настраните лица ја прифатија назадноста во многубројни форми: во славењето на перверзијата, во непокорното одбивање да се созрее, во истражувањето на опседнувањето и меморијата и во тврдоглавите приврзувања кон загубените објекти.[xvii]

Во „Назадно чувствување“ група автори од крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век се претставени во рубриката назаден модернизам. Делото на секој автор на различни начини тргнува од класичните дефиниции на модернистичката литературна практика: Волтер Патер, генерално, се одредува како доцен викторијански или естетски писател, Вила Катер како антимодернист, Редклиф Хал како народски сентиментален романописец, а Силвија

Таусенд Ворнер како доцен модернист. Авторите, исто така, се прикажани низ прилично широк политички спектар. Додека, пак, Редклиф Хол се задржа на националните аграрни вредности на нејзиното висококласно англиско потекло (на крајот прифаќајќи и одредени фашистички форми), Силвија Таусенд Ворнер беше посветен социјалист и антиимперијалист и ја посети Шпанија за време на граѓанската војна. Авторите, карактеристиката на настраноста ја носат на различен начин. За Волтер Патер може да се каже дека претставува автор кој живее и твори пред раѓањето на јавниот модерен хомосексуален идентитет (почина во 1894 година, година пред судењето за непристојност на Оскар Валјд). Од обработените автори, токму Редклиф Хал најлесно се идентификува со модерниот хомосексуален идентитет (во годините по судењето за непристојност на „Бунар на осаменоста“ во 1928 година, таа јавно и приватно се идентификувала како хомосексуалец).[xviii] Од друга страна, и покрај раниот допир со идентификацијата со настраноста и четириесетгодишната врска со Едит Луис, Вила Катер не се идентификувала себеси како настрана. Иако Силвија Таусенд Ворнер не се опирала толку остро на настраната идентификацијата како Катер, се чини дека сепак за неа врската со Валентин Екланд била дел од општата идентификација со општествените туѓинци.

Кон овие автори ме привлекува споделеното чувство на назадност во однос на настапот на модерниот хомосексуален идентитет. Додека современите геј, лезбиски и квир критичари на настраните субјекти од овој период гледаат како на изолирани лица кои копнеат за заедница во иднината, текстовите кои ги обработувам се дистанцираат од иднината: одбираат изолација, се вртат кон минатото или одбираат да живеат во сегашноста отсечени од каков било поголем историски континуум. Дел од текстовите посочуваат кон посветла иднина; истовремено, тие, исто така, ја повлекуваат, односно ја отповикуваат ваквата слика. На пример, во делото „Ренесанса: Студии за уметноста и поезијата“, Волтер Патер со нетрпение го очекува враќањето на закопаната хуманистичка топлина на автентичната ренесанса. Сепак, истовремено се подразбира дека иднината која тој ја посакува ќе биде резултат на реанимацијата на мртвите. Доколку иднината претставува ерупција на нешто сосем ново, Патер тоа не го посакува. Оваа темпорална амбивалентност одекнува низ

обработуваните текстови. Дури и во очигледно најнапредните моменти – во копнежот по работничка револуција во делото „Летото ќе покаже“ на Силвија Таусенд Ворнер, или повикот за прифаќање на хомосексуалноста при крајот на „Бунар на осаменоста“ на Редклиф Хал – овие текстови длабоко навлегуваат во минатото, како и во иднината.

Освен потрагата по назадноста на настраноста во централните литературни текстови обработувани во книгава, ги разгледувам и назадните чувства – срам, депресија и каење – поттикнати кај современите критичари. Со тоа што текстовите не се срдечни кон современите критичари – напротив ни вртат грб – тие тешко се интегрираат во квир литературната генеалогија. Во улогата на настрани читатели настојуваме себеси да се видиме како посегнуваме назад кон одредени ликови од настраното минатото за да ги ослободиме, односно за да ги спасиме. Тешко е да се сфати што треба да се прави со текстовите кои се опираат на нашето приоѓање. Текстовите или ликовите кои одбиваат искупување го нарушуваат не само прогресивниот наратив на историјата на настраните, туку го нарушуваат и нашето чувство за настраниот идентитет во сегашноста. Идентификацијата со овие ликови длабоко нè вознемирува: историјата на оштетеност на настраните ја зачувува способноста да наштетува и во сегашноста.

Жената на Лот грчевито се држи за минатото и бидува уништена од него. Овој лик одекнува на поинаков начин за настраните во декадите што следуваат по Стоунвол. Додека некогаш признавањето на хомосексуалните чувства повлекуваше препознавање на статусот на трагичен лик, геј-ослободувањето отвори многубројни насоки за бегство од проколнатите градови на едноставноста. Со зголемувањето на правната заштита и привременото вклучување во неколку области од граѓанскиот живот, геј-лицата и лезбијките повеќе не се гледаат себеси како нужно проколнати. Иако не е обезбедена посветла иднина за настраните, сепак таа може да се замисли. Меѓутоа, како и во приказната за бегството на Лот од Содома, влезот во таквата иднина е условен: минато мора да се остави во заднина.

Макс Хоркхајмер и Теодор В. Адорно ја разгледуваат опасноста на вртењето наназад во „Дијалектика на просветлувањето“. Во нивното прекажување на приказната за Одисеј и сирените, привлечноста на сирените за нив претставува „губење себеси во минатото“. Сирените

претставуваат складиште на историската меморија, но да се одговори на нивниот повик значи уништување: „доколку сирените знаат сè што се случило, иднината е цената што ја бараат за возврат“. Приказната, според Хоркхајмер и Адорно, нуди алегорија на модерната врска со историјата: во општество засновано на употребата и апропријацијата, врската со минатото може да биде само инструментална. Создавањето „фиксиран редослед на времето“ служи за да се „ослободи сегашниот момент од мокта на минатото со протерување на минатото надвор од апсолутната граница на неповратното и негово сместување, како употребливо знаење, во служба на сегашноста“. Оваа врска со минатото нема цел да го спаси како „нешто живо“, туку напротив, да го трансформира во „материјал за напредок“.[xix]

Одисеј ја преживува средбата со сирените со тоа што е врзан за едрото: иако ја слуша нивната песна, спречен е да направи што било во врска со тоа. Тоа што додека гледа наназад, продолжува да се движи нанапред, го спасува. Може да се каже дека Одисеј нуди идеален модел за врската со историското минато: слушај го, но не дозволувај да те уништи. Секако, за настраните субјекти „во движење“, идејата да се загубиш себеси во минатото не е привлечна. Сепак, нагласокот на напредокот во современата геј и лезбејска политика значи дека денес, како Одисеј, мора да се челичиме против блиските средби со минатото на настраноста. Одбивањето да бидеме задржани или да се свртиме го отежнува пристапот кон минатото како нешто живо – нехармонично, надвор од контрола, нешто способно да нè допре во сегашноста. Очигледно, уништувањето не претставува цел за движењето, но апсолутното одбивање да се задржиме во минатото повлекува други загуби. Со право ли ѝ одолеваме на песната од минатото на сирените?

„Напредокот“, како што е геј-бракот и зголемената видливост во медиумите на просперитетните геј-лица и лезбијки, се закануваа да го прикрие постојаното омаловажување и отфрлање на настраното постоење. Во меинстримот може да се влезе под услов да се раскинат сите врски со оние што не успеале – небелите и немоногамните, сиромавите и родово девијантните, дебелите, хендикепираните, невработените, заразените и многубројните други што не се споменати. Социјалната негативност не се прикачува само кон овие ликови, туку се прикачува и кон тие што живееле пред ерата на

геј-ослободувањето – безнадежното мноштво наспроти чие искуство го дефинираме сопственото ослободување. Со оглед на околностите достапни на *одредени* геј-лица и лезбијки, искушението да се заборави – да се заборави бесот и понижувањето во геј и лезбиската историја и да се игнорира тековното страдање на оние кои не се кренале со приливот на геј-нормализацијата – е посилно од кога било.

ПОЛИТИКАТА НА АФЕКТОТ

Фокусот кон чувствувањето во „Назадно чувствување“ е резултат на делата на голем број критичари кои настојуваат систематски да ја промислат врската меѓу емоциите и политиката. Во делата за расната меланхолија, геј-срамот и историската траума, критичарите се борат да ги зближат традиционално поларизираните термини како менталното и социјалното, субјектот и структурата, политиката и загубата, афектот и законот, и љубовта и историјата. Подведувањето на овие хетерогени нешта заедно е очигледно во неколку неодамнешни наслови: „Загуба: Политика на жалењето“, „Да се чувствуваш кафеав“, „Меланхолија на расата“, „Расна кастрација“, „Меланхолија и морализам“, „Психичкиот живот на моќта“ (*Loss: The Politics of Mourning; Feeling Brown; The Melancholy of Race; Racial Castration; Melancholia and Moralism; The Psychic Life of Power*). Над оваа нова маса од дела надвиснува прашањето: а што ако психичкиот и општествениот живот се премногу различни за да се артикулираат заедно на корисен начин?

Неколкумина критичари заинтересирани, па дури и вложени во спојот на психичкото со општественото искажаа загриженост за опасноста која произлегува доколку се забораваат разликите меѓу нив. Лорен Берлан во „Субјектот на вистинско чувство“ ги обработува конфликтите и политичките цели меѓу менталниот живот (особено наводната автентичност на болката и траумата) и структурната општествена трансформација. Поточно, таа ја преиспитува соодветноста на чувствувањето како основа за промислување на општественото, заради чудната феноменологија на чувствувањето, како и заради хроничното дваесетвековно преголемо инвестирање во автентичноста на неговото постоење:

„Како борбата го оформува колективниот живот кога политиката на вистински чувства ја организира анализата, дискусијата, фантазијата и политиките? Кога чувствувањето, најсубјективното нешто, она што ги објавува луѓето и ја означува нивната локација, ја опитува моќта; посредува со личноста, искуството и историјата; го презема просторот на етиката и вистината? Кога се мисли дека шокот предизвикан од болка единствено произведува јасност, додека шокот исто толку моќно произведува и паника, нераспознавање, нестабилност во основата на перцепцијата?“[xx]

Политиката и чувствата се многу различни: јавната сфера е голема, чувствата се мали; општествениот живот се случува во реалноста, во менталниот живот, некаде внатре; јавното време е колективно, мерено со часовник, додека во менталниот живот возовите речиси секогаш доцнат. Проблемите со размерот, локацијата и временоста служат за да нѐ потсетат дека јавната сфера и афектот се различни видови објекти; како такви, тие имаат различни истории и критички рамки, и налагаат различен вид одговор.

Како и за голем број други современи критичари, концептот на Рејмонд Вилјамс за „структурите на чувствувањето“ во „Марксизмот и литературата“ беше големо влијание и за мене. Вилјамс нуди критичка врска меѓу познанието и афектот, и на тој начин го изложува аргументот против „експресивната хипотеза“ на Реи Терада – идејата дека чувствувањето природно тече од субјектот и ја изразува вистината за него.[xxi] Структурата на чувствата, Вилијамс ја дефинира на следниот начин:

„Се работи за карактеристични елементи, односно за импулс, воздржаност и тон; поточно, афектни елементи на свест и врски: не чувствување против мислата, туку мислата како почувствувана и чувствувањето како мислено: практична свест од сегашен вид, во жив и меѓусебно поврзан континуитет. Потоа, овие елементи се дефинираат како „структура“: како склоп, со прецизни внатрешни односи кои веднаш се вклопуваат еден во друг под притисок. Сепак, дефинираме и социјално искуство сè уште во тек, кое не се препознава секогаш како социјално и се заменува за интимно, идиосинкратично, па дури и изолирачко, но кое при анализа (ретко во поинаков

случај) пројавува нужни, доминантни особини кои поврзуваат, всушност, специфични хиерархии“.[xxii]

Според Вилијамс, поимот „структура на чувствување“ има специфична релевантност за литературата затоа што литературата е одговорна за искуството во точката на спојување на психичкото и социјалното. Терминот е од суштинско значење и за квир студиите, во кои анализата на некодифицираните субјективни искуства е значаен прилог за изучувањето на историјата на формалните закони, практики и идеологии. Заситеноста на искуството со идеологијата е од особена важност за квир критичарите, бидејќи хомофобијата и хетеросексизмот влијаат врз секојдневниот живот на начин кој тешко може да се именува.

За Вилијамс, примарната вредност на чувствувањето во овој есеј е дијагностичка. Кога се посветува внимание на нешта како тон, облека, навика, се открива „растворањето на социјалните искуства“. Возможно е да се откријат импулси кои сè уште не се организирани како движења; можеме да го разбереме и да одговориме на историскиот момент кој сè уште не е целосно артикулиран во институциите како доминантен режим на постоење. За Вилијамс, дијагностичката употребливост на афектот се поставува во однос на општествените групи (за него, генерацијата претставува значајна групација) и на естетските текстови, но јас мислам дека треба да се земе предвид и дијагностичката употребливост на афектот во однос на индивидуалните субјекти. Особено при промислувањето на психичката штета на општествената исклученост, се чини корисно да се земат предвид низа негативни афекти во улога на индекси на општествената траума. Антихомофобичното проследување зависи од непрекинатиот фокус кон интимните ефекти на хомофобијата. Во „Назадно чувствување“, личните средби и чувствата кои тие ги измамуваат, ги заменуваат теориите на историјата и општественото.[xxiii]

Освен дијагностичкото разбирање за корисноста на афектот, критичарите од неодамна го истражуваат и афектот како мотивациски систем и како основа за создавање нови колективитети. Овој аспект на афектот денес е значен заради кризата во политичката мотивираност на левицата (Венди Браун, навраќајќи се на еден есеј на Валтер Бенјамин, ја идентификува како состојба на „левичарска меланхолија“). Оваа криза на мотивираност помага да се објасни еден

парадокс: критичарите заинтересирани во политиката на афектот вообичаено се заинтересирани за лошите афекти – не мислам само на оние заради кои се чувствуваш лошо, туку тие што се особено лоши за политиката. Најчесто се разгледуваат лошите чувства, како што се срамот и меланхолијата – чувства поврзани повеќе со засрамеността и плачот отколку со традиционалните политички активности како организирање грас-рутс[xxiv] и демонстрации.

Во „Грди чувства“, Сијан Нгаи го комбинира дијагностичкиот пристап кон афектот со фокус кон проблемот поврзан со акцијата. Нгаи ги обработува афектите кои навудум се несоодветни за политиката (на пример, завист, иритација, параноја, вознемиреност). „Ваквите занемарливи и вообичаено непрестижни чувства“ не се сметаат дури ни за катарзични – тие се одржуваат и одвлекуваат внимание и ги попречуваат акциите. Нгаи прави разлика меѓу ваквите „намерно слаби и затоа често политички двосмислени“ чувства од „возвишените страсти, како што се лутината и стравот“ (делумно разбрани како возвишени затоа што мотивираат на дејство, на возвишени дејства) и лошите чувства, како што се срамот и меланхолијата и сочувството, кои се асоцираат со (или се поврзуваат со) доблесни претстави.[xxv]



Приказот на Нгаи за корисноста на афектот е примарно дијагностички. Грдите чувства кои таа ги проследува се корисни доколку им помагаат на критичарите да ги разберат контурите на современата политичка ситуација, но малку е веројатно дека поттикнуваат на револуционерни дејства, па дури и на масовен отпор. Не би рекла дека интересот во намерно слабите чувства или одбивањето директно да се поврзат афектот и акцијата претставува незаинтересираност за акција. Напротив, би предложила дека упорниот фокус кон „некорисните“ чувства е целосно поврзан со акција: како и зошто е блокирана и како да се лоцираат мотивите за политичка акција кога ниту едно од двете не е видливо. Нгаи негативно посочува на потенцијалната врска меѓу афектот и акцијата, на пример, кога предлага дека дијагностичката моќ на одредени афекти е во неповратен однос со неспособноста тие да остваруваат дејства: „несоодветноста на колебливите намерни чувства за насилни и недвосмислени акции ја засилува нивната моќ да дијагностицираат ситуации, особено ситуации обележани од блокирани или попречени акции“. (27) Најзначајната од овие „ситуации обележани од блокирани или попречени акции“ за многумина од нас, секако, е сопствената историска ситуација. Утописката претстава дека чувствата, всушност, придонесуваат кон акција е забранета, според моето мислење, на истиот начин како што и претставата за иднината е забранета во последниот месијански момент во „Тези за филозофијата на историјата“ на Бенјамин.

Многубројни квир критичарски и активистички проекти се пооптимистични во поглед на можноста чувствувањето да претставува основа за политичка акција. Срамот како чувство – во минатото разбрано како отров кој мора да се прочисти од заедницата на настраните – е особено привлечен како основа за алтернативни модели на политика. Ив Кософски Сеџвик опсежно пишува за заразноста и непостојаноста на срамот, концепт кој е основа за нејзиното разбирање на перформативот.[xxvi] Во „Проблемот со нормалното“, срамот за Мајкл Ворнер претставува основа за „посебен вид социјалност“ во културата на настраните: „односот со другите“ во квир круговите „почнува со признавање на најабјектното и најнедостојното кај себе“. Разбирањето за споделената презреност пробива низ хиерархиите. „Сцената на настраните“, пишува Ворнер, „претставува вистински салон на отфрлените (salons des refusés) каде што заедничкото

искуство да се биде презрен и отфрлен во свет на норми кои ги согледуваме како лажен морал придонесува да се зближи најхетерогената група луѓе“.[xxvii] Повикувајќи се на делата на Сеџвик и Ворнер, Даглас Кримп го разгледува потенцијалот на срамот да ги артикулира „колективите на засрамените“.[xxviii]

Доколку срамот нè зближува, тогаш веројатно може, и ќе нè раздели, односно веќе нè разделува. Иако производството на позитивни афекти и идентификации како основа за колективни акции несомнено претставува значаен дел од политиката на чувствата, тврдам дека е неопходно да се започне потемелен ангажман со негативните афекти и со бескомпромисните тешкотии чувствувањето да се направи основа за политиката. Ваквиот пристап повлекува работа со афекти, кои вообичаено не се сметаат за политички, како и проследување на прекинот меѓу афектното и општественото. Ен Анлин Ченг ги обработува овие тешкотии во „Меланхолијата на расата: психоанализа, асимилација и скриена тага“. При разгледувањето на јазот меѓу општествената тага и општествената неправда, таа прашува дали неправдата воопшто ќе може да одговори на душевните рани на општествената нееднаквост. За Ченг, централниот проблем е дека ефектите на тагата можат да нè онеспособат да ја поправиме неправдата: постојат и лоши чувства кои не предизвикуваат желба за спротивставување. Но, тоа не значи дека не треба да се спротивставиме; значи дека мора да се најде начин како да се порамни желбата со реалното искуство доживеано при напад.

...СÈ УШТЕ БОЛИ

Класичната изјава за значајноста на стигмата во квир студиите се јавува во натписот „Критички настрано“ на Џудит Батлер. Таа ја воспева способноста на поимот „настрано“ да ја повикува долгата историја на хомофобично насилство, но се прашува дали тој ќе „ја надмине сопствената конститутивна историја на повреда“.[xxix] Таа тврди дека, за да се искористи зборот на продуктивен начин, неопходно е да се препознае неговата тешка историја, но истовремено и да се преработи за тековните политички употреби: „Доколку поимот “настрано“ треба да стане место за колективно демантирање, почетна точка за историски промислувања и идни мечти, неопходно е да

остане она што е, во сегашноста, никогаш целосно поседуван, но секогаш и единствено прераспределен, извртен, изопачен од претходната употреба и во насока на итни растечки политички цели“ (228).

Фокусот на Батлер кон импликацијата на „настраноста“ во личните и колективните повреди е суштински за навраќањето кон „измешаната историја“ на настраниот субјективитет, а нејзиниот есеј во голема мера ги постави условите за „преминот кон стигмата“ во квир студиите. Условите се јасно утврдени: стигмата е суштинска, но нејзиното прифаќање е условено од способноста да биде „свртена“ во добра полза во антихомофобични политички проекти. Како и во Фукоовата дискусија за „изумот на хомосексуалноста“, изумот на квир-студиите зависи од стратегијата за превртениот дискурс. Акцентот за потребата од постојано вртење и постојано обновување на Батлер е впечатлив. Оние кои ризикуваат да го прифатат името „настрани“ се предмет на двоен императив: мора да се соочат назад со тешкото минато, но и да се насочат напред со „итните растечки политички цели“. Според оваа визија, работата на „настранување“ (*queering*) никогаш не се извршува. Доколку со прифаќањето на „настран/а“ се согласуваме да навлеземе во „историјата на повредата“, Батлер појаснува дека не смееме да се задржуваме таму, туку мора напорно да работиме поимот да го свртиме од минатото кон иднината.

Иако во областа на квир студиите се истакнува ограниченоста на превртениот дискурс, нејзината методологија останува тесно поврзана со ваквата стратегија; ја задржува вербата во можноста за трансформација на основните материјали на општествената отфрленост во богатство за политичкото дејствување. Во овој контекст, историскиот момент на преминот кон „настраност“ не е многу поинаков од моментот на изумувањето на хомосексуалноста или моментот на геј-ослободувањето. Геј и лезбиската критика на почетокот настојуваше да ги игнорира тешкотиите во минатото со цел да создаде позитивна историја; наспроти тоа, квир критиката се фокусира на негативниот аспект на минатото со цел да го искористи за позитивни политички цели. Со оглед на заситеноста на геј-срамот и самоомразата со товарот на мачни лични и колективни истории, разбирливо е тоа што критичарите се нестрпливи да ги исползуваат позитивно. Но, мојата загриженост е дека квир студиите, во итањето да ја променат функцијата на таквите искуства, не го земаат предвид соодветно

нивното моќно завештание. Оградувањето од понижувањето во минатото и преминот кон сегашна или идна афирмација повлекува игнорирање на минатото како минато; исто така, спречува да се забележи истрајноста на минатото во сегашноста.

Во делото за бродвејскиот мјузикл „Место за нас“, Д. А. Милер предлага нов начин на промислување на врската меѓу минатото на настраноста и сегашноста на настраноста во однос на континуитет наспроти опозиција, односно оддалечување. Со оглед на амбивалентниот статус на мјузиклот во „психата на постстоунволскиот маж“, Милер предлага дека афектните животи на настранитесубјекти и натаму се структурирани како што биле и пред геј-ослободувањето:

„Бродвеј ги именува почетните претсексуални реалности на геј-искуството кон кои тоа остана засекогаш врзано во животот на голем број лица: не само осаменоста, срамот, таинственоста со кои невозможноста на општествената интеграција за првпат беше интернализирана; или прекумерната сентименталност како неопходен услов за чувствата на кои не им е дозволен реален објект; туку, исто така, интензивната, бесмислена радост која, иако не е идентична со овие беди, не може да се оддели од нив. Сепак, токму наспроти таквите реалности се дефинира постстоунволскиот геј-идентитет: декларативен, достоен, вкоренет во заедницата, кој отворено ужива во сексуални задоволства на ваквата афирмативна основа. Ниту еден геј-маж нема да се кае за размената, туку, всушност, би бил благодарен, доколку воопшто е размена, и старите срамови (како и задоволството што го открил со нив) не биле задржани долго по моментот на јавно откривање на хомосексуалноста во комплексната, непоправлива, со право наречена фатална форма на карактерот“.[xxx]

Навраќајќи се на сопствениот отпор кон повикот за геј-гордост, Милер ја следи изненадувачката упорност на предстоунволските чувства во мугрите на ослободувањето. Иако ги препознава значајните општествени и когнитивни промени појавени во зачетокот на геј-ослободувањето, Милер посочува на континуитетот меѓу личното искуство „пред“ и „по“ таквите трансформации. Претставата за ликот одбележан, односно жигосан од првите искуства на срам, го доловува чувството на неизбришливата природа на ефектите на

идеологијата. Современиот геј-идентитет се произведува од историјата на презирот кон настраноста во дваесеттиот век: геј-гордоста е спротивна претстава, односно одраз на геј-срамот, произведен токму наспроти реалноста која сака да ја поправи. Во мрачната соба на ослободувањето, „негативот“ на затворениот хомосексуалец, односно изолираното прагеј-дете се развива во фотографија на јавно прокламиран, горд геј-маж. Но, трагата на заборавените е видлива токму на површината на оваа слика, блед знак на реверзибилноста на превртениот дискурс.

Милер ја опишува настојчивоста на адолесцентните чувства кај возрасниот маж; првичните беди и радостите му се навраќаат со првичната сила, но во сосема изменет контекст. Појавата на таквите чувства, кога е веќе доцна и надвор од контекст, секако, е необјаснива, но таквите времени и просторни искривувања не се невообичаени: многу често тие се услов кој преовладува во зрелата човекова свест. Појавата на таквите чувства надвор од соодветниот историски контекст, кај субјекти чие единствено искуство на геј-идентитет е од постстоунволски размер, сепак вознемирува. Циркулацијата на предстоунволските форми на живот и структури на чувства низ постстоунволскиот свет посочуваат на историски континуитет кој е покомплексен, непоправлив и пофатален од оној од индивидуална природа. Доказот е запишан во субјективитетите на настраните мажи и жени кои израснале по Стоунвол и кои многу добро се запознаени со структурите на чувствата опишани од страна на Милер, како и со реториката на гордоста наменета да ги замени. Овие континуитети укажуваат на тоа дека директното искуство на предстоунволскиот момент не е единствено одговорно за опсегот на чувства кои денес ги означуваме како предстоунволски, чувства кои се позасрамувачки со оглед на „толеранцијата“ на современиот момент.

Делата на Милер посочуваат дека овие чувства нема да можат да се затворат во минатото; постои значајна поврзаност меѓу геј-искуството и чувството на срам и таинственост кои веќе подолго време се поврзуваат со ова искуство. Со ова не сакам да претпоставам суштинска, односно, „природна“ врска меѓу хомосексуалноста и меланхолијата. Квир критичарите спорат против натурализирањето на оваа врска и, секако, неопходно е да не се сфати ниту како суштинска, ниту како неизбежна. Но, критикувањето на таквата врска не

треба да се споредува со негирањето на нејзиното постоење; искажувањето на протестот против општественото исклучување не треба да нè спречи да размислуваме преку неговите ефекти. Иако постојат суштински разлики меѓу животот пред геј-ослободувањето и животот потоа, чувствата на срам, таинственост и самоомраза сè уште се со нас. Наместо да се одрекуваат таквите чувства како знак на личен неуспех, неопходно е да се сфатат како показ на материјални и структурни континуитети меѓу двете ери. Бидејќи преозначувањето или промената на функцијата на стигмата се споредува со политичкото во квир критиката, самата стигма е оставена настрана. Не би ја негирала значајноста на квир политиката на иднината; сепак, би посочила дека нема да ги разбереме соодветно тешкотиите на искуството на настраните доколку не развиеме политика на минатото.

УМЕТНОСТА НА ЗАГУБАТА

Напорот повторно да се долови минатото е осуден на неуспех уште од самиот почеток. За да се реконструира минатото, се гради врз урнатини; за да се оживее, се бркаат мртвите во бегство. Доволно лошо изгледа желбата да се раскаже историјата на победоносната раса, но уште полошо е да се запомни историјата на губитниците, бидејќи загубата која ги голта мртвите, другите ги впива во апсолутен мрак. Препреката да се досегнат мртвите нема да нè одврати да се потрудиме. Вирџинија Волф се повикува на патосот на неуспехот кога Лили Бриско ѝ се обраќа на мртвата госпоѓа Ремзи во „Кон светилникот“: „Госпоѓо Ремзи! Госпоѓо Ремзи!“ извика и повторно го почувствува стариот страв, „да посакуваш толку силно, а да не добиеш. Зар *сè уште* може да го нанесе тоа?“[xxxi] Госпоѓа Ремзи е недостапна не само затоа што е мртва, туку затоа што, се подразбира, желбите на „една скудна стара мома“ (269), каква што е Лили, не можат никогаш да бидат задоволени. „Зар *сè уште* може да го нанесе тоа?“ Иако контактот со мртвите е невозможен, историјата на настраните е обележана од двојна невозможност: мртвите никогаш нема да ги поседуваме; но копнежот по нив исто така е обележан со историската невозможност на истополовата желба.

Жак Лакан вели – доколку воопшто е потребно потсетување – дека љубовта претставува лекција по неуспех. Неговото славно тврдење дека „не постои сексуален однос“ го заменува централниот психоаналитички увид дека сексуалноста се состои од неуспех и невозможност, а не од совпаѓање и исполнетост. Иако таквото тврдење е вистинито за секого, некои љубови се понеуспешни од други. Истополовата желба е обележана со долгата историја на асоцијација со неуспехот, невозможноста и загубата. Не сакам да кажам дека хомосексуалната љубов во својата суштина е неуспешна или невозможна повеќе од вообичаената љубов. Асоцијацијата меѓу неуспехот на љубовта и хомосексуалноста, сепак, е историска реалност која остави длабоки ефекти врз современите настрани субјекти. Во Фројдовата психоаналитичка рамка, хомосексуалноста често се сфаќа како резултат на неуспехот да се созрее или да се надминат основните катези, и се поврзува со нарцисизмот и инфантилноста, како и со нецелосното, односно неуспешното ородување (*gendering*). Истовремено, хомосексуалните односи често се гледаат како обележани од незрелост и себичност, заради одбивањето да се направи компромис (да го прифатат бракот или моногамијата), или да му вратат на општеството (да одгледаат деца). Поради овие причини и голем број други, геј и лезбиските врски се гледаат како краткотрајни, минливи и осудени на пропаст.

Во ваквите проколнати и презриви прикази на хомосексуалноста, се забележува начинот на кој хомосексуалноста и хомосексуалците служат како жртвени јарињa за неуспехот и невозможноста на самата желба. Токму ова е централниот увид во книгата на Ли Еделман, „Без иднина“, од 2004 година, најзначајниот одговор во периодот на афирмативниот пресврт во геј, лезбиската и квир критиката и геј-нормализацијата како општествен феномен. Во дискусијата за „Птици“ на Хичкок, Еделман ја разработува „антисоцијалната извртеност на сексуалноста“ – нејзиниот отпор кон општествените форми – и посочува дека е прифатена, меѓутоа само како патологија, единствено кај оние кои и самите се извртени.[xxxii] Еделман тврди дека наместо да се негира поврзаноста со антисоцијалното (или нагонот за смрт), настраните треба да го примаат „фигуралниот товар на настраноста“ (27) – товарот да се биде претставник на распадот на општественото – наместо да се префрли на некој друг. Со други зборови, наместо

да се инсистира дека ние сме „добри гејови“, способни за моногамија и одгледување деца како и секој друг, Еделман препорачува родово и сексуално ненормативните лица да ја прифатат асоцијацијата со антисоцијалното, но сепак посочува на антисоцијалните енергии што прострујуваат низ сечија сексуалност. Тој тврди дека „настраноста ја постигнува сопствената етичка вредност единствено кога пристапува кон (местото на смртниот нагон на општествениот поредок), прифаќајќи го фигуралниот статус како отпор кон одржливоста на општественото, додека притоа инсистира на неразделивоста на тој отпор од секоја општествена структура“. (3)[xxxiii]

Книгата „Назадно чувствување“ е задолжена на долгата традиција на обработка на настраната негативност – на „Без иднина“ на Еделман и делата на Лео Берсани, Тим Дин и Кристофер Лејн.[xxxiv] Особено ме предизвика целосното одбивање на Еделман на афирмативниот пресврт во геј, лезбискиот и настраниот контекст. Мојот акцент е сосем поинаков. Помалку сум заинтересирана за описите на истополовата љубов како антисоцијална или асоцијална, а повеќе за примери на уништена или неуспешна социјалност. Иако го споделувам силниот скептицизам на Еделман кон политичките настојувања за иднината, не се согласувам со неговиот повик за поништување на иднината. Неколку од обработуваните текстови изразуваат амбивалентност кон иднината, но сосема мал дел од нив се обележани од целосното одбивање опишано од страна на Еделман. Повеќе сум заинтересирана за преминот кон минатото, отколку за одбивањето на иднината, со што се приближувам кон критичарите кои работат на срамот, меланхолијата, депресијата и патосот – доживувањето на неуспехот, а не самата негативност.

Иако централниот фокус во книгава е психичкото искуство, со психоанализата се служам само повремено. Мојот отпор е насочен кон психоанализата како дијагностичка практика на читање – кон читањето на структурата преку искуството. Ваквиот отпор се одразува и врз исчекорувањето надвор од централната методологија на културниот критицизам: идеолошка критика, или соголување на мистификацијата со цел да се открие вистината за општествените процеси. Голем број критичари во последниве години настојуваат на артикулацијата на алтернативи на ваквата интерпретативна практика. Особено се истакнува повикот на Ив Кософски Сеџвик, да се скршне од

„параноидно“ кон „репаративно“ читање во нејзиното дело „Трогателно чувство“ од 2003 година. Произлегувајќи од предлогот на Сеџвик за исчекорување од изложувањето како протокол на читање, мојот опис на историјата на чувствата на настраните е насочен кон дескриптивното наместо кон критичкото. Во книгата се обидов да ја избегнам изложеноста на историските настрани ликови како „внатрешно хомофобични“. Секако, ова обвинение би можеле да им го наметнеме на авторите (и дел од критичарите) во моето истражување; сепак, склона сум да мислам со нив, наместо против нив, да се идентификувам со нивното одбивање и нивната назадност, наместо да ги критикувам нивното одбивање и нивната назадност.

Опасноста од ваквиот пристап, секако, е недоволната оддалеченост од размислувањето и чувствата кои се штетни за начинот на настраниот живот. Постои можност премногу да се зближиме со субјектот и да ги повториме неговите/нејзините грешки. Доколку го презедов овој ризик во „Назадно чувствување“, тоа е затоа што мислам дека не е јасно, дури и на светлината на постстоунволскиот ден, што би конституирало „погрешен“ начин да се биде или да се чувствува настрано. Никогаш не е лесно да се воочи разликата меѓу идеологијата и вистинскиот живот, а за социјален живот каков што е хомосексуалноста, заситен со негативна идеологија, тргањето на велот може да нè остави со празни раце. Да ја оставиме настрана критиката, целта во „Назадно чувствување“ е да се посочи на вредноста на одредени аспекти од историскиот геј-идентитет – иако, во суштина, идеолошки – ослабени или отфрлени од последователните бранови на ослободувањето. Во центарот на сето ова се наоѓа асоцијацијата меѓу хомосексуалната љубов и загубата – врска која, историски гледано, им дала посебен увид во неуспехот и невозможноста на љубовта (секако, и надеж за нејзината иднина) на настраните. Со потврдата на таквата поврзаност наместо нејзино отфрлање, за мене, уметноста на загубата претставува специфична уметност на настраноста.

Превод од англиски:
Јулија Мицова

i Во дебатите околу преминот од геј во квир, централна беше афирмативната политика. На пример, во овој цитат од поглавјето „Зошто квир?“ од брошурата *Прочитајте квир-лица*

издадена во 1990 година: „Зар навистина мора да го користиме овој збор? Ќе создаде проблеми. Секоја геј-личност има поинаков став во врска со зборот. За некои, значењето е чуден, ексцентричен и помалку мистериозен. Тоа е во ред, ни се допаѓа тоа. Но, на некои геј-девојки и момчиња не им се допаѓа. Тие себеси се гледаат повеќе како нормални отколку како чудни. За други, 'квир' поттикнува ужасни сеќавања од адолесцентното страдање. Квир. Во најдобар случај е присилно слаткогорчлив и необичен - нарушува и боли во најлош случај. Зошто да не го користиме едноставно зборот 'геј'? Повесел е и синоним е на 'среќен'?“ Од *Queers Read This: I Hate Straights* (брошурата е раздадена во јуни 1990 година на геј-парадата на гордоста во Њујорк од Квир-анонимци). Повторно е издадена во *The Columbia Reader on Lesbians and Gay Men in Media, Society and Politics*, ed. Larry Gross and James D. Woods (New York: Columbia University Press, 1999), 588-594.

ii Michael Foucault, *The History of Sexuality, vol. 1*, превод на Robert Hurley (New York: Vintage, 1978), стр. 101. Иако Џорџ Чонси, како и многу други, го предизвикаа приказот на Фуко за изумот на хомосексуалноста, посочувајќи на неелитните извори на модерниот хомосексуален идентитет, концептот на обратен дискурс останува централен во современата квир-мисла и претставувањето. Останува импликацијата дека хомосексуалниот идентитет е повратен од општествениот презир, без разлика дали сосема се согласуваме или не со историскиот наратив на Фуко. Дисквалификацијата доаѓа од повисоко ниво во форма на медицинско припишување патологија или од пониско ниво во форма на клевета и насилство; како и да е, навредата останува централна во животот на геј-мажите и на лезбејките. Самиот поим „хомосексуалност“ – накитен во помалку клиничкиот и повесел збор „геј“ или омаловажен со вулгарниот „квир“ – ја задржува трагата на своето потекло во лабораторијата. George Chauncey, *Gay New York: Gender, Urban Culture, and the Making of the Gay Male World, 1890-1940* (New York: Basic Books, 1994). За значајноста на навредата при создавањето на геј-идентитетот, види: Didier Eribon, Insult and the *Making of the Gay Self*, превод Michael Lucey (Durham, NC: Duke University Press, 2004).

iii Цитатот од романот на Карсон Меккулер, *Член на свадбата*, е извор за насловот на поглавјето на книгата на Рејчел Адамс во *Sideshow U.S.A.* Rachel Adams, *Sideshow U.S.A.: Freaks and American Cultural Imagination* (Chicago: University of Chicago Press, 2001).

iv Види Jennifer Terry, „Theorizing Deviant Historiography“, *differences* 3:2 (1991): 55-74 за пример на квир-критиката за прогресивистичката историја.

v Структурната амбивалентност е очигледна во два одлични натписи за меланхолијата и квир-претставувањето. Во *Вртење назад* (*Turning Back*), Агнус Гордон се согласува со Мајкл Ду Плесис дека не постои суштинска поврзаност меѓу хомосексуалноста и меланхолијата, дури и кога признава дека за него концептот претставува „неодолива хеуристична метафора“. Види: Michael du Plessis, „Mother's Boys: Maternity, Male 'Homo-

sexuality‘ and Melancholia“, *Discourse 16* (1993): 143-173; и Angus Gordon, „Turning Back: Adolescence, Narrative and Queer Theory“, GLQ 5:1 (1999): 1-24. Дискусијата на Гордон за меланхолијата, детството и порекнувањето на загубите на плакарот влијаеше на мојот опис за вртењето назад. Исто така, види: Elspeth Probyn, „Suspended Beginnings: Of Childhood and Nostalgia“, во *Outside Belongings* (London Routledge, 1996), 93-123, за афирмативна но сепак мрачна дискусија за квир-носталгијата. За меланхолијата во однос на загубата во квир-историјата (особено во поглед на лезбејската историографија), види: Valery Traub, *The Renaissance of Lesbianism in Early Modern England* (Cambridge: Cambridge University Press, 2002). Теоријата за историската меланхолија на Трауб ја разгледувам во првото поглавје.

vi Иако постојат дискусии за негативноста на изолирани текстови или традиции од страна на критичарите, квир-претставувањето е проследено, па дури и е дефинирано со раздор. Види ја, на пример, дискусијата на Кетрин Стимпсон за традицијата на „падот на умирање“ во „Zero Degree Deviancy: The Lesbian Novel in English“, *Critical Inquiry 8* (1981): 363-379, и прегледот на хомосексуалната литература во воведот на Christopher Nealon, *Foundlings: Lesbian and Gay Historical Emotion before Stonewall* (Durham, NC: University Press, 2001), 9-10. Исто така, види: Carolyn Allen, *Following Djuna: Women Lovers and the Erotic of Loss* (Bloomington: Indiana University Press, 1996); Leo Bersani, *Homos* (Cambridge, MA: Harward University Press, 1995); и Dianne Chisholm, *Queer Constellations: Subcultural Space in the Wake of the City* (Minneapolis: University of Minnesota Press, 2005). Чувствата, како што се изолираност, амбивалентност, срам и осаменост, се јавуваат не само во жолчните дела на авангардата или во сентименталните прикази на хомосексуалната трагедија: тие се читливи и во приказните за триумфот и исполнувањето.

vii Фразата „архива на чувства“ ја зајмив од Ен Цветковиќ (Ann Cvetkovich) и нејзиното дело *An Archive of Feelings: Trauma, Sexuality, and Lesbian Public Cultures* (Durham, NC: Duke University Press, 2003).

viii Филозофски термин, од француски: *ressentiment* – јадосаност, бес. (Заб. на прев.)

xix За дискусија на приказната за жената на Лот во контекст на феминистичкото движење и проблемот на „повратено сеќавање“, види: Janice Haaken, *Pillar of Salt: Gender, Memory and the Perils of Looking Back* (New Brunswick, NJ: Rutgers University Press, 1993). Конкретно, за квир-употребата на овој лик, види: Christopher Castiglia, „Sex Panics, Sex Publics, Sex Memories“, *boundary 2 27:2* (Summer 2000): 149-175.

x Од зборот со грчко потекло *tropos*, латинско *tropus* – насока, тек, правец, вртење. (Заб. на прев.)

xi Dipesh Chakrabarty, *Habitations of Modernity: Essays in the Wake of Subaltern Studies* (Chicago: University of Chicago Press, 2002), ix.

xii Значајноста на временоста, а особено „негирањето на едноврсноста“, како што ја нарекува Јоханес Фабијан, во создавањето на модерноста се разработени во неколку

современи дела. Види: Johannes Fabian, *Time and the Other* (New York: Columbia University Press, 1983). За подобра општа претстава на овие дела, види: Rita Felski, „New Cultural Theories of Modernity“ во Doing Time: Feminist Theory and Postmodern Culture (New York: New York University Press, 2000), 55-76. За список на дела кои го обработуваат концептот на алтернативни модернитети, види: Arjun Appadurai, *Modernity at Large: Cultural Dimensions of Globalization* (Minneapolis: University of Minnesota Press, 1996); Homi Bhabha, *The Location of Culture* (London: Routledge, 1994), особено заклучокот, „’Race‘, Time and the Revisions of Modernity“; Dipesh Chakrabarty, *Provincializing Europe: Postcolonial Thought and Historical Difference* (Princeton, NJ: Princeton University Press, 2000) и Habitations of Modernity; Brent Edwards, *The Practice of Diaspora: Literature, Translation, and the Rise of Black Internationalism* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 1995); Dilip Parameshwar Gaonkar, *Alternative Modernities* (Durham, NC: Duke University Press, 2001); Paul Gilroy, *The Black Atlantic: Modernity and Double Consciousness* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2002); Michael Hanchard, „Afro-modernity: Temporality, Politics, and the African Diaspora“, Public Culture 11 (1999): 245-268; Timothy Mitchell, ed., *Questions of Modernity* (Minneapolis: University of Minnesota Press, 2000); Michael North, *The Dialectic of Modernism: Race, Language and Twentieth-Century Literature* (New York: Oxford University Press, 1994); Joseph Roach, *Cities of the Dead: Circum-Atlantic Performance* (New York: Columbia University Press, 1996); Gayatri Spivak, *A Critique of Postcolonial Reason: Toward a History of the Vanishing Present* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 1999).

xiii За дискусија за начинот на кој лезбејките се поврзани со задоцнетото и анахроното во наративот, види: Annamarie Jagose, *Inconsequence: Lesbian Representation and the Logic of Sexual Sequence* (Ithaca, NY: Cornell University Press, 2002). Поглавјето за „Госпоѓа Даловеј“ на Вирџинија Вулф е од особена важност. Таа опишува како љубовта на Кларисa кон Сели Сетон се преназначува во „речиси историски период“ (98); во меѓувреме, госпоѓица Килман, која го отелотворува „крајно невкусното оформување на хомосексуалноста во сегашно време“ (99), е веднаш презрена и се поврзува со примитивното, односно предисториско минато.

xiv Djuna Barnes, *Nightwood* (New York: New Directions, 1937), 40.

xv Од англискиот збор „camp“, со преносно значење - вид хумор привлечен заради својата дрскост и своето исмевање. (Заб. на прев.)

xvi За описи за камп-естетиката, види: Esther Newton, *Mother Camp* (Chicago: University of Chicago Press, 1979); David Bergman, *Camp Grounds: Style and Homosexuality* (Amherst: University of Massachusetts Press, 1993); Morris Meyer, *The Politics and Poetics of Camp* (New York: Routledge, 1994); Mathew Tinkcom, *Working Like a Homosexual: Camp, Capital, Cinema* (Durham, NC: Duke University Press, 2002); Susan Sontag, „Notes on Camp“ (1964), во *Against Interpretation: And Other Essays* (New York: Picador, 2001); D. A. Miller, „Sontag’s Urbanity“, Oc-

tober 49 (Summer 1989): 91-101. За осврт кон значајноста на детските трауми и задоволства во современите супкултури со нагласок на назадните тенденции на квир-културата, види: Cvetkovich, *Archive of Feelings*.

xvii За современа употреба на ликот кој се врти наназад, види: Mark Turner, *Backward Glances* (London: Reaktion, 2003), книга за културата на крузингот (од англискиот збор „cruising“, со преносно значење - да се бара сексуален партнер на јавни места) (Заб. на прев.). „Broadview Press“ неодамна исто така издаде антологија на геј-американските дела, со наслов *Glances Backward*, ed. James Gifford. Уште една форма на назадност која привлече големо внимание во квир-студиите е значајноста на срамот и срамежливоста во создавањето на квир-светот. Во нејзините дела за Хенри Џејмс, Ив Кософски Сеџвик предлага дефиниција на квир-особноста во однос на срамежливоста: „Некои бебиња, деца и возрасни, кај кои срамот важи за најголемиот посредник во идентитетот, се нарекуваат... срамежливи. (’Се сеќавате на педесеттите?‘ прашуваше Лили Томлин. ’Во педесеттите никој не беше геј, туку беше срамежлив.‘) Би го предложила терминот квир како најкорисна референца за оваа група, група која се поклопува, сочинета од бебиња и деца, оние чиј идентитет случајно е настроен најочигледно кон срамот“. Види: Eve Kosofsky Sedgwick, *Touching Feeling: Affect, Pedagogy, Performativity* (Durham, NC: Duke University Press, 2003), 63. Исто така, види: Eve Kosofsky Sedgwick, *Shame, and Its Sisters* (Durham, NC: Duke University Press, 1995); Michael Warner, *The Trouble with Normal: Sex, Politics, and the Ethics of Queer Life* (1999; Cambridge, MA: Harvard University Press, 2000); D.A. Miller, *Place for Us: Essay on the Broadway Musical* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 1998); Jennifer Doyle, Jonathan Flately, and José Esteban Munoz, eds., *Pop Out: Queer Warhol* (Durham, NC: Duke University Press, 1996); José Esteban Munoz, *Disidentifications: Queers of Color and the Performance of Politics* (Minneapolis: University of Minnesota Press, 1999).

xviii За осврт кон интимните размислувања на Хал за нејзиниот идентитет на хомосексуалец, види ги писмата собрани во: *Your John: The Love Letters of Radclyffe Hall*, ed. Joanne Glasgow (New York: New York University Press, 1999).

xix Max Horkheimer and Theodor W. Adorno, *Dialectic of Enlightenment: Philosophical Fragments*, ed. Gunzelin Schmid Noerr, превод: Edmund Jephcott (Stanford, CA: Stanford University Press, 2002), 25-26.

xx Lauren Berlant, „The Subject of True Feeling“ во *Feminist Consequences: Theory for the New Century*, ed. Elisabeth Bronfen and Misha Lavka (New York: Columbia University Press, 2001), 126-160.

xxi Rei Terada, *Feeling in Theory: Emotion after the Death of the Subject* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2003).

xxii Raymond Williams, „Structures of Feeling“, во *Marxism and Literature* (Oxford: Oxford University Press, 1985), 132.

xxiii Големо влијание за мене во разбирањето слични премини меѓу личното и општественото беше разработката на Нилон на „да се чувствуваш историски“ во *Foundlings*. Според него, „сексуалноста претставува начин на обраќање, склоп на односи, живеани и замислени, постојано исфрлени пред нашата ’вистинска‘ личност во сегашното време, како еден вид навигација или пролептички цртеж на историските личности“ (180). Делото на Нилон е поопширно обработено во првото и во третото поглавје.

xxiv Од англискиот збор „grass-roots“, со значење јавен и политички активизам и организирање на широките социјални слоеви. (Заб. на прев.)

xxv Sianne Ngai, *Ugly Feelings* (Cambridge, MA: Harvard University Press, 2004), 6, 26.

xxvi Види: Sedgwick, *Touching Feeling*, esp. 35-36.

xxvii Warner, *Trouble with Normal*, 35-36.

xxviii Douglas Crimp, „Mario Montez, for Shame“ во *Regarding Sedgwick: Essays on Queer Culture and Critical Theory*, уред. Stephen M. Barber и David L. Clark (New York: Routledge, 2002), 66. За критика на геј-срамот како форма на носталгија типична за белите квир-студии, види: „What’s Queer about Queer Studies Now?“ уред. David Eng, Judith Halberstam, Jose Esteban Munoz, special issue, *Social Text 84/85* (October, 2005).

xxix Judith Butler, „Critically Queer“, во *Bodes that Matter: On the Discursive Limits of „Sex“* (New York: Routledge, 1993), 223.

xxx Miller, *Place for Us*, 26.

xxxi Virginia Woolf, *To the Lighthouse* (New York: Harcourt, Brace and World, 1927), 300.

xxxii Lee Edelman, *No Future: Queer Theory and the Death Drive* (Durham, NC: 1927), 143.

xxxiii За четиво поврзано со антихомофобичните можности на психоаналитичкиот опис на сексуалноста, види: Tim Dean *Beyond Sexuality* (Chicago: University of Chicago Press, 2000). Дин тврди дека не само толкувачите на Лакан, туку и самиот Лакан секогаш не ги воочувал најрадикалните импликации на неговите теории: „Аксиомата на Лакан дека ’не постои сексуален однос‘ ѝ противречи на хетеросексистичката претпоставка за комплементарноста меѓу родовите; сепак, Лакановите објаснувања за аксиомата се искажани во поглед на неуспехот на секој од родовите да се поврзе со другиот, отколку во неуспехот на сексуална релационост како таква, независно од родот“ (17).

xxxiv За поучна и провокативна дискусија на ваквата традиција, види: „The Antisocial Thesis in Queer Theory“, првпат издадена во 2006 година во ПМЛА, во која се собрани кратки есеи како резултат на панел-дискусијата одржана во 2005 година во МЛА во Вашингтон Ди-Си. Во дискусијата, Роберт Л. Касерио (заседавачот со панел-дискусијата), Ли Еделман, Џудит Халберстам, Хосе Естебан Муњоз и Тим Дин разговараат за десетгодишнината од издавањето на „Homos“, Leo Bersani. Тезата во делото на Берсани, разработена преку анализа на Фројд, Пруст, Генет и Гид, е дека постои вродена асоцијалност во геј-желбата. „Forum: Conference Debates. The Antisocial Thesis in Queer Theory“ *PMLA* 121.3 (May 2006): 819-828.

СЕКОЈДНЕВИЕТО НА ТРАУМАТА НА НАСТРАНИТЕ

„Архива на чувства“

Ен Цветковиќ[1]

Велат дека живееме во култура на траума, дека живееме во време на криза, криза што се манифестира во чувствата на луѓето, без разлика дали се работи за отрпнатост или за вознемиреност, за недостиг на чувства или за премногу чувства.[i] Но, велат и дека нарекувањето на културата „трауматична“ претставува симптом, а не дијагноза, краткорочно решение за духот на времето (*zeitgeist*), со кое структурната состојба погрешно се толкува како чувство. Неодамна, значаен број на дела во рамките на американските истражувања придонесоа кон критиката на културата на САД, опишувајќи ја како култура на траума. Венди Браун ја опишува идентитетската политика како политика на огорченост, во која на државата полагаат право индивидуални лица или групи што се конституираат како повредени жртви чија болка мора да се обесштети.[ii] Марк Селцер пишува за културата на повреда, при што ја разгледува културната опсесија со сериски убиства и со други предели на насилство, кои создаваат „патолошка јавна сфера“.[iii] Лорен Берлан го разработува поимот „интимна јавна сфера“ како резултат од процесот при кој „граѓанинот се дефинира како лице трауматизирано од одредени аспекти на животот во Соединетите Американски Држави“.[iv] Во овие анализи, трансформацијата на културата на САД во трауматична култура се претставува како проблем што ги одразува неуспехот на политичката култура и нејзината замена со сентименталната култура (културата на чувства), односно со воајерската култура на спектаклот.

---

1 *Заб. на уредникот*: Текстот е извадок од поглавје од книгата Cvetkovich, Ann. *Archive of Feelings: Trauma, Sexuality, and Lesbian Public Culture* (Durham and London: Duke University Press, 2003), с. 15-49. Објавувањето на текстот е направено со дозвола на авторката. Неизмерно сум благодарен на проф. Цветковиќ за љубезноста и подршката што ја даде за овој проект.

Иако критиките на културата на траума се од незаменливо значење за моето промислување на траумата како категорија на националната, а особено на американската, јавна култура, наместо да ги напуштам, ги насочувам во поинаков контекст, со тоа што ја истражувам траумата како темел за создавање на контрајавните сфери. Ја споделувам загриженоста на критичарите на проблемот, кој Лиза Дуган го нарекува „исчезнувачка јавност“ (*incredibly shrinking public*), каде што нападите на јавните институции, почнувајќи од уметностите, образованието, па сè до социјалната грижа, придружени од ефектите на приватизација и на глобализација, во голема мера, резултираа со намалени ресурси и со „арени“ за јавна и за демократска дебата.[v] Но, не би сакала да отстапам ниту од присуството на културните формации ниту од ветувањето за такви културни формации што ги внесуваат трауматичните истории во јавната сфера и, преку приказните за афектното искуство, ја трансформираат нашата претстава за елементите што ја конституираат јавната сфера. Како што предлага Берлан, „во патриотски проткаената псевдојавна сфера на сегашноста, националната политика не ја подразбира претставата за нацијата како простор за борба што е насилно разделен од расни, сексуални и од економски нееднаквости, кои навлегуваат во секоја можна социјална локација“.[vi] За разлика од ова, мојава книга и јавните култури што таа ги документира *ја земаат* за почетна точка „нацијата како простор за борба“, во обид да ги обелодени формите на насилство што се заборавени или се прикриени од амнезиската моќ на националната култура, која вешто ги потиснува трауматичните приказни една преку друга. Оваа верзија на националната траума не е секогаш присутна како медиумски спектакл, бидејќи често оперира на помалку драматичниот терен на секојдневното искуство и повлекува група на луѓе што не полагаат право да се претставуваат како репрезентативни граѓани. Даглас Кримп, на пример, траумата за *геј*-мажите поврзана со СИДА делумно ја сместува во нивната невидливост за националната култура. Иако СИДА се стекна со значително внимание во националната јавна сфера, голем број од загубите, како што е незаштитениот секс, остануваат игнорирани или презрени.[vii]

Овде, лезбиските локации на траума остануваат незабележани од радарот на националната јавна култура. Притоа, не мислам на холивудските блокбастери, медиумските настани, или на националните кризи, како војната во Виетнам или како атентатот на Кенеди. Всушност, се противам на начинот на кој траумата се користи за да се зајакне национализмот, кога тој се конструира како рана што мора да зацели во име на единството. Како и Кетлин Стјуарт во нејзиното истражување на Апалачката култура, се фокусирам на „просторот покрај патот“ – локации на културата што често изгледаат премногу локално или премногу специфично за да ја претставуваат нацијата. Исто така, го посочувам начинот на кој транснационалните перспективи ги предизвикуваат границите на нацијата како географска и како концептуална категорија. Со конкретен акцент на лезбиската јавна култура и на останатите локации на настраноста поврзани со неа, се повикувам на категориите на идентитетската политика, кои ги критикува Венди Браун, но ги истражувам јавните артикулации на траумата, за кои ниту идентитетот ниту државата не претставуваат средство за нејзиното решавање. Одбивајќи краткорочно решение за траумата, како што е, на пример, раскажувањето на приказната како начин да се објави идентитетот или да се бара законско обесштетување, случаите што ме интересираат нудат непредвидливи форми на политика што произлегуваат од оние моменти кога траумата немилосрдно се изложува во јавноста, наместо таа да се опфати во рамките на некој институционален проект. Го оставам отворено прашањето за начинот на кој афектното искуство дава повод за јавната култура и не работам со претпоставките за тоа што поточно ги конституира културата или политиката или, пак, што поточно го конституира нивниот спој. Оттука, во моето проучување на траумата, всушност, го проследувам начинот на кој афектното искуство, кое не припаѓа во институционализираните или во стабилните форми на идентитет или на политика, може да ја оформи основата на јавната култура.

Со воведната дискусија за траумата како социјална и како културна категорија, во книгава, траумата се препознава како предмет на дискурс што има долга историја. Мојата употреба на поимот потекнува од традицијата родена во деветнаесеттиот век, кога поимот *траума*, кој претходно се однесувал на физичка рана, се применувал и за ментална или за душевна болка. Медицинскиот антрополог Ален Јанг ги лоцира зачетоците на дускурсот за траумата во феноменот на „железничкиот шок“ (*railway shock*): несреќите, кои претставувале неизбежна последица на развојот на железничката технологија, кај

дел од жртвите предизвикувале симптоми на нервна болка без видлива физичка основа.[viii] Оттука, траумата и модерноста можат да се разберат како заемно конститутивни категории. Траумата е едно од афектните искуства, или, со зборовите на Рејмонд Вилјамс, една од „структурите на чувства“, специфични за проживеаното искуство на капитализмот. Според останатите марксистички теоретичари, а особено според Валтер Бенјамин, категоријата *шок* претставува начин на опис на модерниот живот, пред сè во урбан контекст, во обид да се посочат неговите ефекти на сетилата.

„Го помнам гласот (на Чак Вејн) – зајадлив, надмен и мошне иритирачки... Поголем дел од прашањата, проникливи и интимни, беа за нејзиното семејство и за татко ѝ. На креветот, Еди се двоуми дали да реагира на додворувањето на момчето до неа или да одговори на прашањата и коментарите кои доаѓаат од човекот во сенка. На моменти ја наведнува главата, небаре сака да го допре или да го вкуси момчето, иако е отсутна со мислите. Се сеќавам дека една од заповедите од човекот беше да го вкуси ’кафеавиот шеќер‘, но таа ја крена главата, како животно ненадејно растревожено на работ од поилото, и преку креветот се џареше во иследникот седнат во сенка. Се сеќавам дека моментот беше прилично драматичен, барем во споредба со она што го имав видено дотогаш, дотолку повеќе затоа што изгледаше реално, како сцена од животот, што всушност и *беше*“.[xx]

На кој начин се израмнуваат сцените на повреда и засрамување со она што го опишав како етички проект кој има цел да го покаже светот на настраните на разликите и сингуларностите во 1960-тите години? Како влијае збунетоста на гледачот од Ворхоловите техники на изложување врз вообичаениот процес на идентификација на набљудувачот?

За да се одговори на овие прашања, мора да се свртиме кон сегашноста, бидејќи нејзините сексуални политики се тие што го подгреваат мојот интерес во оваа историја.

По повод годишниот марш на гордоста во Њујорк во 1999 година, весникот „Њујорк тајмс“ напиша:

„Кога во 1969 година, претставници на полицијата ги протераа геј-гостите од ’Стоунвол Ин‘, тие во одбрана на своите права настапија со граѓански немир кој траеше три ноќи – во кој првенствено учествуваа мажи во дрег-облека... Зградата во која некогаш се наоѓаше ’Стоунвол Ин‘ на улицата Кристофер ја имаше честа да биде заведена во Националниот регистар на места од историска важност, со што стана првата локација во земјата со која се оддава признание на придонесот кој за националната култура го дадоа Американците кои се геј и лезбијките. Ова ја одбележа и еволуцијата на движењето за геј-права од маргинална активност во организиран напор со влијание кај власта и значителна политичка сила“.

Со забелешка дека на геј-парадата беа присутни градоначалникот Рудолф Џулијани и началникот на противпожарната бригада Томас Вон Есен, Тајмс заклучува: „Работите навистина се изменија од оние бурни летни ноќи во 1969 година“.[xxi]

Ставот на „Њујорк Тајмс“ го открива степенот до кој многубројните митови за Стоунвол и напредокот на геј-правата станаа банални и официјални, дотолку повеќе што весникот ритуално ја одобрува застапеноста на дрег-кралиците меѓу протестантите во Стоунвол. Би можеле скептично да гледаме на ваквиот тип безбедна нарација за напредокот преку незабележителното известување за учеството на градоначалникот во парадата,

бидејќи ноќниот настран живот во Њујорк никогаш не бил соочен со поголем напад, како денес, од страна на градските власти од деновите на Стоунвол. Вознемирувањето и запечатувањето на геј-клубовите стана вообичаена практика во Њујорк. Разидувањето меѓу заклучокот на „Њујорк Тајмс“ дека сме постигнале многу и искуството на повеќето од нас беше причина заедницата на настраните да организира, во рамките на прославата на маршот на гордоста, противнастан експлицитно посветен на срамот. Годишното списание на *Gay Shame* беше наречено „Голтни ја гордоста“. Навидум наликува на вообичаената практика на општиот дрзок хумор кемп[xxii], нормализирање на геј и лезбиската политика. Но со оглед на местото кое срамот го зазема во квир теоријата – како и во поранешната култура на настраните, дури и кога гореспоменатото за *Пробно снимање бр. 2* на Ворхол би го сметале за репрезентативно за таа култура – би било умно да се сфати сериозно.

Што е настрано во срамот? И зошто се поставува наспроти наводната политика на геј-парадата за истребување на срамот?

Одговорот го побарав во есејот на Сеџвик „Квир перформативност: 'Уметноста на романот' на Хенри Џејмс“.[xxiii] Шематски, Сеџвик предлага дека срамот нè прави настрани, во смисла на настран идентитет и во смисла дека настраноста е во непостојана врска со идентитетот, при што го дестабилизира идентитетот уште во самиот процес на создавање. Сеџвик во срамот ја наоѓа поврзаноста меѓу „перформативност и – перформативност“, односно меѓу двете значења на перформативност употребени во плодното дело на Џудит Батлер, „Проблеми со родот“, перформативност 1: „поимот перформативност во дефинирачкото значење на театралност“, и перформативност 2: во „теоријата за говорните чинови и деконструкција“, според кои постои „нужно 'аберантен' однос“ меѓу перформативниот исказ и неговото значење. За да го демонстрира ова, Сеџвик тргнува од парадигматската инстанца за перформативот на Џ. Л. Остин во „Како да правиме нешто со зборовите“, од *Те земам* („I do“) во „те земам за венчана сопруга“ (иронично што официјалното геј и лезбејско движење ја насочи целата своја енергија и ресурсите за да биде во можност да го изговори токму овој перформатив). Сеџвик тргнува од „I do“ на Остин и се движи кон „поперверзното“, со нејзини зборови

„деформативното“, „Срам да ти е“, за кое јас предлагам „Срамота“, бидејќи лингвистички, перформативно, функционира на ист начин, но во писмена форма може да се прочита онака како што јас претполагам: прокламира срам. Се надевам дека ќе успеам да објаснам дека начинот на кој јас го претполагам срамот е спротивен, на пример, на ставот на конзервативниот католички идеолог Ендрју Саливан кој тврди дека во американското општество нема доволно срам. Погледот на Саливан за функцијата на срамот е конвенционално моралистички; мојот е етичко-политички.[xxiv]

Според Сеџвик, срамот еднакво и истовремено го дефинира и го брише идентитетот; со нејзините зборови: срамот го „постила прагот меѓу интроверзијата и екстроверзијата“. Понатаму, срамот ја конструира специфичноста и изолацијата на нечиј идентитет преку афектна поврзаност со засрамувањето друг: „Најчудната одлика на срамот (а сепак теоретски најзначајната според мене) е како лошото однесување кон некого, лошото однесување од некого, нечија друга засраменост, стигма, слабост, обвинување или болка, што навидум нема никаква поврзаност со мене, толку лесно ме преплавува – под претпоставка дека сум личност склона на срам – со чувство чиј наплив ги испишува моите специфични, индивидуални црти на најизолирачкиот начин што може да се замисли“.

Би сакал да го појаснам овој дел бидејќи навлегува, според моето мислење, во срцевината на работите. Во чинот на примањето на срамот кој, во суштина, му припаѓа на некој друг, истовремено ја чувствувам мојата целосна одвоеност, дури и од личноста на која првично ѝ припаѓал срамот. Сам сум со мојот срам, единствен во мојата подложност кон чинот на засрамување, бидејќи оваа стигма сега ми припаѓа мене и само мене. Така, мојот срам е преземен *наместо* срамот на другиот. Со преземањето на срамот, немам удел во идентитетот на другиот. Единствено се идентификувам со *ранливоста* на другиот да биде засрамен. Најзначајно е што при процесот се зачувува разликата на другиот; не се поистоветува како моја. Со преземањето, односно со апсорбирањето на неговиот или нејзиниот срам, не се обидувам да ја совладам неговата или нејзината другост. Се ставам на местото на другиот единствено доколку препознам дека сум подложен на неговиот,

односно нејзиниот срам.

Но кој е подложен на срам? Одговорот, за Сеџвик, во одредена доза е неопходно тавтолошки. Личност склона на срам е личноста која била засрамена. Сеџвик ја асоцира подложноста на срамот со „застрашувачката немоќ на родово противречното или поинаку стигматизирано детство“. Одовде следува, доколку „настраноста е политички потентен поим... се должи на тоа што, далеку од фактот дека може да се оддели од сцената на срамот во детството, се припојува кон таа сцена како речиси неисцрплив извор на трансформативна енергија“.

Перформативот функционира и театрално и етички во оваа моќ на трансформација. Како што срамот е и продуктивен и корозивен за настраниот идентитет, точка на промена меѓу трема пред настап и присуството на сцена, бидување незабележлив и бидување дива, исто толку е и продуктивен и корозивен за настрана ревалоризацијата на достоинството и вредноста.

Во својата книга за протерувањето на сексот од современата квир политика, „Проблемот со нормалното“, Мајкл Ворнер тврди дека е неопходно „да се утврди етички одговор на проблемот со срамот“. „Тешкото прашање не е: како да се ослободиме од сексуалниот срам?“ пишува Ворнер. „Прашањето е: што да правиме со сопствениот срам? Вообичаениот одговор е: префрли го на некој друг.“[xxv]

Како функционира ова, перформативно? Сеџвик објаснува: „Отсутноста на конкретен глагол во фразата *Срамота* (*Shame on you*) го бележи местото во кое Јас, при преносот на срамот, се избришало себеси и сопственото дејствување. Секако, желбата да се избришеш себеси е основното својство на срамот. Следствено, самото граматичко скратување во *Срамота* ја одбележува фразата како производ на историја од која Јас, сега повлечено, *проектира* срам – кон друго Јас, одложено Јас, кое со тешкотија треба да се роди, ако воопшто се случи тоа, на местото на засрамената втора личност“.

Со фразата *Срам да ти е*, односно, ***Срамота*** се пренесува срам на некој друг кој е истовремено и сопствен, но и се одрекува како сопствен. Но кај веќе засрамените, оние склони на срам, срамот не се губи толку лесно, односно не се проектира толку лесно: тој опстојува како сопствен. На тој начин му се доделува

способност да артикулира колективи на засрамените. Ворнер објаснува:

„ Односот со другите, во ваквите контексти, почнува со согледувањето на сè што е презрено и недостојно во себеси. Срамот е темелот. Настраните понекогаш може да се погани и непријатни еден со друг, да се навредуваат, но бидејќи абјектноста е заедничка за сите, тие исто така со ваквото другарување искажуваат трогателна и неочекувана форма на широкоградост. Никој не е исклучен од истата, не затоа што се гордее себеси со широкоградост, туку бидејќи не се гордее со ништо. Правилото е: помири се со себеси. Стави перика пред да судиш. Ќе заклучиш дека најмногу се учи од луѓето кои ги сметаш за недостојни. Во најдобар случај, ваквата етика оди против секаков можен вид на хиерархија. Сцената на настраните претставува *салон на отфрлените* (*salons des refuses*), каде заедничкото искуство да се биде презрен и отфрлен во светот на норми, кои сега ги согледуваме како лажен морал, придонесува да се зближи најхетерогената група на луѓе“.[xxvi]

За жал, современата политика на геј и лезбиската гордост функционира токму на спротивниот начин: повикува на видливост заснована на хомогеност од која се исклучува секој што не се приспособува на нормите кои го сочинуваат моралот среќно прифатен како товар на нашата таканаречена зрелост. На тој начин, срамот се согледува како конвенционално недостоинство наместо како афектен супстрат неопходен за трансформација на нечија особеност во еден вид настрано достоинство. Затоа културата на настраните на 1960-тите години, видлива во филмовите на Ворхол, е толку неопходна како потсетник за она што треба да го знаеме.

***

Да се вратиме на посрамотувањето на Марио Монтез во *Пробно снимање бр. 2*. Како што веќе спомнав во есејот за *Пушење*, намерата ми беше да го оспорам клишето, според кое

Ворхоловата филмска визија се подразбира како воајеризам. Веќе спомнав дека формалните одлики во неговите филмови, секако, одредени формални одлики во одредени филмови, имаат цел да го оневозможат сознанието за лицата претставени во нив. Ворхол најде начин луѓето од неговиот свет да ги направи видливи за нас без притоа да ги претвори во предмет на нашето знаење. Знаењето за светот претставен во неговите филмови не е знаење на другиот за себе. Напротив, кога го гледам, да речеме, Марио Монтез во *Пробно снимање бр. 2*, гледам изведувач во момент на изложеност, при што, со зборовите на Ворхол, тој станува „реален“. Но за разлика од Ворхол, не ја напуштаме просторијата (сигурен сум ниту Ворхол). Напротив, остануваме таму со нашиот немир: а сепак што претставува тој? Од една страна, тој е нашата средба со апсолутната разлика на другиот, негова или нејзина „засебна реалност“, а од друга страна, со срамот на другиот, срамот кој ја измамува неговата или нејзината „засебна реалност“ од веќе „реалниот“ перформатив на изведувачите на Ворхол и срамот кој го прифаќаме како наш, и само наш. Така јас не сум „како“ Марио, но особеноста разоткриена во Марио ме напаѓа, „ме преплавува“, со зборовите на Сеџвик, и истовремено се открива мојата сопствена особеност. Јас, исто така, се чувствувам изложен.

Тавел, брилијантниот сценарист на бесмисленото, брилијантен во исмевање,[xxvii] го нуди токму она што го бара Ворхол. „Уживав во работата со него“, пишува Ворхол, „затоа што тој веднаш сфаќаше на што мислам кога ќе речев, на пример, дека сакам да биде едноставно, пластично и бело“. Луѓето не размислуваат на апстрактен начин, но Рони размислуваше.[xxviii]

Тавел возвраќа на комплиментот:

„Салата за операција во која нè воведува и во која првин разгневено се чувствуваме како пациентот, одеднаш се претвора во вистински, традиционален театар: како и секогаш, ние сме публиката која внимателно гледа, засмеана, па стаписана, критички настроена откако ѝ здодеало. Исто така, растревожена. ’Деструктивниот‘ уметник повторно се докажува како пророк и од сопствениот живот создава сензационален викот додека притоа

ја одржува маскираната дистанца на смеа и презир. Кротко излегува од магацин полн со кутии сапун (кутии Брило – Brillo boxes, изложени во 1964 година од страна на Ворхол), откако претходно ја искажал својата мрачна визија, социјален уметник каков што би посакал секој душман од 1930-тите години“.[xxix]

Во есејот „Дневникот на бананата: приказна за блудницата на Енди Ворхол“, Тавел продолжува:

„Новата американска кинематографија не ја стави маската, напротив, ја тргна. Таа во целост мириса на *Cinema Verité*. Душите на суштествата кои ги гледаме пред нас се зголемени до тој степен што се дрекнуваат од ликот кој го глумат и ѝ намигнуваат на камерата; во следниот момент ќе ни мавнат. Тоа што нивните души се проколнати, што значи и нашите души се проколнати, предизвика обвинувања на бруталност и садизам против движењето. Сепак, кој, меѓу нас, во животот успеал да избега од комплексот на хаосот садо-мазо или си го нашол патот во небрутално удопство?“[xxx]

Одовде е јасно дека целта на Тавел во *Пробно снимање бр. 2* е да го изнуди од Марио токму она што го гледаме: неговата неодолива, прекрасна ранливост.[xxxi] Во моментите на најголем срам јасно му ја гледаме душата, зголемена пред нас, како и кога стануваме свесни, болно свесни за неговиот срам, со зборовите на Сеџвик, како за блазон[xxxii]. Блазонот, кој го делиме, го објавува новиот слоган на квир политиката: Срамота!

Превод од англиски:
Јулија Мицова

i Eve Kosofsky Sedgwick, „Queer Performativity, Warhol’s Shyness, Warhol’s Whiteness“, во *Pop Out: Queer Warhol*, ed. Jennifer Doyle, Jonathan Flatley, José Esteban Munoz (Durham: Duke University Press, 1996), 135.

ii Ворхол ги повлече од циркулација неговите филмови на почетокот од 1970-тите години. Откако во 1982 година му дозволи на Музејот на американската уметност „Витни“ да ги истражува и да ги презентира, музејот ги прикажуваше во серии, првата во 1988 година, а

втората во 1994 година. Види: *The Films of Andy Warhol: An Introduction* (New York: Whitney Museum of American Art, 1988) и Callie Angell, *The Films of Andy Warhol: Part II* (New York: Whitney Museum of American Art, 1994). „Пробно снимање бр. 2“ (*Screen Test no. 2*) обработен во есејот, беше обновен во 1995 година, а беше прикажан во 1998 година.

iii Дел од причините за потребата од проект од ваков вид се разработени во „Getting the Warhol We Deserve“, *Social Text 59* (summer 1999): 49-66.

iv Eve Kosofsky Sedgwick, *Epistemology of the Closet* (Berkeley: University of California Press, 1990), 23.

v Andy Warhol and Pat Hackett, *Popism: The Warhol Sixties* (New York: Harcourt Brace, 1980), 181.

vi Исто, 91. Хеди Ламар беше озлогласена по нејзината спорност. Бидејќи филмот на Ворхол, со сценарио од Роналд Тавел, беше инспириран од вистински инцидент во 1966 година, кога Ламар беше обвинета за крадење во продавница (обвинение од кое подоцна беше ослободена), насловот се менуваше. Ламар беше барем уште двапати обвинета за крадење во продавница.

vii Од англискиот збор „drag“ - носење облека од „спротивниот“ пол при настапи на сцена во која се нагласуваат женствените (*drag queen*) или мажествените карактеристики (*drag king*). (Заб. на прев.)

viii Warhol and Hackett, *Popism*, 91.

ix Исто, стр. 124.

x *Andy Warhol's Exposures* (New York: Andy Warhol Books/Grosset & Dunlap, 1979).

xi Stefan Brecht, *Queer Theatre* (New York: Methuen, 1986), стр. 113-114. Од сите суперзвезди на Ворхол, Марио Монтез беше исклучок со тоа што тој не му се умилкуваше; напротив, се однесуваше сосема спротивно. За изложувањето на Монтез во *Пробно снимање бр. 2*, Грегори Баткок вели дека е „самоизложување“: „Марио Монтез се покажува во најдобро светло бидејќи се изложува целосно во новото откровение на јазот меѓу глумата и искуството. Всушност, јазот е затворен, искуството не може да се издвои од глумата и прашањето дали Марио глуми или не ѝ се препушта на публиката“ (Battcock, „Notes on 'Screen Test': A Film by Andy Warhol“, *Film Culture 38* (fall 1965): 62).

xii Во 1965 година, Тавел работеше како официјален драматург на Ворхол. Со исклучок на Блудница и Пијан (*Drunk*), тој го напиша сценариото за првите звучни филмови на Ворхол: *Пробно снимање бр. 1*, *Пробно снимање бр. 2*, *Животот на Хуанита Кастро* (*Life of Juanita Castro*), *Винил* (*Vinyl*), *Самоубиство* (*Suicide*), *Коњ* (*Horse*), *Кучка* (*Bitch*), *Кујна* (*Kitchen*). *Сценаријата за Ворхол*, режирани од Џон Вакаро во 1965-1967 година, исто така беа првите претстави одиграни во *Театарот на исмевањето* (Brecht, *Queer Theatre*, стр. 107; исто така, види фуснота на стр. 29).

xiii За Блудница немаше сценарио. Тонскиот запис се состои од разговор зад камера

импровизиран на самото место од страна на Тавел, Били Нејм и Хери Фејнлајт. Разговорот е репродуциран во *Дневникот на бананата* (приказната за *Блудница* на Енди Ворхол) на Роналд Тавел, *Film Culture 40* (spring 1966): стр. 43-66.

xiv Види: *Wait for Me at the Bottom of the Pool: The Writings of Jack Smith*, ed. J. Hoberman and Edward Leffingwell (New York: High Risk Books, 1997), стр.25-35. Првично издаден во *Film Culture 27* (winter 1962-3).

xv „Филмовите на Ворхол ја обработуваат темата за неспособноста да се глуми и како сосема случајно тоа сепак може да создаде ѕвезда“ (Matthew Tinkcom, *Working Like a Homosexual: Camp, Capital, Cinema* (Duram: Duke University Press, 2002), стр. 89.

xvi Овој момент во *Пробно снимање бр. 2* покажува дека сцената, што е ремек-дело во *Ѓубре* (*Trash*) на Пол Морисеј - како мастурбира Холи Вудлоун со шише од кока кола – е преземена идеја на Тавел. И покрај тоа што за Морисеј наводно првите филмови на Ворхол беа хедонистички, здодевни и претенциозни, голем дел од нив употреби во сопствените филмови.

xvii Warhol and Hackett, *Popism*, 91. Овде, Ворхол го парафразира интервјуто со Марио Монтез за „Филмска култура“, во кое тој одговара на прашањето: „Мислиш ли дека Бог ти е лут?“ „Знам дека веројатно е лут за тоа што го правам... но доколку не сака да го правам тоа ќе ме покосеше. Одвреме-навреме ме загрижува тоа... но не толку често“ (Gary McColgen, „The Superstar: An interview with Mario Montez“, *Film Culture 45* (summer 1967: 18).

xviii Види ја брилјантната анализа на Стивен Коч на секвенцата во *Девојките од Челси* во *Stargazer: The Life, World, and Films of Andy Warhol*, ревидирана едиција (New York: Marion Boyars, 1991), 94-97.

xix Warhol and Hackett, *Popism*, 181. Ворхол пишува: „Ондин ја удри 'Пепер'“, затоа што ја побркал Анџелина „Пепер„ Дејвис со Рона Пејџ.

xx *Edie: American Girl*, ed. Jean Stein, with George Plimpton (New York: Grove Press, 1994), 242.

xxi „Stonewall, Then and Now“, *New York Times*, June 29, 1999, A18.

xxii Од англискиот збор „camp“, со преносно значење вид хумор привлечен заради својата дрскост и исмевање. (Заб. на прев.)

xxiii Eve Kosofsky Sedgwick, *Queer Performativity: Henry James's The Art of the Novel*, *GLQ 1*, no.1 (1993): 1-16. Цитатите од Сеџвик што следуваат во ова поглавје се преземени од овој есеј.

xxiv Сеџвик пишува: „Читателите кои го следат неодамнешниот брз подем на срамот во сегашниот статус на домаќинка-мегазвезда во одделот за самопомош и масовна психологија... веројатно се чувствуваат малку непријатно. Така се чувствуваат и читателите навикнати да читаат за срамот во неоконзервативната рамка која грижливо го чува срамот заедно со вината, како дополнение на репресијата и како спроведувач на соодветното однесување. Начинот што го предлагам за тоа како да се разбере срамот,

распространетото морално вреднување на овој моќен афект како добар и лош, да се наметне или да се практикува, во зависност од тоа како ќе се внесе на значенската оска на забрана/дозвола/барање, очигледно не е релевантен“ (исто, стр. 6).

xxv Michael Warner, *The Trouble with Normal: Sex, Politics, and the Ethics of Queer Life* (New York: Free Press, 1999), 3.

xxvi Исто, стр. 35-36.

xxvii „Универзалното понижување на ликовите во овој (исмевачки квир) театар носи одредена доза злоба, па дури и суровост, затоа што е апсолутно: жртвите не го задржуваат ниту основното достоинство, немаат никаква светла точка. Не постојат достојни или невини мотиви на скриена рационална доза на сериозност кои ќе нè успокојат. Ликовите не се будалести, ниту, пак, наликуваат на кловнови. Тие се будали и кловнови. Не се ни толку смешни. Одредени сцени со кловнови, шеги и пародии кои навидум се чинат забавни, загрижуваат со импликациите на длабока апсурдност. Одредени значајни, често развлечени дејства претставуваат конкретно и формално сурово понижување: поробувањето на Бајазит во *(Кога) Кралиците (се судираат)/го освојуваат (универзумот)*, комплетното дејство во *Пробно снимање*, соблекувањето на Леди Годива (според Џон Вокаро) во *Леди Годива*, повторното образување на Виктор во *Винил*. Понижувањето го приближува ваквиот театар до театарот на ужасното. За да учествуваш во забавата треба да бидеш издржлив“ (*Brecht, Queer Theater*, p. 36). Сценаријата за филмовите на Ворхол *Пробно снимање* и *Винил*, напишани од страна на Тавел, беа играни како претстави од Театарот на исмевањето.

xxviii Warhol and Hackett, Popism, 91.

xxix Tavel, „The Banana Diary“, 51.

xxx Исто, стр. 56.

xxxi „Марио, кој се појавува во *Девојките од Челси*, *Распламтени суштества* (*Flaming Creatures*) и барем во 10 други андерграунд филмови, во себе носи боженственост која ниту една друга холивудска дива ја нема постигнато. Со тој вечно женствен гест на туркање на косата од неговата/нејзината распарталавена перика од образот со дебел слој руменило додека од длабочината на неговите/нејзините огромни црни очи се излива болна нежност исполнета со разбирање, тој/таа проектира визија на андрогина загадочност, поглед во мистичноста, блажен спој на сите спротивности“ (Rosalyn Regelson, „Where are ’The Chelsea Girls‘ Taking Us?“ *New York Times*, September 24, 1967).

xxxii Од францускиот „blazon“, со буквално значење штит и преносно значење опис или читање хералдички грб. (Заб. на прев.)

ШТО САКААТ ГЕЈ МАЖИТЕ?

Дејвид М. Халперин[1]

Како можеме да размислуваме за машкиот геј субјективитет, заедно со неговите нечисти димензии, без да бидеме обвинети за патологија или агресивно да се браниме против таквото обвинување (тврдејќи, на пример, дека хомосексуалноста е добра)? Како да започнеме да размислуваме за геј субјективитетот преку неговиот јазик? Да се вратиме на Ворнеровата невкусна вистина и да ѝ пристапиме уште еднаш, овојпат со помалку страст и повеќе устроени за објаснување.

Абјектноста, рече Ворнер, е нашата валкана тајна. Да претпоставиме, за потребите на расправава, дека Ворнер е во право. Тогаш што? Дали прифаќањето на централното место на абјектноста во вообличувањето на машкиот геј субјект вклучува еднакво централно место и за психоанализата како привилегиран модус за хомосексуалното себепреиспитување? Само психоанализата ли може да ни ја открие невкусната, но неизбежна вистина за машкиот геј субјективитет? Дали ништо друго освен психоанализата не може да ни овозможи да се соочиме со нашите антисоцијални импулси и така да нè спаси од себеси? Па, тоа зависи од тоа како ја сфаќаме „абјектноста“.

Во *Силите на ужасот*, нејзината долга расправа од 1980. година, Јулија Кристева навистина зборуваше за абјектноста како за психоаналитички идиом, иако ја истражи и преку антропологијата, религијата и книжевноста. За Кристева, абјектноста е некој вид поделба или криза на себноста, во која од себе насилно се

1 Текстот е петто поглавје од книгата *What Do Gay Men Want?: An Essay on Sex, Risk, and Subjectivity*, од David M. Halperin (11622) (Ann Arbor: The University of Michigan Press, 2007). Copyrights © 2007 од David M. Halperin. Сите права ги задржува издавачот. Му благодарам на проф. Халперин за поддршката и помошта во подготовката на ова издание.

исфрла нешто што е во толкава мера дел од таа себност што ослободувањето од него никогаш не е можно. Абјектноста е екстремен облик на дисидентификација. Абјектот не е ни субјект, ниту објект, туку нешто по себе за што се чувствува ужас и одбојност, како да е нешто нечисто, валкано, труло, одвратно, расипано, развратно – такво, што каков било контакт со него станува контаминирачки, грозен, расипувачки. Трупови, на пример, или измет; за Кристева,често и мајчинското тело.i Или хомосексуалната желба.

Кристева никаде не ја спомнува хомосексуалноста; таа дури никаде не алудира на неа. Но всушност, пристапот на Кристева – што е на прво место феноменолошки, или дескриптивен, а не психоаналитички – може да се прошири врз хомосексуалноста (иако, за разлика од многу нешта кои ни се абјектни, според примерите кои ги наведува Кристева, хомосексуалноста не е материјална супстанција). Геј мажите, конечно, се „абјектирани“ , во смислата на Кристева, од хетеросексуалното општество. Попрецизно, самата хомосексуалност може да биде вечен извор на абјектност за некои геј мажи, извор на ужас и одбојност, бидејќи е универзално омразена, прогласена за абнормална и изопачена, па некои геј мажи тие осуди уште од младоста си ги земаат при срце. Навистина, и самото препознавање на себеси како именуван, опишан или сумиран со клиничкиот термин *хомосексуалец* (*педер* или *изопачeник*) значи, истиот миг, доаѓање до самосвест и сфаќање на општествената осуда.ii Оттаму, абјектноста има особено прецизно и силно значење за геј мажите како и за другите презрени општествени групи кои имаат изразито, или интимно искуство за нејзините социјални операции.

Геј субјективитетот е поделен однатре, вообличен од стигмата, од отфлањето од другите – особено од оние посакуваните – и од себеси. Самите наши љубови и задоволства се конституираат во однос на оние делови од нас кои се причина за непоправлив срам во начинот на кој општествено ги доживуваме. Во ерата на геј паради на гордоста, таквиот срам е уште еден повод за уште поголем срам. На тоа мислеше Ворен кога на абјектноста упати како на наша „валкана тајна“. Тој зборуваше за нашето чувство на длабока внатрешна безвредност, на кое парадите на гордост

понекогаш можат да се надоврзат и да го засилат.

Меѓутоа, дури и вака објаснета, абјектноста не потекнува од психолошки причини. Таа е последица на колективната осуда на општеството против нас. Нејзините облици не се појавувања на несвесен инстинкт туку на општествена смрт – на анихилирачко искуство на исклученост од светот на пристојните луѓе. Абјектноста е ефект на играта на социјална моќ. Таа го опишува обликот на односи што геј мажите ги имаат со нивниот свет. Тие односи го структурираат субјективниот живот на хомосексуалноста; во таа смисла, можат да се опишат во термините на социјалната психологија. Но, наместо да ги претставува ефектите на битката меѓу хомосексуалниот субјект и општествениот свет на еднонасочен, статички начин – како психолошка штета, како нанесување психолошка рана – концептот на абјектност поскоро претставува битка за значење. Абјектноста не е нормативен поим, ниту е индекс на психолошко здравје, туку начин на кој се замислуваат и осмислуваат општествените односи и нивните субјективни појавувања.

Оттаму, абјектноста не претставува клучен концепт во делата на Фројд или на Лакан (иако Лакан барем ја спомнува дузина пати во неговите објавени списи и семинари, најчесто за да ги огова-ра другите психоаналитичари со кои не се согласува – офрлувајќи ги, презриво, како „абјектни“).iii Абјектноста не потекнува од психоанализата и малку се потпира врз неа. Меѓутоа, може да се пофали со беспрекорно педигре во француската мисла, многу пред Кристева. Но тоа педигре не е психоаналитичко. Тоа е квир.

Традицијата на квир мислата не претставува само алтернатива на психоанализата. Таа исто така нуди убедлив, домашен модел на геј субјективитетот кој не е психолошки или психоаналитички. Дотолку поголема е причина настраните луѓе да ја земат сериозно пред да поитаат абјектноста да ја концептуализираат во психоаналитички термини.

Абјектноста оди назад од Кристева до егзистенцијалистичкиот филозоф Жан-Пол Сартр. Во 1952 година, иако самиот отворено хетеросексуален, тој штедро и темелно се осврна на темата на геј абјектноста во неговиот вовед во собраните дела на Жан Жене

насловен како *Свети Жене*, кој броеше седумстотини страници и кој тој им го посвети на серија размислувања за општествениот феномен на хомосексуалноста и криминалот.[iv] Оттаму, абјектноста може да се следи назад до самиот Жене, кој повремено го користел зборот во раните дела, почнувајќи со неговиот прв роман *Богородица од цвеќе* од 1942 година, пред да го претвори во лајтмотив во *Дневникот на крадецот*, неговите мемоари од 1948 година. Самиот Жене веројатно го зел поимот абјектност од делата на неговиот познаник Марсел Жуандо, извонредно плоден, насилно антисемитски, десничарски католички писател, кој исто така бил геј маж и кој изгледа дека терминот го извел од христијанската духовност. За Жуандо, хомосексуалноста служела како средство да се искуси, во извртена имитација на Христос, презирот на светот. Жуандо ги попишал општествените премрежиња на кои хомосексуалната желба го подлегнала во извонредната, влијателна и сега заборавена книга, анонимно објавена во 1939 година и никогаш преведена на англиски јазик, насловена како *De l'abjection* („За абјектноста“).[v] Ете каде почнува нашата приказна.

За Жуандо, абјектноста поскоро била општествен, отколку психолошки концепт. Тоа е јасно од првото поглавје „Во присуството на другите“ (*En présence des autres*). Започнува со „Понекогаш сум жртва на неразбирање, на спонтана одбојност од страна на мажите, дури и на непознати, која завршува така што сум потиснат во траен изгон. На некои луѓе моето присуство на оваа земја им е сомнително, а нивниот непријателски однос ме спушта кон мојата Тајна. Но, ништо не ме возвишува толку колку расипништвото“. По околу 150 вакви страници, кои се состојат од фрагментарни приказни за „излегување“, од делчиња изопачена теологија, афоризми, еротски мечти и молитви, доаѓа последното поглавје, насловено како „Пофалба на абјектноста“ (*Éloge de l'abjection*), во кое Жуандо ги прославува преобразувачките, иако и агонизирачки ефекти на општественото понижување. Тој расправа нашироко за „среќата од злоставувањето“, за „откровението“ кое произлегува од „навреди и јавен презир“: „Ти многу веројатно веќе не си личноста која мислеше дека си. Веќе не си личноста што ја знаеше, туку онаа личност што другите луѓе мислеа дека ја знаат, што мислеа дека ја препознаваат како ваква

или онаква личност... Отпрвин се обидуваш да се преправаш дека тоа не е вистина, дека тоа е само маска, театарски костим во кој те преоблекле за да ти се потсмеваат, и сакаш да ја растргнеш таа маска, тој костим, но не – тие толку ти се припиле што она што го растргнуваш сега на парчиња во обид да се ослободиш од него е всушност твоето сопствено лице, твојата сопствена плот и самиот ти“ (161).

Наместо да го свлече тој костим, Жуандо го прифатил. Тој открил „среќа во сето она што ме изолира, што ме ‘абјектира’“ (164). Оваа среќа не е едноставно задоволство во предавањето и себепонижувањето, иако има нешто и од тоа. Поскоро, тоа е нешто што можеме да го наречеме суштинска стратегија за опстанок. Како што вели Жуандо, „Јас сум како некој кого некој друг го фатил за коса и кој, не сакајќи да се откаже од тој изглед, се преправа дека го галат“ (166: *Je suis come un qu'un autre tiendrait par les cheveux et qui, n'en voulant pas avoir l'air, feindrait d'être caressé*). Жуандовата среќа во абјектноста не е нешто планирано, но не е ни нешто што едноставно му се случило. Тоа воопшто не било прашање на намера. Тоа било преобразувачко искуство за кое не се подготвувал, но во кое и покрај тоа учествувал со потресни и неочекувани последици. Ефектот на неговата изопаченост, откри тој, е во тоа што таа го одвела, преку искуството на абјектност, до патека слична на онаа на светоста – иако во обратна насока (165).

Ова беше, исто така, централната тема и на Жене. Конечно, неговата цел беше светоста.[vi] Во Чудото на розата (1943), Жене ја разви позицијата на Жуандо тежнеејќи кон светост која тргнала по патека обратна на вообичаената, светост која се состоела не во вознесување кон небото, туку во „абјектност“ која влече надолу во темнината на криминалот и перверзноста – деградација во буквална, етимолошка смисла на зборот. Сепак, дури и во овој деградиран облик, светоста го остварува истиот ефект како и конвенционалната. Таа му овозможува на поединецот да истапи од обичниот живот, да го надмине општественото. Како што коментираше Сартр, „Светоста во својата суштина е антисоцијална“: таа ја отстранува индивидуата, било тоа добро или зло, од нормалниот човечки поредок“.[vii] Презрениот, како и светецот, веќе не подлежи на вообичаените правила, веќе не е под власт на

режимот на нормалното. Тој избегал, се слизнал од прангите на конвенционалната социјалност преку самата екстремност на неговата деградација и несреќа.

Абјектност било името што Жене ѝ го дал на оваа неволна, извртена светост која, како и секоја светост во неговата концепција, не е избрана, туку е наментната со силата на околностите (моќ што Жене ја идентификувал со онаа на Бог).[viii] Но, тоа што оваа абјектност не е избрана, или планирана, не значи дека не изискува работа или дека абјектниот поединец не придонесува за својата абјектност. Напротив. За Жене, како што забележа Сартр, абјектноста е во „аскеза“, во духовен труд, кој го осветлува патот до светоста.[ix] И, како и светоста, абјектноста е истовремено и маченичество и триумф: воскрева дури и кога понижува. Така, Жене го славел капацитетот на индивидуата да пронајде чудесно спасение во најголемите длабочини на деградацијата. Вистинската природа и функционирањето на овој прекинувач меѓу деградацијата и спасението остануваат таинствени за Жене: тоа е причината што ги претставува како чудесни. Но, како и да дејствувала, абјектноста ѝ дава надеж на можноста да се надмине општественото понижување и да се достигне, со значителна цена за личноста, извртено воздигнување.

Најдобра илустрација за абјектноста во оваа смисла може да се најде во прочуената сцена на крајот од *Чудото на розата*, во која група момчиња од поправниот дом во Метреј мачат едно момче по име Булкаен, принудувајќи го да стои неколку метри од нив со отворена уста, додека сите тие по ред се обидуваат да плукнат во неа (316-20). Самиот Жене не бил сведок на овој ужасен натпревар. Не бил ни во Метреј кога тоа се случувало. Едно друго момче, кое знаело дека Жене е вљубен во Булкаен (и кој и самиот бил вљубен во Жене) злорадо му го пренело настанот на Жене, мислејќи дека тоа ќе унижи Булкаен во неговите очи, претворајќи го во глупав предмет на презир. Но, срамот на Булкаен само го инспирирал Жене да се поистовети со него, да го љуби уште повеќе.

Впечатливо во начинот на кој Жене ги раскажува премрежињата на Булкаен е неговиот модус на нарација. Жене одлучил приказната да ја раскаже во прво лице, од своја гледна точка,

како тој лично да ја доживеал одвратната судбина на Булкаен. Тој сакал да ја повнатрешни абјектноста на Булкаен. Понизноста на тој гест е пропорционална на нејзината грандиозност. Заземајќи го местото на Булкаен, Жене едновремено се понизува и се воспева, од што неверојатниот исход е дека својата жртва може да ја спореди со онаа на Исус Христос. „Како што некои други еднаш на себе ги зедоа гревовите на човештвото, јас врз себе ќе го земам тој огромен ужас што му беше натоварен на Булкаен“ (117). Присвојувањето на позицијата на субјектот на прогонуваното момче, неговата замислено заменување со Булкаен во моментот на неговото општествено поништување, било и етички експеримент и акт на љубов – начин да се тестира дали абјектноста може да биде имагинативно споделена и, ако може, дали споделувањето на абјектноста може да роди еротска солидарност меѓу злоставуваните и отфрлените.

Жене признал дека Булкаен е патетичен – дека „Булкаен е за срамота“ (320). Но тој сакал да му се придружи во самите длабочини на неговиот срам, да ја надмине изолацијата која актот на понижување бил осмислен да му ја наметне на Булкаен и одново да ги прими во замислената заедница на изгнаниците (*notre groupe de réprouvés*: 317).[x] Бидејќи го љубам, треба да го љубам поради тоа, за да не оставам никаква можност за презир или гадење.... Го љубев Булкаен поради неговиот резил“ (315-16).

Љубовта на Жене зела специфична форма во која тој зборува од перспективата на самиот Булкаен за да може одново да го состави и да го оживее субјективното искуство на неговото „погубување“ (317). Тој опишал како „мене“ ми пристапи бандата, како светот околу „мене“ одеднаш се претвори во пекол, во кој „секое дрво, цвеќе, пчелка, синото небо, тревата“ станаа соучесници во „мојот“ ужас и изгледаа како да немаат друг предмет освен „моето“ мачење (317). Тој раскажува како „јас“ неволно ја голтна првата плуканица која слета во „мојата“ уста. Како што мачењето станувало сè посурово, и заменското искуство на поништување на Жене почнува да се витка под неговиот ужасен притисок. „Би требало сосем малку оваа свирепа игра да се преобрази во витешка, таква во која наместо со плуканица, јас би бил покриен со дожд од рози. Ако движењата останат истите, на судбината нема



да ѝ биде голем проблем да промени сè: групата се формира... некои момчиња изведуваат движења на фрлање... не би чинело многу како исход да добиеме среќа... Се молев на Бога малку да ни попушти со Неговите намери, да направи лажно движење, па момчињата веќе да не ме мразат, туку да ме љубат“. Како што се приближува бандата, како што се зголемува нејзината убиствена возбуда, жртвата во својата фантазија достигнува возвишена свеченост: „Веќе не бев прељубник кој треба да биде каменуван, туку предмет на љубовен обред. Посакував уште повеќе да ме плукаат, со уште погуст балган“ (319).

Алхемиското претворање на општественото понижување во еротско-религиозно величење овде не е прашање на психологија, освен во тривијалната смисла дека зазема место во внатрешниот живот на поединецот. Да се каже ова не значи да се настојува на некоја антипсихолошка догма. Значи едноставно да се забележат впечатливите и својствени особини на текстот на Жене – да се понуди негов фактички опис. Жене студиозно избегнува да користи психолошки јазик. Дава жив, потресен приказ на субјективноста на Булкаен, навистина незаборавен, но психолошки празен. Тоа е во голема мерка она што ги прави неговите списи оригинални,



она што се. Жене ни дава слика на субјективитет без психологија.

Ненадејната визија на среќа што кај Жене ја произведува искуството на општествено понижување не е несвесното што изведува некаква траума од детството, ниту е симптом на сексуална изопаченост (дефинирана во психолошки или психоаналитички термини како девијација од здравото фунционирање).[xi] Конечно, барем онака како што фигурира во естетичкиот дизајн на неговиот наратив, траумата за која станува збор дури не ни била на Жене. Му се случила на некој друг, не нему. Далеку од тоа дека образува некој вид индивидуализирачка траума која за последица има единствена психолошка штета, абјектноста ги бележи и ги опишува воопштените ефекти на општественото угнетување, кое во случајот на Жене се состоело од општествените повреди на сексуалноста и класата – операциите на самиот поредок на нормалноста. Тоа е причината што Жене воопшто бил во состојба да го сподели искуството на абјектност на Булкаен. *Аренатa во која се одвива битката не е психата, туку полето на општествената моќ*. Човечкиот субјект е дел од тоа поле.

Воздигнувањето на Жене е одговор на оркестрираните обиди за деградирање од страна на главните општествени струи. Таа изразува егзистенцијален отпор кон искуството на општествена доминираност.[xii] Ако Жене бил во состојба да учествува во абјекцијата на Булкаен, на која дури не ни бил сведок, тоа е затоа што Жене, поради премрежињата на неговата сопствена општествена егзистенција бил запознаен со оние непланирани ефекти кои понижувањето ги произведува во деградираниот поединец – со начините на кои таквото понижување може да стимулира инстинкт на пркос. Во непредвидливот тек на своите напори да го абјектира презрениот, општеството одненадеж ја губи поништувачката моќ над својата жртва; нејзиниот страв и ужас се претворени во отпор, дури во желба. Овој зачеток на чувството на субјективно бегство од прогон, тоа запознавање со можната линија на бегство, е она што генерира чувство на воздигнување. Тоа помалку е прашање на победа над вашите непријатели, а повеќе процес во кој се правите непронајдливи за оние кои би ве уништиле – преку откривање на еротски и духовни средства за преобразување на себеси и промена во самиот акт на предавање и понижување.[xiii]

Тоа е начинот на кој дејствува абјектноста, или начинот на кој Жене замислува дека таа дејствува. Ова е начинот кој кај општествените изгнаници произведува превртена светост. Делото на Жене, иако многу специфично, е вредно за внимателно разгледување бидејќи дава „стандард за утврдување на границите на психоаналитичкото објаснување“, како што умно истакна Сартр.[xiv] Абјектноста, како што ја разбира Жене, опишува динамичен општествен процес кој е конститутивен за субјективноста на геј мажите и за другите инфериорни групи. Абјектноста не им припаѓа единствено на геј мажите, но и не мора за да обезбеди убедливо објаснување за нивното однесување.

Психологијата и психоанализата го отсликале општественото и субјективното искуство на абјектност само оддалеку и во една карикирана форма, на неговото место поставувајќи само еден вид поп-абјектност, наречена мазохизам. Но, да се протолкува абјектноста во психолошки или психоаналитички термини како мазохизам, и оттаму како настраност, би значело да се урнат врските на љубов и солидарност што наративот на Жене ги искова меѓу абјектните. Тоа би значело да се помеша дело на слободата, како што тврдел Сартр, со сведоштва на психопатологијата. „Јазикот на психијатријата“,кажа еднаш Фуко, „е монолог на разумот за лудилото“.[xv] Жене дури не се ни обидел да го прекине монологот. Наместо и наспроти тоа, тој го изумил хомосексуалниот субјект. Односно, создал книжевен дискурс во кој хомосексуалноста зборува и во која субјективниот живот на машката хомосексуалност добива непсихолошко претставување. Геј субјективитет на местото на психолошката наука.[xvi]

Да се толкува како мазохизам одлучноста на Жене својата општествена објектификација да ја преобрази во настран (квир) субјективитет, значи да се оспори можноста таа абјектност да заврши со бегство од прогонството. Под „мазохизам“ овде не реферирам на сексуална практика која се состои во стратегиско користење на болката за да се интензивира еротската сензација, таа да се зголеми до точка на екстаза. Ниту имам на ум комунални, субкултурни идентитети и движења кои себеси се определуваат преку вештината во тие техники која им се заеднички. Поскоро, со „мазохизам“ го денотирам нормативниот психолошки и психијатриски

концепт, кој посочува на сексуално отстапување или перверзија, абнормална или патолошка состојба на индивидуалниот субјект. Разликата меѓу мазохизмот во оваа смисла и абјектноста е во тоа што мазохизмот посочува на нездравото уживање во болка и понижување, додека абјектноста се состои во некој вид неутрализирање на нивните моќи преку превртување на општествените односи на моќ.

Абјектноста не се однесува на преминување на прагот зад кој болката се претвора во задоволство. Не се однесува на уживање во подлегнување на доминација. Далеку од тоа да ја воспева доминацијата, абјектноста достигнува духовно ослободување од неа со тоа што ги прави нереални нејзините понижувачки ефекти – со тоа што ја лишува доминацијата од нејзината способност да го унижи субјектот и, така, да му украде дел од неговата реалност. Како последица на тоа, општественото прогонување губи дел од својата уривачка моќ и го менува своето значење (омразата е преобразена во љубов). Само откако доминацијата била победена со нејзино преозначување, таа може да се преобрази во средство за постигнување блаженство. Жене не ужива во своето страдање: тој е чудесно спасен од него.

Наспроти тоа, мазохизмот, како психолошки нормализирачки концепт, не му ја дозволува на изопачениот онаа можност за спасение што ја опишува Жене. Не прифаќа дека оние кои те повредуваат всушност не можат да ти наштетат; наместо тоа, тој настојува да им се припише реална, незадржлива моќ над тебе, имплицирајќи дека да се биде злоставуван секогаш значи да се биде оштетен и дека да се изведува какво било задоволство од таквото злоставување едноставно значи на извитоперен начин да се ужива во ужасните нешта што ти ги прават.

Психолошкиот концепт на мазохизмот на овој начин ја гради цврстата вера на хетеросексуалната култура во силата на нејзината моќ за прогонување, на нејзината убеденост дека жртвите се навистина уништени кога таа се обидува да ги уништи, и дека нашата повремена способност да се измолкнеме низ мрежата на тие несреќи - со тоа што ќе најдеме извор на воздигање и лична преобразба во посредниот однос кон самото страдање кое би ја предизвикало – не е креативен одговор на општественото

насилство, не е сведоштво за моќта на квир фантазиите, не е можна основа за солидарност на настраните, туку само уште еден знак дека со нас нешто сериозно не е во ред.

Кога хетеросексуалната култура вака дрско настојува на неизбежноста на таа моќ, всушност ја исклучува можноста за нејзино продуктивно пресвртување – и можноста за соодветно еманципирање што ја наоѓаме кај оние подредени поединци кои некако од самата супстанција на понижувањето исковуваат материјал за парадоксално воздигнување.[xvii] Како што вели Жене, во епиграмски збиената метафора: „Мојата гордост се бои кралски од пурпурот на мојот срам“ (*Mon orguel s'est coloré avec la paurpe de ma honte*).[xviii]

Абјектноста подразбира занимавање со самиот процес на понижување, борба со него која понекогаш води во негова преобразување и притоа ги прикажува неочекуваните можности за надминување на унижувањето и ужасот што ги носи. Не само што абјектноста не е идентична со мазохизмот, туку: самата категорија на мазохизмот го претставува оспорувањето – би можело дури да се каже и политичката забрана – на можноста за нешто такво, каква што е абјектноста на Жене.

Самиот збор абјектност не се јавува во делот каде што Жене ја раскажува сцената со плукањето во *Чудото на розата*, само во неговите размислувања за светоста кои непосредно ѝ претходат. За поексплицитна и поиздржана разработка на абјектноста, како што ја разбирал Жене, и за појасно докажување на дистинкцијата меѓу абјектноста и психолошкиот концепт на мазохизмот, мора да се свртиме кон првите страници на *Дневникот на крадецот*, дело кое се состои од долг дијалог меѓу срамот и гордоста.[xix]

Токму овде Жене опишува како искуството на абјектност му се испречило со егзистенцијалната нужност од горко уживање во понижувањето, од негово лудо величење, зашто само на тој начин можел да им се опира на неговите по душата уништувачки ефекти. За разлика од сцената со плукањето во *Чудото на розата*, видот абјектност што го прикажува во првите поглавја на *Дневникот на крадецот* е жестоко безличен: тој произлегува од длабоката беда на социјалната униженост и исклученост, и малку

